СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Дел.бр.106

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на 27-та седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 5 декември 1991 година

Скопје, декември 1991 година

ДИСКУТАНТИ НА II ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 27-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 5.XII.1001 ГОДИНА


1. АМДИ ФАИК – 143
2. АНДОВ СТОЈАН – 6, 93, 94, 100
3. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД – 15, 22, 56
4. АРСОВСКИ БРАНКО – 26
5. АЛИУ ЕШТРЕФ – 46, 86, 94
6. АНАСТАСОВСКИ МИТКО – 47
7. АРСОВ ДРАГИ – 101, 188
8. ГЛИГОРОВ КИРО – 166, 183
9. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧО – 101, 177
10. ДИМОВ ТОДОР – 40
11. ДИМИТРОВ ДИМИТАР – 95
12. ДИМОВСКА ДОСТА – 139
13. ЕФРЕМОВ ЃОРЃИ – 82
14. ЗИБЕРИ НАСЕР – 157
15. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ – 37, 53
16. КОВАЧЕВСКИ НИКОЛА – 159
17. КРСТЕВСКИ НИКОЛА – 83, 85
18. КРСТЕВСКИ ЗОРАН – 89
19. КЉУСЕВ НИКОЛА – 159
20. ЛЕПАВЦЕВ НИКОЛА – 15
21. ЛИЧОСКИ ВЕЦКО – 32, 35
22. МИЛКОВ СТРАШО – 8
23. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН – 44
24. МАТАЛКОВСКИ ФЛОРЕ – 60, 63
25. МИНОВ ПАНЧЕ – 62
26. МИЦЕВСКИ БЛАГОЈА – 63
27. НАУМОВ ЃОРЃИ – 87
28. ПЕТРОВ ТОДОР – 54, 92, 93, 155, 158
29. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 51
30. ПРЕВАЛА ШАБАН – 1
31. РИСТЕВСКИ БЛАЖЕ – 85, 147
32. САБРИУ ИЛИЈАЗ – 64, 73
33. СТОЈКОВ СТОИЛЕ – 60, 186
34. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ –
35. СЕЛМАНИ АСЛАН – 55, 23
36. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ – 42, 158
37. СИМЈАНОВСКИ НАУМ – 12, 24
38. СТАНКОВСКИ РИСТО – 12, 20
39. СТОЈАНОВСКИ НИКОЛА – 29
40. ТОШЕВСКИ БЛАГОЈА – 44
41. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР – 145
42. ХАЛИЛИ МУХАМЕД – 135
43. ХАНЦИСКИ БЛАГОЈ – 38, 84, 87, 187
44. ХАЛИТИ АБДУРАХМАН - 88

СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од второто продолжение на Дваесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 5.XII.1991 година

Седницата продолжи со работа во 10,35 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Пратениците Димитар Поповски, Благоја Чкатровски и Љубосав Иванов, ме известија дека не се во состојба да присуствуваат на седница поради оправдани причини.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството од пратеници и Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на точката 23 - Анализа за економската ефикасност на вложувањето на стопански недоволно развиените краишта во периодот од 1986 до 1990 година, со Информација за состојбите и проблемите во реализацијата на политиката на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта и политиката за развој на определени ридско-планински подрачја и граничниот појас во првата половина од 1991 година.

Анализата, извештаите на Комисијата за стопанство, Комисијата за економска политика и развој, како и Предлогот на заклучокот ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес, молам кој бара збор?

Има збор господинот Шабан Превала, во својство известител на Комисијата.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги. Јас немам намера да го интерпретирам целосно извештајот што веќе е поднесен од страна на Комисијата затоа што сметам дека сте имале прилика да го прочитате, меѓутоа станав да укажам на некои аспекти од расправата, за кои мислам дека се од битно значење и треба да се подвлечат во оваа прилика, со цел да се извлечат решенија кои би биле корисни за натамошното функционирање на фондот и остварувањето на неговата улога и задача.

Ќе подвлечам дека на седницата на Комисијата за економска политика и развој стана збор како за Анализата за економската ефикасност на вложувањата во стопански недоволно развиените краишта во периодот од 1986 до 1990 година, така и за Инфорамцијата за состојбите и проблемите во реализацијата на политиката на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта и политиката за развојот на определените ридско-

планински подрачја и граничниот појас од првата половина на 1991 година.

Истовремено морам да кажам дека на седницата на Комисијата се расправаше и се имаше во предвид и Мислењето на Владата по однос на овие два материјала на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на недоволно развиените подрачја. Притоа општа беше констатацијата дека Информацијата и Анализата ја осликуваат состојбата и проблемите за реализацијата на политиката за побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта и укажува на карактеристиките на остварувањето на таа политика во извештајниот период што секако претставува основа за тоа како треба да се договори стратегијата и политиката за остварување на овој развој во наредниот период.

Во расправата се констатира дека Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта своите задачи и активности во 1991 година ги остварува во сложени услови на стопанисување. Притоа, преку дадените показатели се оцени дека Републичкиот фонд во изминатиот период својата основна функција ја остварил позитивно, за што говорат и изнесените показатели во самата Анализа.

Исто така, во расправата посебно се подвлече дека е потребно да се направат дополнителни напори во изнаоѓањето на средства за завршување на веќе одобрените и започнатите инвестициони програми кои се предвидени да се завршат 1991 година, како и за операционализација на донесените кредитни одлуки. Исто така беше заклучено дека е потребно за веќе изградените објекти кои од непознати причини се наоѓаат под клуч што е можно побрзо да се интервенира за нивно реактивирање. Во таа смисла беше заклучено наскоро група на претставници од Фондот, деловната банка, Стопанската комора на Македонија и од Комисијата за економска политика и развој и Комисијата за стопанство на Собранието на Република Македонија да извршат увид врз овие објекти и сугерираат излезни решенија. Со оглед на фактот што со прекинот на приливот на средствата од Фондот на Федерацијата Републиката нема обезбедено друг дополнителен извор за поддршка на иницијативите на подрачјата во ридско-планинскиот реон и граничниот појас беше сугерирано Републиката да обезбеди друг извор на средства, при што тоа да биде времено од Буџетот на Републиката или од посебниот Републички фонд за развој во вид на позајмица. За сите одобрени инвестиции кои досега не се отпочнати или кои ќе треба да се градат се оцени дека нивното реализирање треба да се преиспита, како од аспект на одразот на стопанската структура, така и од аспект на инвеститорот. Меѓутоа она што е посебно битно и за што јас станав во ова прилика тоа се трите заклучоци што посебно ги подвлече Комисијата и кои ги предлага на Собранието со посебно внимание да ги слушне и ако може да ги прифати, заедно со Анализата и Информацијата.

Прво, беше заклучено и се предлага Собранието на Република Македонија да ја усвои Анализата за економската ефикасност на вложувањата во стопански недоволно развиените краишта во периодот од 1986 до 1990 година со Информацијата за состојбите и проблемите во реализацијата на политиката на побрзиот развој

на стопански недоволно развиените краишта и политиката за развојот на определените ридско-планински подрачја и граничниот појас во првата половина од 1991 година.

Второ, Собранието на Република Македонија да ја задолжи Владата на Република Македонија за обезбедување на дополнителни средства во вид на позајмица, ако не може неповратно, било од Републичкиот буџет или од Републичкиот фонд за развој, со цел довршување на започнатите, се работи за 14 објекти, за чие довршување се потребни некаде одколу 130 до 160 милиони динари, кои се во завршна фаза. Ова е заради тоа што претстојната хиперинфлација се заканува не само за девалвирање на веќе извршените вложувања, туку и натамошно усложнвуање на работата за довршување на овие објекти.

За да се оствари ова во погоните што се затворени, она што веќе на некој начин го кажав и тоа се трансформира во посебен заклучок ќе треба да се реши прашањето на затворените погони.

Конечно има посебен работен заклучок со кој се сугерира Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта што поскоро, а најкасно до расправата по стратегијата за идниот развој на Република Македонија на Комисијата за економска политика и развој да и достави согледување за битните информации за оценката на досегашниот модел за поттикнување на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта.

Во тој контекст да се укаже и на слабостите на досегашниот модел суштински произлезени од т.н. договорна економија, самоуправни спогодби, дисперзирани капацитети, посебни договори и слично.

Врз основа на претресот Комисијата заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија да ја усвои Анализата за економската ефикасност на вложувањата во стопански недоволно развиените краишта во периодот од 1986 до 1990 година заедно со Информацијата и овој извештај.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Дами и господа, ценето претседателство, Анализата за економската ефикасност на вложувањата на стопански недоволно развиените краишта во периодот 1986 до 1990 година е вложено доста труд за изработка на вака добра анализа, но мора да признаеме дека има и недостатоци.

Од средствата на Републичкиот фонд донесени се 369 одлуки, поддржани се 244 развојни програми што се реализирани од 141 инвеститор. Тоа е табелата под број 1 и број 15. Доминираат зафатите од индустријата 80%, земјоделството 9%, угостителството 9% и 2% останатите гранки.

Кога ќе се анализира табелата на страница 5 од добиените кредити за учество на средствата на Републичкиот фонд од 1986 до 1990 година по општини, на пример на општина Тетово одобрени се 44 кредити. Автоматски општината Тетово не треба да биде во неразвиени општини од вакви програми, а да не зборуваме компаративно кога ќе ја земеме општина Тетово и по број на граѓани и како општина која има 44 одобрени кредити, а општината Берово 37. Тука нема никаков коментар.

Кога ќе се анализира прегледот на програмираниот и остварениот рок на изградбата на инвестициите во стопански недоволно развиените подрачја на Република Македонија одобрен преку Стопанска банка - Акционерска банка Скопје, во чие финансираше учествуваат и средствата од РФНП за периодот 1986-1990 година, се добива печаток за недостатокот на квалитетни извори на обртни средства на претпријатијата од областа на приоритетните стопански активности како и тенденцијата на напуштање на политиката на селективното кредитирање со средства од каде се детерминира и поголема контрола. Со цел да се регулираат претварањата на овие средства од Фондот во долгорочни кредити на претпријатијата за трајни обртни средства.

Основен предуслов за намените на средствата за модернизација на производството, за реконструкција на шумски пат или рибарник или за некоја земјоделска задруга за изградба на магацин. Оттука се гледаат напорите кои се прават во насока за промена на стопанската структура како што се наведува во страна 4 на материјалот. Се надевам дека во наредниот период намената на средствата ќе се користат за стварна промена на стопанската структура на Републиката. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Господине Превала вие немате примедба на заклучокот? Кој е за, молам да крене рака? (75 пратеници гласаа за заклучокот).

Молам, дали е некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

По повод усвојувањето на Заклучокот по Анализата за економската ефикасност на вложувањата во стопански недоволно развиените краишта во периодот од 1986 до 1990 година, Комисијата за економска политика и развој му предлага на Собранието да го усвои следниот Работен заклучок.

1. Се задолжува Републичкиот фонд за кредитираше на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта што поскоро, а најкасно до расправата по стратегијата за идниот развој на Република Македонија, на Собранието на Република Македонија да му достави согледување со битни информации за оценка на досегашниот модел за поттикнување на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта. Во тој контекст да укаже на слабостите на досегашниот модел и недостатоците кои произлегуваат од таканаречената договорна економија (самоуправни спогодби, дисперзирани капацитети, посебни договори и сл.).

2. Овој Работен заклучок да се достави до Владата на Република Македонија и до Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (68 пратеници гласаа за).

Дали е некој против? (никој).

Дали некој се воздржа од гласање? (1).

Констатирам дека е усвоен предложениот работен заклучок.

Преминуваме на 24 точка - Информација за состојбите и и проблемите во градежништвото во Републиката.

Информацијата и Извештајот на Комисијата за градежништво и урбанизам Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Страшо Милков.

**СТРАШО МИЛКОВ:**

Читајќи ја пажливо Анализата за работа на градежништвото и анализирајќи ги резултатите за работа на истото во првите шест месеци во 1991 година, се доаѓа до констатација дека осумгодишната немилосрдна агонија на градежниците продолжува. Градежниците продолжуваат со економско исцрпување и веќе отворено се поставува прашање за нивниот опстанок. Дека е ова стварност зборуваат и резултатите од работата на градежниците за првите шест месеци каде во однос на минатогодишното шесмесечје загубата бележи пораст од 26%, а во маса е поголемо од акумулацијата за 4,4 пати и зафаќа 19% од остварениот доход. Ова е уште полошо бидејќи постои најава дека резултатите од второто шестмесечје ќе бидат уште полоши и сигурно е дека кризата уште ќе се продлабочува бидејќи во овој момент не постои можност за одлив на вишокот на работна рака во некоја друга дејност. А од друга страна влеговме во зоната на деинвестирање каде што не само што не се создава многу, туку се јаде и постојното. Сето ова зборува дека градежниците не можат да опстанат сами и по страна и дека им треба помош од друштвото и тоа што побргу затоа што е запрен секој раст на инвестициите. Во Републиката работа нема и се потешко може да се добие на странскиот пазар. Само да потсетам дека спрема податоците од 1990 година учеството на стопанските инвестиции во општествениот производ е 14,4% а вкупната амортизација е 9,8%. Во 1991 година Македонија започна само со 71 нов објект, што е само 7% од вредноста на сите објекти во градба. Значи влеговме длабоко во зона на дезинвестирање, каде што ќе изедеме и она со кое располагаме. Сето тоа зборува дека излезот од оваа состојба ќе биде тежок но неоспорно е дека мора да се најде. Прво, дека градежништвото е дејност со чиј развој се интензивираат токовите во индустријата, прометот, трговијата итн.

Од друга страна е самиот однос према градежништвото и разрешување на дилемата дали да се спаси постојното ткиво во градежништвото или да се прифати негова ликвидација. Меѓутоа,овде императивно се поставува прашањето дали не треба да се спречи најлошото? Дали нема да дојдеме во ситуација да повторно ги ангажираме капацитетите со кои што располагаме. Изведувачи бараме надвор од земјата, или вложуваме нови средства за оживување на оваа гранка, а која претставува битна карика во репродукциониот ланец на целото стопанство. Тоа се всушност теми за кои што треба да се расправа во пошироката заедница, бидејќи се вон опсегот на градежниците. Затоа и сите предупредувања за тешката ситуација на оваа стопанска гранка мора најозбилно да се сфатат и со појачана станбена изградба да се запослат капацитетите во земјата. Меѓутоа сведоци сме дека

во последно време и продажбата на становите, општествените станови е запрена, за што Собранието воопшто не е известено. Бидејќи во овој момент станбената изградба е најреална категорија и со оглед на се потешкиот пласман надвор од земјата, во прв ред во земјите во развој кои поради своите финансиски тешкотии бараат кредити од градежниците сеослонуваат на одложени плаќања  и компезации, а во последно време бараат и запослување на сопствената рака која што ја нудат по многу ефтина цена.

На пазарот во источно-европските земји, особено СССР се нудат заеднички вложувања за што и ние немаме средства, ниту пак поголем интерес. Добра прилика за соработка е се помала и на западно-европскиот пазар, а и оние што се пружаат на градежниците барат голем ризик.

Па според сето тоа произлегува уверувањето дека со излегувањето во странство ќе се запослат: само дел од расположивите капацитети, а работа мора да бараме на домашниот пазар. И тоа како што сега спомнав првин со појачана станбена изградба и подигање на објекти од комунална инфраструктура. За жал и Законот за просторно и урбанистичко планирање, односно прилагодување на амандманите сеуште не е донесен. Дали исклучиво од средства на граѓаните или на некој друг начин треба да се каже затоа што се чека и за тоа и се чини дека е прифатлив заклучокот во Информацијата со која се иницира засновање на градежна  комунална банка за поддршка на градежништвото во Републиката и настап на странските пазари. Се разбира, во рамките на пазарната економија и сознанието дека градежништвото е основна карика за успешен стопански развој. Сепак свесни сте дека некои брзи поместувања нема да се остварат, бидејќи  и во досегашниот развој на градежништвото слабо се вложуваше, ниту пак се создаваат цврсти врски со другите стопански гранки. Затоа треба да се искористат и сите сопствени потенцијали и во земјоделството, малото стопанство, туризмот, посредувањето, менаџерските способности итн. Неоспорно е дека голема активност пружи и реализацијата на проектот Вардарска долина, или Вардарски слив, меѓутоа и за тоа сеуште постојат дилеми кое што сигурно ќе овозможи формирање на мешовити претпријатија, економска соработка, трансферсна технологија, мешовити банки и сл. Затоа, сето вака речено мислам дека неоспорно е надлежните служби во Владата да излезат со проект за развој на градежништвото кој ќе се гледа компаративно со сите други гранки и во кој проект сигурно дека ќе се преточи одредена законска регулатива.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на заклучокот што е содржан во Извештајот на Комисијата за градежништво и урбанизам ѓо ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (78)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека Собранието го усвои Заклучокот.

Минуваме на 25-та точка - Информација за состојбите и проблемите вофункционирањето на железничкиот сообраќај.

Информацијата и извештајот на Комисијата за стопанство ви се доставени. Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на заклучокот што е содржан во Извештајот на Комисијата за стопанство, го ставам на гласање.

Молам, кој е за да крене рака. (72)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Преминуваме на 2б-та точка - Информација за состојбите и проблемите во патниот сообраќај во Републиката.

Информацијата и извештајот на Комисијата за стопанство ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мојата дискусија ќе биде насочена само во реализирање на предлог-заклучоците од Владата и Предлог-заклучоците од Комисијата за стопанство.

Имено, во првиот заклучок и од Комисијата за стопанство и од Предлог-мерките од Владата во крајниот пасос се наведува како предлог на мерка, едвај вклучувајќи ја и трансформацијата на сопственоста на капиталот. Јас сум против овој заклучок да стои, бидејќи ова Собрание вечедонесе заклучок со кој го отфрла Закон за општествениот капитал, со тоа веќе наложено е на Владата да формира нов пристап на овој проблем. Така да нема што во овој момент ние да им наложуваме на стопанските организации и на Владата да се вклучуваат во афирмацијата на сопственоста на капиталот, како и во самата анализа на Владата се наведува за некои субјективни слабости во организираниот настап на пазарот, која состојба е констатирана, а во Предлог-мерките нејзино решение не е дадено. Затоа како 5-а заклучок предлагам да стои, Собранието ја задолжува Владата за преземање на мерки со кои би се надминале неповолните состојби околу организираноста и настапот на пазарот на сообраќајни услуги во Републиката и останатите пазари во земјата и странство.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници во врска со овој материјал, јас најпрво би сакал да изразам благодарност, бидејќи дојде министерот за градежништво, урбанизам, екологија и сообраќај и сега би можело да се дискутира, а инаку незнам можеби е тоа стил на оваа влада, меѓутоа кога се расправа за некои точки обично тие што треба да бидат присутни не се присутни на оваа седница, меѓутоа, еве крајно благодарен што е присутен би сакал само да кажам некои опсервации. Анализата кажува нешто би можела да биде и доста пообемна има што повеќе да се зборува, меѓутоа, за оние што ги познаваат приликите доволно е и ова, можеби требаше да има неколку податоци од прилика барем една анализа зошто и како дојде до поголем број стечаи во поголеми транспортни фирми. Вам ви е познато дека голем број транспортни фирми ќе бидат под

стечај. Од тие причини ќе треба сигурно и додатни мерки. Она што би сакал конкретно да го кажам е тоа дека Македонија во овој момент нема ни едно возило за Европа за 1992 година. Европа има посебни критериуми за возилата и према тоа нашите возила кои што сега ги имаме во Македонија практично ниедно веќе во 1992 година не ќе може да оди во Европа. Од тие причини дури и кога би имале извесна соработка ќе мораме да бараме други транспортери да се вклучат во меѓународниот транспорт. Поради тоа очигледно е дека треба да се преземаат некои мерки и во однос на овие мерки што се овде предложени би дал само еден краток коментар.

Прво, во врска со првата точка каде што стои трансформација на сопственост се поставува прашањето по кој закон бараме брза трансформација, закон немаме. Нека си каже Владата како и на кој начин, не само да предлага.

Второ, во врска со предлог-мерката бр.4 мислам дека сега како што овде е предложено после донесување на новиот Устав би требало да има друг облик во смисла дека сето тоа сега преоѓа во надлежност на Републиката и према тоа би морало Републиката и тоа што поитно да ги преземе овие мерки, односно да ги ослободи превозниците од увозната царина на транспортни возила при што сепак мислам дека треба да се води сметка кои се тоа транспортери што се вклучени во мегународниот транспорт, бидејќи сведоци сме често има злоупотреби кога некојпат ќе се дозволи нешто, па после се наоѓаат илјаду и еден начин на злоупотреба. Дали тоа би важело генерално за сите кои што имаат намера да набават возила или само за оние фирми кои навистина се транспортни фирми, се занимаваат со меѓународен транспорт. Заради тоа би требало да биде допрецизиран овој член и она што исто така би сакал да биде дополнето, да се интензивира инспекциската активност бидејќи се присутни голем број на диви превозници, поготово на патниот сообраќај имаме полно превозници кои што возат на нерегистрирани линии, посебно во меѓународниот транспоорт на патници, па према тоа би требало тука да се преземат поригорозни мерки, да не се случува тоа што ни се случува.

Во врска со точка 3 незнам сега како ќе биде организиран набавката на дозволите, дали пак преку сојузната влада или некоја друга форма, меѓутоа треба под итно да се интензивира сите активности околу добивање на дозволи на меѓународен транспорт инаку повторно возилата ќе ни останат на оној терен што мислам дека Македонија е премала да обезбеди доволно работа за сите возила што ги имаат транспортните организации. Од прилика тоа би било што би се залагал да влезе во овие мерки како дополнување на ова што беше дадено и се надевам дека со едни вакви мерки ќе придонесеме и нашиот патен транспорт да се вклучи она што значи Европа 1992.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, во нформацијата има нешто речено во врска со направените измени и дополнувања на Законот за патниот сообраќај во месец јуни оваа година како интервенција. Посебно ми е прашањето кога станува збор за приградскиот и градскиот сообраќај. Овде малку гледаме решенија, а не ретко весниците ни се полни со такви прашања. Со оглед на тоа дека не најдов одговор во Информацијата за ова

прашање и со оглед на тоа што доста реакции има за ова прашање има, од страна на оние кои што се бават со овој предлог, па и во мојата општина такви случаи има, молам нешто да се каже за ова прашање како мисли Владата да го реши овој проблем, бидејќи овие решенија кои се сега дадени, кои се во сила не задоволуваат. Во врска со тоа би рекол дека треба нешто да има и во предлог-мерките да има. Што станува со приватниот превоз во приградскиот и градскиот сообраќај. Дали тој и натаму вака ќе се третира како што се третира сега или некои понови решенија кои ќе бидат позадоволителни и за приватниците.

**АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦЕВ:**

Почитувани пратеници, имавте прилика да ја прочитате и анализирате таа информација, овдека беа изнесени одредени забелешки на предлог-мерките, односно оваа точка 4 што отпага, би ве молел да ја избришете, бидејќи таа манипулација која што беше направена во СИС во овие тарифни броеви за увоз на возила, мислев дека тоа се камиони а излезе нешто друго и т.н. Ние на време реагиравме за проверка на тарифниот број меѓутоа, во законот се отпечати друго дали е тоа манипулација или не тоа на нас не ни е познато по овој проблем бидејќи требаше да се издвојуваат одредени инвестиции за тие возила ние сме на линија сепак со оние тела кои што постојат во Сојузниот секретаријат за сообраќај и врски. Вие знаете дека Сојузниот министер ја даде својата оставка и се врати во Словенија. Друго сакам да кажам. Нешто за тие врски околу федерацијата, Република, надлежност и т.н. Сообраќајот претставува една таква спона која што неможе да биде така лесно пресечена, ниту може да биде пресечена и покрај постоењето на граници и пасошки контроли и т.н. Тоа е еден податок кој што ги сврзува разни стопанства и дека ви е многу добро познато дека во цената на секој производ цирка 20% учествуваат и транспортните трошоци. Према тоа, тоа е голема ставка во стопанството. Тие контакти, и понатаму ќе ги одржувате со онаа служба која што ќе биде на ниво дали ќе биде тоа сојузно или некоја комисија на сите влади на бившите републики во федерацијата, но во секој случај едно координационо биро секако ќе биде оформено. Затоа што проблемите на сообраќајот, не само патничкиот, железничкиот водениот и воздушниот сообраќај се премногу интегрирани и неможат да бидат наеднаш раскинати. Не се одвива само во таа бивша структура бившата држава туку се одвива и во континентално и интерконтинентално.

Според тоа, постојат одредени конвенции итн, тоа е доста сложен комплекс и за таа работа за месец дена веројатно ќе направиме една нова информација за да ве запознаеме со оваа многу важна материја за да имате увид во неа и нашите ставови во врска со тоа кои треба од вас да бидат верифицирани, затоа што ќе бидат како тематски содржини, како една филозофија поставени во предлог-законите кои потоа овој Парламент треба да ги донесе. Сега само толку би кажал по ова прашање кое воопшто не е третирано во овој извештај, но да знаете што не чека во областа на сообраќајот.

Забелешката на точката 1 околу процесот на прилагодување во настанатите услови на стопанисување и условите на транспортниот пазар, вклучувајќи ја и трансформацијата на

сопственоста на капиталот, беше прашано по кој закон тоа ќе се врши. Тоа ќе се врши секако по оној закон кој се очекува скоро Владата да го донесе, меѓутоа, јас да ви кажам дека тука веќе има практични линии и веќе таа приватизација ние ја вршиме. На кој начин? На тој начин што во одредени фирми, одредени возила се даваат преку нивните работнички совети, значи таа структура, на лицитација итн. и возниот парк се приватизира. Тука има и одредени темни работи што се случуваат, но тоа е покрај општествен проблем, во секој случај проблем на тие претпријатија.

Понатаму, зошто има голем број на стечајни постапки на транспортните фирми. Одговорот е многу прост, со оглед на тоа што оваа Република располага со голем број транспортни капацитети, а од друга страна има намалена понуда за користењето на тие транспортни капацитети. Значи, во услови на една конкуренција каде што имаме предимензионирани капацитети цената на превозната услуга паѓа, претпријатијата се доведуваат во една незавидна економска ситуација и нормално е оние кои ја немаат таа економска моќ да паднат под стечај. Меѓутоа, покрај тие внатрешни проблеми во врска со користењето на транспортните капацитети, постојат и некои објективно условени фактори кои влијаат, кои се независни од нормалното ниво на пазарот, некои надворешни фактори, а тоа е војната во Југославија, пред тоа војната во Заливот, намалувањето на циклусот на економската репродукција во глобала, во која што транспортот учествува во голема мерка. Според тоа, значи постојат два вида фактори, внатрешни и надворешни, кои се во една спрега што дава една негативна компонента и од таму имаме стечај на транспортните фирми.

Во врска со тоа што ние немаме возила за 1992 година, тоа е апсолутно точно. Може да настане една голема катастрофа во врска со нашата транспортна понуда, затоа што нашиот возен парк по структура и по својата морална застареност, значи покрај физичката застареност, моралната застареност и структурата на транспортните единици се доаѓа до една позиција што после 1992 година сходно на еколошките барања што ги бараат земјите на ЕЕЗ нашата стока може да си остане на нашите граници и ние како Министерство преку одредени дописи, разговори со транспортерите и преку асоцијацијата на транспортерите постојано тоа го потенцираме, меѓутоа слабо фајде од таа работа. Тука се потребни одредени нови инвестиции за модулираше на моторите и купување на нови транспортни единици, сходно најновите барања на ЕЕЗ визави пенетрирањето на нашите транспортни капацитети во земјите на Европа. Тука се потребни големи инвестиции за набавка на тие возила, а претпријатијата со тоа не располагаат. Тоа е голем проблем. Една одредена политика на Владата во врска со давање на одредени бенефиции и на транспортерите, макар на еден краток рок од две-три години преку даночни ослободувања или минирањс на одредени даноци, преку други форми на бенефиции, преку бенефицирани кредити исто така со помала стапка на цената на капиталот, треба и да се форсира набавката на такви транспортни капацитети. Уште повеќе пак сега кога стануваме така да речам автохтона држава и кога нашата положба во просторот на Балканскиот Полуостров природн ни дава за право како балканска раскрсница да го искористиме тој транспортен

бонитет. Ако ние тоа го испуштиме и ако соседните држави ги користат нашите коридори со нивните возила тогаш ништо не сме направиле. Таксите што се земаат по однос на транзитот се толку мали визави на тој реекспорт што ние треба да го правиме и експорт од нас со нашите возила, тоа е еден таков сооднос што не може да се компарира. Владата во таа смисла ќе акцептира некои оправдани барања на асоцијацијата "Македонија-сообраќај", а исто така ќе даде и свои видувања и ќе ги предложи на усвојување пред вас. Ова е многу сериозно прашање.

Што се однесува за интервенирањето и инспекциските служби посебно во меѓународниот транспорт, потоа за дивите превозници во градскиот и приградскиот превоз, тука постојат едни такви состојби кои навистина не се примерни за една цивилизирана држава. И тие работи имаат корени од одредено минало време. Владата донесе заклучок да се зајакне инспекциската служба во сите сектори, не само во секторот на сообраќајот туку секаде, таа инспекциска служба да биде мобилна и да има поголеми прерогативи во врска со оперативното извршување од оној момент кога ќе се донесе инспекцискиот записник до оперативното извршување, значи да го следи процесот на оперативното извршување визави одредена неправилност која е констатирана од инспекторите.

Дивите превозници се еден голем проблем. Тоа е една тотална, како да кажам, криенка со државните органи, сега го гледаш комбиното или автобусот, потоа не го гледаш итн. Тоа се некои несватливи состојби. Законската регулатива е дојдена до една таква ситуација што овозможува една таква состојба.

Понатаму, што со приватниот превоз, градскиот и приградскиот? Видете што се случува: Оваа чаша има свој капацитет и ако тоа го замислиме дека е Скопје и дека на Скопје му се потребни 600 автобуси, а секторот за стопанство по сила на законот треба да даде дозволи за 2 чаши, јас ве прашувам што со остатокот од онаа чаша? Таа ќе се прелие и ќе го загади просторот. Оттука одат тие ситуации кои идат и на кои сте вие сведоци, пишувањата во весниците, разните митинзи, собири, убедувања, предубедувања итн. Не може во една правна држава да има дизел масло во законодавството, а тој закон го наследивме од претходниот состав. Тој е добар закон, но тие алинеи треба да бидат поправени и веројатно ќе бидат поправени. Не можеме ние експлозија да пуштиме во јавните сектори. Тоа не значи дека ќе се спречува приватната иницијатива. Приватната иницијатива - да во вид на компанија, во вид на јаки акционерски друштва, но не секој автобус да биде приватно претпријатие.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Се извинувам за репликата, меѓутоа едно дообјаснување ако може да ми се даде. Во врска со точката 4, бидејќи министерот рече дека ова практично би требало да отпадне од предлогот на заклучоците, ме интересира дали Владата останува на мислење дека би требало оваа наша Влада да донесе одлука за ослободување од плаќање царини на овие возила.

**АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦОВ:**

Тоа е еден од системите.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Значи практично овој предлог на заклучок би останал,

меѓутоа техниката на неговото остварување преминува во други раце и ќе биде остварена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има недоразбирање. Тој не предлага да се брише точката 4 од Заклучоците туку од мерките дадени во оваа информација. Нема потреба од оваа интервенција.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Јас не сакам да навлезам во тие крупни проблеми на сообраќајот туку сакам само да укажам дека градскиот сообраќај во Скопје не е само проблем на Скопје, туку е проблем на целата Република и навидум некои ситни проблеми како еден од тие што ги користи услугите и на државниот, општествениот и на приватниот сектор, сакам да укажам на некои прашања за кои не се ни потребни ни дебели закони туку само некои ситни интервенции кои треба да отстранат некои невкусности што се присутни и хаотични состојби во градскиот сообраќај во Скопје. Не сакам да биде проценето дека не го сметам за корисен приватниот сектор кој се јави како конкурент во некои сектори, меѓутоа,она како изгледаат автобусите со различни бои, со бојки и линии испишани на рака, со внатрешниот изглед, со писмото на кое што се пишува на различни јазици зависно до тоа каде е купен автобусот и никој не се погрижил јас стекнувам впечаток дека никој при регистрирањето на тие автобуси не влегол во тие автобуси да видат како тие изгледаат и нивната техничка припадност. Овие денови бев изненаден дека во некои автобуси чисто настанува труење со јаглен моноксид, има техничка неисправност на системите на издувните гасови итн. Мислам дека тука има простор и за други инспекции, но и за санитарната инспекција која треба да ги пре-гледа тие автобуси кои секојдневно минуваат низ улиците на Скопје, а текстовите сум к'лал дикат дека се пишувани и на српкохрватски и на словенечки јазик, па патникот и наш човек, а не некој гостин во нашата Република, минувајќи низ Скопје ќе биде збунет кој е јазикот во оваа Република, дали македонскиот или некој други јазици. Сметам дека контролата во оваа област треба да биде засилена и зголемена за градот да ни биде вистински главен град на Македонија, вкусно и нехаотично организиран во оваа област, во сообраќајот.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Благодарам за одговорот на министерот. Ја знам дека и него го тишти проблемот повеќе отколку нас, меѓутоа имам едно друго прашање. Чашата со вода што беше посочена беше многу убаво објаснета, но тоа е кога станува збор за Скопје. Проблемите во другите места не се исти, бидејќи ние имаме помали градови, помали населени места каде што не се во состојба организациите кои ги вршат тие услуги да ги покриваат. Заправо поради тоа и го поставив прашањето. Да кажам неколку примери.

Во Дебар и Дебарско местата кои се интересни, каде има поголема фреквенција се интересни за Југотранс од Струга. Меѓутоа, другите места не се интересни. Што правиме таму? Таков одговор не добив. Мислам дека тие прашања треба да ги опфатиме и да настојуваме да ги решиме. Зошто да кажеме едно село да не биде поврзано и ако веќе денес имаат асвалтирани патишта, а центар Жупа кое што има доста голема фреквенција - овие работи

ми се убаво познати бидејќи своевремено вршев една таква функција која беше поврзана со ова прашање, па заради тоа барам Владата да се ангажира и да понуди решение како да ги решиме и овие проблеми, а не само оние кои се економски интересни, туку и оние кои не се економски интересни, за да можеме и таму да влијаеме. Се согласувам со пазарната економија се слагам со сето она што министерот рече во врска со формирање на крупни организации. Ставарно е јавниот превоз е прашање, кое така треба да биде решено, меѓутоа да не оставиме малите места да не бидат покриени со превоз. Благодарам.

**АСЛАНИ СЕЛМАНИ:**

Сообраќајната проблематика во цела Македонија особено во урабните средини навистина претставува мошне драстичен проблем. Јас би сакал со кратки реченици да кажам неколку особености за сообраќајот во Скопје и во поголемите градови во нашата Република.

Навистина, Министерството за градежништво, сообраќај и екологија ќе мора во блиска иднина да презема соодветни мерки за одредени односи и структури на градскиот сообраќај особено во Скопје, затоа што навистина сообраќајот во Скопје учествува во вкупното загадување на воздухот со над 60%. Односно попрактично тука некаде између 50% до 60%. Особено град Скопје во тој однос се карактеризира меѓу најзагадените градови во Југославија, односно во југоисточна Европа. А особено за време на зимскиот период, во овој период кога ете густината на маглите е мошне карактеристична.

Исто така, оној сообраќајниот хаос, во оние тесни грла што ги викаме во град Скопје, навистина претсставува драстична проблематика. Во таа насока сметам дека Владата ќе мора да презема практични мерки, односно одредување на некои линии надвор од градскиот центар, надвор од тие тесни грла, сообраќајни грла, што навистин претставува еден хаос. За тоа повеќе знаат оние што боледуваат респираторните органи итн. Мислам дека Владата е неопходно да преземе најитни мерки за одредвуање на посебни сообраќајни линии, особено за време на зимскиот период.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јавува повторно господинот Симјановски.

**НАУМ СИМАЈНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, господинот Лепавцов по барањето на господинот Фаик Абди истакна дека Министерството за урбанизам изготвува мали, средни и големи информации во зависност што ќе побара Парламентот Оваа информација ја оценувам дека е од оној ранг на мали информации. Тоа произлегува и од самата дискусија, која ја искажа господинот Лепавцов, кој истакна многу проблеми кои не се опфатени со оваа информација. Ги наведувам: непрецизирање на надлежностите на Сојузно, републико и меѓународно ниво. Легализација на темни работи во транспортната организација, која работа, кога министер на влада ја кажува, треба навистина овој Парламент да се позамисли и да најде соодветно решение, се разбира, на предлог од Владата. На овие работи, овој Парламент треба најитно да реагира. Потоа, тоа се предлог-мерките за набавка на нови транспортери и зајакнување на инспекциската служба. Во таа смисла заклучоците што ги предложи Комисијата за стопанство, се однесуваат за оваа мала информација.

За сите овие проблеми кои ги истакна господинот Лепавцов, тој самиот знае дека во најскоро време, а јас велам во време во еден

месец да се изготви поцелосна информација со сите овие проблеми кои ќе се опфатат и ќе понудат адекватно решение. А тогаш овој парламент да заземе еден генерален став за цела оваа проблематика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот и предлогот на заклучокот што е содржан во извештајот на Комисијата за стопанство го ставам на гласање.

Ова што го рече Наум Симјановски го чу министерот и се надевам дека тоа е една соработка на Парламентот и Владата што ќе се анализира обострано.

Значи на гласање оди извештајот на Комисијата за стопанство со предлогот на заклучокот кој е содржан во извештајот.

Молам, кој е за, да крене рака. (пратениците креваа рака).

62 пратеника гласаа за заклучокот.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се возржува од гласање (двајца).

Констатирам дека Собранието го усвои Заклучокот.

Минуваме на точката 27. - Информација за актуелните состојби и мерки за обезбедување на средства за спроведување на пензиското и инвалидско осигурување до крајот на 1991 година.

Информацијата, дополнувањето на информација, извештаите на Комисијата за труд и социјална политика и на Комисијата за финансирање и буџет, како и предлогот на заклучокот Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано Претседателство, ве известувам дека информацијата за актуелните состојби и мерки за обезбедување на средства за спроведување на пензиското и инвалидското осигурување до крај на 1991 година изготвена од Владата на Република македонија, односно Министерството за труд и социјална политика предизвика голем интерес на македонската јавност, а посебно кај одредени асоцијации и граѓани што се корисници на пензија, па и другите активни осигуреници.

Во време од објавувањето на оваа информација и нејзино влегување во собраниската процедура во најголем дел односно скоро во сите здруженија на пензионерите во Република Македонија и републичкото здружение, скоро сите структури во боречката организација од општинското и републичкото ниво, потоапензионерите од Секретаријатот за внатрешни работи и вработените во казнено-поправните домови и многу други ја разгледаа оваа информација како и резултатите, и како резултат на квалитетна и опстојна расправа имаат формирано определени заклучоци и мислења што се доставени до: Комисијата за труд и социјална политика до претседателот на Парламентот и потпретседателот на македонскиот параламент, до Владата, Комисијата и до Министерството за труд и социјална политика. Скоро во сите доставени извештаи, заклучоци и мислења е забележливо реагирањето на овој дел од информацијата што се однесува

на предлогот на мерките. Посебно се истакнува задоволството и реагирањето на првата мерка која се однесува на преиспитување на правата на пензиското и инвалистското осигурување, а се однесува за корисниците на пензија, пензионирани според Законот за внатрешни работи, Законот за народната одбрана, Законот за граѓанските лица во Службата на ТО, потоа корисниците на боречките пензии во кои мерки се сместени и просветните работници пензионирани кои просветната дејност ја започнале во 1945 односно 1946 и 1947 година, а истите добиваат исклучителен дел, како и во делот на пензионерите што користат заштитен додаток, заштитен додаток за нега и помош од друго лице итн.

Комисијата за труд и социјална политика при расправата по информацијата ги имаше предвид сите доставени по писмен пат мислења од гореспоменатите асоцијации и по една и стручна и аргументирана расправа едногласно ја прифатија информацијата и дел од предложените мерки односно конкретно не беше прифатена првата мерка - преиспитување на правото од ПИО и мерката под број 5 - воведвуање на дегресивно усогласување на пензиите. Посебно од причини што истите немаат некој значаен ефект во вкупната маса на потребните средства, и се работи за стекнати права и што се однесува на специфични категории и институции од кои потекнуваат овие корисници на пензија. Посебно се мисли на учесниците во НОБ и лица кои се на работа во Секретаријатот за внатрешни работи. Што значи оваа мерка во најголема мера иритира отколку да има некое посебно значење и преостанатото време за нејзиното ефектуирање до крајот на оваа година, еве половина месец. Меѓутоа, Комисијата укажува и на лошата финансиска состојба која се карактеризира со вкупниот негативен финансиски резултат од 1000,010/65 милиони, посебно на сериозно нарушените и неповолната структура на корисниците на пензија во Републиката,во која структура повеќе од 56207 корисници или 31% се со најниска пензија од 2250 динари, колку што изнесува и заштитниот додаток при што е комплетно нарушена економската и социјалната сигурност на најголемиот дел од пензионерите. Така Комисијата смета дека целосно се нарушени севкупните односи во пензискиот систем, а за кое нарушување не се виновни корисниците на пензии туку сосема други субјекти кои на еден или друг начин придонеле за ова нарушување. Така Комисијата смета во најголемиот дел на нарушените економски нарушувања,социјалните и политички се разрешувале преку пензискот систем, кој неоправдано е оптоварен со низа приноси кои не се својствени на овој систем. Не слушаме што најголемиот дел од пензионерите се корисници пензија, а истите многу малку учествувале по пат на лично издвојување за осигурување, а се на терет на вкупните средства што се формирани од старосните пензионери, за жал на штета на старосните пензионери се обезбедува и принципот на солидарност што негативно се одрази врз вкупниот стандард на пензионерите кој се корисници на пензионерите кои се корисници на пензиите по пат на исполнет и целосно, исполнет по пат на старост и исполнет цел со старосен век. Во таа смисла се предлага државата како основен носител на социјалната политика преку средствата од буџетот како своја преземена обврска придонесува во ублажување на финансиските проблеми во областа на пензиското и инвалидското осигурување, а се разбира и со зголемување стапка од 16,5 на 18% вклучувајќи ги и активностите во воведување на финансова дисциплина во наплатата и сл. На крај Комисијата смета дека е повеќе ОД потребно во наредната година Владата да преземе одредени активности за изготвување на нов модел на пензискиот систем кој ќе биде во

рамките на новиот Устав на Република Македонија и во рамките на европските стандарди и нормативи кон кои се определи и Република Македонија. Што значи мораме да бараме модел што сигурно нема да го застапува така наречениот капитални фондови, или модел на реал-социјализмот, туку ќе го користи моделот на договор на генерациите кои доста успешно функционираа во западноевропските земји или комбинација на неколку модели а прилагоден на македонските услови.

**НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, имајќи го предвид фактот да четвртина население во Републиката живее од пензија, да пензијата од ден на ден се топи поради новиот галоп на инфлацијата и се почестите протести на пензионерите на јавните собири по општините, на новите предлог-мерки на Владата за изнаоѓање излез од катастрофалната состојба на ПИО фонд мора најсериозно да им се пристапи и со сета одговорност да се донесе одлука за прифќање или отврлање на предлог-мерките. За генераторите на недостиг на средства во пензиско-инвалидскот фонд во текот на оваа година ова Собрание е повеќе пати информирано. И не бид сакал посебно да ги елаборирам, само ќе речам за стапката на придонес да е несоодветна и најмала меѓу југословенските републики. На пр, Словенија има 23,1, Хрватска 24%, БиХ. 19,8, Србија 21,3, Војводина 24%, Косово 18% и Република Македонија 16,5, а има најголем прилив на нови пензионери. Пензионерите ширум целата земја од месните заедници преку општинските сојузи и Републичкиот одбор на Сојузот на пензионерите на Република Македонија на своите собири изразија несогла сувања со предлог-мерките за делот на рестрикциите и начелно не ги прифаќаат. Посебно внимание е посветено на предлог на мерките за преиспитување на правата од ПИО што во суштина значи предлог за ревизија на системот на осигурувањето утврден со важечките закони што не може да се прави со темелни анализи. Скратување на правата на пензионерите на борци од НОВ, ЕЛАС, ДАГ, органите на внатрешни работи, Народна одбра, а ТО, носители на партизанска споменица 1941 година, просветните работници од 1945, 1946, 1947 година и лицата со пензија по исклучок е повреда на стечајни права регулирани со сојузни и републички закони. Истовремено тоа значи прејудицирање на новиот концепт за пензиско-инвалидско осигурување. Никој нема право да ги омаловажува стекнатите права на борците од НОВ, ЕЛАС и ДАГ и на сите оние кои после завршувањето на војната се вградиле на своевиден начин во одбраната и изградбата на земјата. Развиениот дел на Европа САД, Канада, Австралија и некои други земји, ценејќи ја борбата во анти-фашистичките коалиции изградија цела коалиција на почитување на борците против фашизмот во обезбедување на староста на овие луѓе. Да не ја цитирам посебно одлуката, Министерскиот совет на Велика Британија за заштита на оние животни, коњи и мазги, кои учествувале во одбраната на земјата. Старите цивилизирани народи ги ценеле луѓето кои дале било каков придонес во војната, уметноста и на други полиња и соодветнс им се оддолжувале. Не треба никој да заборави дека темелите на оваа македонска држава стојат врз коските на илјадници млади животи кои несебично гинеле за нејзината слобода. Држава која не ги цени борците нема своја иднина. Укинувањето на тие посебни права на борците кои се на крајот на својот животен век, е крајно нехумано и нецивилизациски, а за некои неправилности каде што има очевидни пропусти при утврдувањето на нивните права треба да се направи корекција. Во општата расправа меѓу пензионерите не е прифатен и

предлогот за дегресивно усогласување што во суштина значи урамноловка која со никаков правен акт не може да се брани. Пензискиот систем според европските критериуми, не треба социјала, системот треба да биде чист и економски, а тоа значи кој колку вложува толку има право и да користи.

Социјалата треба државата да ја решава со други средства и од други фондови. Влегувањето во Европа, согледано со новите уставни решенија е инкопатибилно со предлогот на мерките. Мерките кои би можеле да се поддржат во Информацијата се следните. Прво зголемување на стапката од 16,5 на 18%, иако тоа ни малку не го решава проблемот, зашто тоа се однесува само на последните 3 месеци од годината. А ќе значеше нешто ако тоа беше направено на почетокот на годината.

Второ, извршување на обврските на Републичкиот буџет.

Трето, зајакнување на контролата на СОК при исплатата на личните доходи.

Четврто, обезбедување наплата на придонеси за ПИО од приватниот сектор, кој што е наполно испуштен од контрола како еден од изворите на фондот на ПИО.

Петто, мерките од имотно-правниот однос, работно ангажирање на лица преку младински и студентските задруги, не им се признава ниту стаж, нити им се плаќа придонес.

И на крајот апелирам до сите пратеници и до Владата, да се сфати најсериозно проблемот на обезбедување солидни и сигурни извори на средства на Фондот на ПИО и да не се доведуваат 188 илјади пензионери во безизлезна состојба со ненавремено исплатување на пензиите и со неадекватни пензиски износи спрема стварните трошоци за живот. Пензионерите не бараат ништо друго туку да им се враќа редовно  она што го вложувале за целиот работен век. Тогаш они вложувале за тактовците, дедовците, но сегашните вработени, а тие сега треба да вложуваат  за сегашните пензионери и тоа така од колено на колено се пренесува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има господинот Личоски.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани господа пратеници. Пред да почнам со мојата дискусија во врска со информацијата за актуелните состојби и мерки за обезбедување на средствата за спроведувањето на ПИО до крајот на 1991 година, јас малку би се задржал на некои претходни докажувава, како би бил појасен во врска со предлогот штои ќе уследи за обезбедување минимални средства за ПИО. Имено, во текот на Втората светска војна во борбата на Берлин, која добро се памети и се знае каква беше, при падот на Рајстагот во Берлин, рускиот војник кој го носел Руското знаме, прв го ставил на Рајстагот. И после завршувањето на војната истиот тој бил како еден обичен работник на една фарма за молзење на крави. Нормално со даденото признание дека учествувал во војната. Додека пак кај нас, во нашата сега некогашна Југославија е сосема друга сликата. На моќниците од тогашниот режиски систем кој на жалост може да се почувствува и во денешните денови дека се моќни и се можни и незаменливи до денешниот ден. Со респект на нивната борбеност и заслуга што ја поседувале во тоа време. Меѓутоа 45 години да останат на функција и да бидат безгрешни и ништо да не згрешат до денешните денови, јас не можам да сфатам, бидејќи каде што постоело

од времето на ослободувањето до денешните денови разни случки што се случувале, како што се во 1946 година, појава на ВМРО.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Што не се држите сега вие за информацијата, за темата. Ве молам, за што зборувате вие. Зборувајте за Информацијата.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

За да појаснам, за да биде појасна информацијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам зборувајте за информацијата. Јасна е информацијата. Што имате за информацијата, кажете. Кажете за информацијата ве молам. Ова е надвор од информацијата. Вие зборувате за непензионирани луѓе, а не за пензионирани.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Ке кажам за пензионираните. Дозволете да кажам.

Во 1948 година Информбирото и колективизацијата. Во 50-тите и 60-тите години разни реформи и други реформи кои што се до денеска, а тие останале на власт и јас не можам да замислам какви луѓе се тие и кога знаеме какви се учесници во НОВ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, напуштете ја говорницата.

Ве молам напуштете. Вие не зборувате за Инфромацијата. Кога ќе добиете збор за тоа, кога ќе се стави на дневен ред, тоа тогаш ќе зборувате. Дајте да ставиме таква точка, ако ви е тоа сега.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Ама образложение...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Навистина зборувајкте за Информацијата, ова што е на дневен ред. Ова е информација за актуелните состојби и мерки за обезбедување на средства за спроведување на пензиско-инвалидското осигурување до крајот на 1991 година. Ве молам, зборувајте за тоа.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Ви се молам за едно добро образложение, па после ќе зборувама за тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Неможе после сега. Вие тоа зборувајте и кажете што сакате не само по оваа точка сега. Инаку, можете и овде да го зборувате кога ќе имаме точка за тоа.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Ама што смета сега тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Смета. Тогаш ве молам ако инсистирате одете си. Кога ќе имаме таква точка ќе ви дадам збор јас. Зборувајте за Информацијата.(Реагирање на пратениците од десната страна).Ве молам нека зборува за ова што треба.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

А сега да се вратам на Информацијата што денеска е на дневен ред. Имено во 56.270.000 корисници на пензија кои примаат 2250 динари пензија има и пензионери кој целиот свој стаж го имаат поминато на работа и тоа сигурно на тешка физичка работа. А, што остана на оние грашници кои што примаат земјоделска пензија, која

пензија нема смисла да се каже, бидејќи е многу срамна. Како да овие луѓе, кои целиот свој живот го поминале и работеле во аграрот и ако секогаш тој човек плаќал разни порези и привези на државата ова е сигурно поради тоа што никој на тој земјоделец или сточар не му објасни дека покрај државните давачки треба да плаќа во пензиско инвалидскиот фонд како би имал денеска една скромна пензиичка и тој да има скромно живеење.

Ако се изврши една трансформација и во инвалидско-пензиското осигурување, или пак се направи еден чекор напред и се постапи давање на пензии како во западните држави верувам дека горе долу страстите на сите пензионери и оние кои понатаму ќе се пензионираат ќе се задовлат. Пример ако се земе австралискиот начи на пензионирање, каде што оние каде што имаат заштедено во своите книшки 10 иљади австралиски долари немаат право на старосна пензија без разлика каде и што работеле во целокупниот нивни работен стаж.

Ако околу 2400 корисници земаат пензија како оние 147 иљади корисници тогаш би се обезбедиле средства уште за околу 2000 корисници или пак ако 175 корисници земаат пензија исто како оние 147 иљади корисници ќе се обезбеди пензија за околу 400 нови корисници. Или пак, привилегованите и бенифицирани пензионери би земале како оние 147 иљади корисници ќе се обезбеди пензија за околу 350 нови корисници. Или вкупно од сите овие би се обезбедило околу 2800 нови корисници на пензија.

Ваквата оценка нормално е во глобала бидејќи односно гледајќи ги податоците од Информацијата. Стварната проценка може точно да се пресмета спрема стварната вистина што ја земаат корисниците на пензиите ако се сака. Покрај ова сакам да го подвлечам и следното.

При наголемувањето на пензиите кои се даваат во процентно зголемување на самите пензии сметам дека ваква пресметка односно вака пресметаниот процент не е во ред, бидејќи ако се направи една споредба со последното наголемување на пензиите од 9,23% од најмалата до пензијата од привелегуваните моќници ќе се заклучи следното. Оној што прима 2250 динари ќе му се зголеми пензијата за 206 динари, а на моќникот кој што зема околу 25 иљади динари ќе му се наголеми за 2307 динари, што значи дека првиот и да е најголемиот маратонски тркач во светот не ќе може да го стаса секогаш моќниот па и сега. Според горе реченото се прашувам не само јас, туку многу други каде е закопана правдата. А, одговорот може да се бара само кај Владата бидејќи таа е најповикана да ја бара правдата.

На крајот сето дадено во извештајот од матичната комисија за оваа материја се согласувам стапката на придонесот од личен доход и доходот за пензиско-ивалидско осигурување се зголеми од 16,5 на 18% како би се зголемил приливот на средствата од пензиско-инвалидскиот фонд.

Ви се молам господине претседателе ќе ме оставите како што ги оставате сите овде говорници, бидејќи и јас претставувам еден пратеник на мојата изборна единица каде што гласаа 8000 гласачи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие за се што е на дневен ред ќе си земете збор, ви се дава зборот и си зборувате. А тоа што не е на дневен ред ќе го кажете надвор од говорницата овде, или пак кога ќе биде овде на дневен ред.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господо, по се изгледа оваа тема е осетлива за дискусија и уште веднаш на почетокот се појавија две страни. Тие две страни застапуваат една категорија на луѓе, а другата страна другата категорија на луѓе. Ние не треба така да ги подвојуваме работите. Ако работиме принципиелно и достоинствено како луѓе и ако ја гледаме економската состојба во Македонија и сето она што ни се случува од ден на ден, навистина треба да имаме висок степен на разум и свест и да знаеме дека оваа сиромаштија е во Македонија присутна и кога уште ни се заканува со поголема острина да ни се наметне, навистина треба со ум и со разум да ја расподелиме.

Значи, во прашање не е само мојот личен став, јас некого да напаѓам или само некого да бранам. Меѓутоа, веднаш на почетокот овде, дури и некои претствници на комисиите што расправаа во нашето собрание се слушна зборот дека одредена категорија на луѓе преку информативните средства, преку нивната моќ или долгогодишна практика имале можност да се организираат и тоа нивно право на некој начин да го остварат врз принципот на влијание врз тие средства на Републиката, заради таа позиција одредена што ја имаме. Јас не би сакал да спомнувам кои се тие... меѓутоа ние секогаш треба  да имаме на ум дека имаме друга категорија на луѓе, луѓе од дното. И за тие луѓе од дното ние треба да водиме малку поголема сметка. Не значи тоа дека ќе ги изедначиме во потполност со она категорија што имаат највисоки пензиии, меѓутоа некаде да има некоја мала граница или мала разлика во поглед на тие пензии, затоа што социјалата толку притиска денеска во Македонија, што навистина за тој слој на луѓе треба повеќе да се дискутира и да се води сметка.

Јас како пратеник на 28-30 села оваа проблематика ми е доста позната во практиката често се среќаваме луѓето доста ме имаат запознато со овие проблеми и затоа апелирам она што го има дадено Владата како предлог мерки за пензиско-инвалидското осигурување до крајот на 1991 година, дека е во ред. Не сакам да се прави исклучок од она, затоа што го сметам дека е принципиелно како што го поставила Владата.

Комисијата за финансираше и буџет има поинаков став од Комисијата за труд и социјална политика. Без разлика на тоа какви се овие ставови мислам и инсистирам да се прифати она што го презентира Владата како мерки со еден мал исклучок. Не се согласувам личнс сопредлогот да се зголеми процентот на учеството односно зголемување то на придонесот за пензиско-инвалидско осигурување.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господините претседеле, дами и господа пратеници, она што можам да го дадам како придонес во проблематиката која што ни е прилично далечна, го дадов во работата на некои од телата што расправаа по проблематиката. Посебно ги поддржувам мерките што се предложени од страна на Владата и ресорните органи со тоа што поддржувам и многу од тоа што беше кажано денеска овде на говорницата посебно околу состојбата со нивото на пензиите на земјоделците ширум Републиката за што сметам дека мора конечно да се поведе соодветна грижа, да се обезбедат сите предуслови за надокнада во висина која што ќе гарантира колку толку културен живот и на тој дел од популацијата.

Меѓутоа, излегов на говорницата за да го искористам присуството на господинот министер Сабриу и присуството на господинот секретар на Заедницата, господиниот Зрмановски, заради тоа што во меѓувреме додека работеа телата се запознав со еден проблем кој што се појави во сферата на пензиско инвалидското осигурување кај еден дел од популацијата. Се работи за следното:

1989 година по причини и по основ на една републичка акција повеќе општински собранија ширум републиката донесоа одлуки да се поттикнат акции на ниво на општините за зачувување на некои занаети кои што одумреа и без кои што практично се оневозможува нормалното одвивање на животот на населението во поедини региони. Ќе истакнам само неколку од нив. На пример за Малешевијата, која што ја претставувам каде посебен проблем претставуваше ковачкиот занает кој што наполно замре, стакорезачкиот занает. Собранието на општина Берово, како впрочем и многу други собранија 1989 година донесува заклучоци со кои што практично не само што ги поттикнува, туку и ги замолува луѓето кои што порано се занимавале со тие занаети да продолжат извесно време да се бават и понатаму со тие занаети со една обврска да изучат млади кадри кој што ќе го продолжат занаетот. Има поголем број на луѓе кои што регистрирале по основ на вакви одлуки на општинските собранија фирми и со кои што работеле повеќе од 3 години. Несреќата е во тоа што и претставниците на Собранијата и претставниците на локалните органи на пензиско инвалидското осигурување, а и самите пензионери заради тоа што на грбот на ливчето за пензија има една препорака да ако на пензионерот му се промени материјално финансиската состојба должен е во рок од месец дена да ја информира Службата за пензиско-инвалидско осигурување, но независно од тоа чија вина е како до тоа дошло имаме еден голем проблем кој што се појавува последните 10-15-20 дена, а се состои во следното.

Сите луѓе кои што со вакви одлуки на општинсите собранија ги поддржале занаетите денес им се укинати пензиите. Пензиите кои што изнесуваат 1800 до 2000 динари со тоа што им се испоставени сметки во рок од неколку дена за враќање на пензиите на некои дури и од почетокот на формирањето на фирмата, 1989 година, но некој за година дена и слично. Тие износи се прилично големи ако имаме во предвид во каква состојба живеат. Меѓутоа, сите се износ 1100 динари, 87000 итн.

Ги молам претставниците и на Министерството и на Заедницата кога зборуваме за проблемите за пензиско-инвалидско осигурување ако имаат досега одредени согледувања да ги презентираат пред јавноста заради тоа што проблемот е навистина акутен, а ако не да не информираат како мислат да го разрешат овој проблем. Посебно ме радува тоа што кога го потакнувам ова прашање е присутен и министерот за финансии. Трите ресори кои што имаат надлежност околу овој акутен проблем имаат претствници денеска на седницата и мислам дека ќе можеме да и помогнеме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор.

Има збор господинот Димов, па господин Тошев.

(Томислав Стојановски бара реплика).

Ама он вас не ве прозва, каква реплика.

(Господинот Стојановски излегува накај говорницата).

Навистина ќе добиете збор, на ред.

**ТОДОР ДИМОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Јас сосема накратко сакам да се задржам не некои моменти од оваа Информација. На почетокот на оваа седница добивме информација во врска со најновите информации во пензиско-инвалидското осигурување.

На почетокот да кажам дека на Комисијата во врска со овој проблем во два наврати расправавме малку поопширно а овде ќе се задржам на неколку моменти.

Во целост ги поддржувам изнесените податоци во поглед на причините кои што од страна на Владата се изнесени за настанатата лоша финансиска состојба, а исто така и предлогот на мерките за надминување на лошите финансиски состојби.

Во поглед на предлог мерката, под број 3, за зголемување на стапката на пензиско-инвалидското осигурување јас сум резервиран од причини што ако се навратиме назад на неколку точки од оваа седница зборувавме за лоштата финансиска состојба скоро за сите области аграрот, градежништвото, текстилот и мислам дека со зголемувањето на стапката на придонесот за пензиско-инвалидското осигурување од 16,5 на 18% многу помали ефекти ќе постигнеме за разлика од другите мерки што се предлагаат за надминување на оваа состојба. Мислам дека треба да ја задолжиме Владата што поитно да ги реализира овие предлог мерки за да не се случи по 6 месеци, сите се сеќавата кога ја разгледувавме Информацијата за работењето на СИЗ-от за 1990 година констатиравме загуба од 402 милиони динари, а со дополнителната информација што ја добивме денеска се предвидува дека 1991 година ќе се заврши со 1.361.000 динари. Значи, доколку не одиме кон поитно реализирање на овие мерки ќе се случи по 6 месеци или еден подолг период да се судриме со една прилично голема бројка, за која што мислам дека не ќе имаме можности да ја надминеме.

Во Инфорамцијата е спомнато дека во минатите години од ова самоуправна интересна заедница од вкупните средства се трошени за општествен стандар 4%. Мислам дека е крајно неодговорно работењето на вработените во Самоуправната интересна заедница за пензиско инвалидско осигурување. Преведено во денешна вредност овие 4%, со оглед на средствата што се предвидуваат за 1991 година од 8.875.000 изнесуваат 355 милиони динари. Значи во минатите години огромни средства се трошени за општествен стандард, а сите ние знаеме дека пред се општествениот стандард се однесуваше на задоволување на потребите од областа на станбената изградба или купување на станови, а пред се сите знаеме од срединиите каде што потекнуваме дека добар дел овие потреби се задоволуваат не на корисниците, или на нивните потесни семејства туку се градени станови за внуци.

На крајот сакам посебно да ја потенцирам мерката за дегресивно усогласување на пензиите. Еден дискутант пред мене изнесе едно зголемување од 8 до 10% изнесува поголем износ отколку што изнесува најминималната пензија и затоа сметам дека треба да се залагаме за дегресивно усогласуваше на пензиите.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа. Му замерив на претседателот дека јас не сум конфликтен човек и не сакам меѓутоа имаше смисла да се јавам по излагањето на господин Ханџиски, само од оваа причина.

Тој даде едно видување дека на талончињата за исплаќање на пензијата на грбот стои поука дека со изменување на условите за приход е должен корисникот на пензија да изврши пријавување во СИЗ-от за пензиско осигурување. Тоа е така напишано, навистина меѓутоа ваквата поука стоеше додека важеше Законот за заштитен додаток на пензиите. Заштитниот додаток имаше само тогаш смисла и се доделуваше ако корисникот на пензија немаше други приходи. Со менување на приходниот цензус зависеше дали корисникот ќе го има овој заштитен додаток или не. Според ова, ова да се пренесуваше немаше да го упатам - нека бидат спокојни луѓето на кој им е упатено вакво решение за наплата на пензијата уназад дека пензијата не зависи воопшто од приход. Секој може да остварува приход, остварениот приход ќе биде оданочуван по општите начела за оданочување, а цензусот за враќаше нема да се враќа.Ве молам ова сакав да го исправам господин Ханиски и нека опрости господинот претседател повеќе да не ми става забелешки имало немало ред и нема репрлика. Ова беше чисто за една сигурност помеѓу граѓаните.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Видете дека е сосема коректно да го кажете во едно нормално јавување, бидејќи расправата трае.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Почитувано претседателство, полчитувани пратеници,

Добивам дојам дека кога се зборува за борците и претседателот на Парламентот некако е многу скокотлив. Јас немам ништо против борците, но треба Владата еднаш да ни достави да расчистиме за таа работа колку тие борци земаат пензија, колку другите што остваруваат по друг основ. Истовремено се за мене борци и оние и ова господинот Џаферовски што го кажа некни 240 илјади фамилии произведуваат тутун, а годишно земаат колку една плата на еден директор. Па зарем не се тие борци? А пензионо и социјално не се осигурани.

Комисијата за финансирање и буџет на Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 3 декември 1991 година го разгледа предлог-заклучокот по Информацијата за актуелните состојби и мерки за обезбедување на средства за спроведување на пензиско и инвалидско осигурување до крајот на 1991 година и истовремено комисијата го прифати предлогот на заклучокот по информацијата за актуелните состојби и мерки за обезбедување на средства за спроведување на пензиското и инвалидското осигурување до крајот на 1991 година. Истовремено Комисијата во цолост ја прифати стапката на придонесот од 16,5 да се покачи на 18%.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници,

Јас секогаш кратко кажувам и сега кратко ќе кажам со неколку реченици само претходно сакам една забелешка да направам, таа не е голема, меѓутоа со вчерашната и денешната ако некој изнесе вистина и пократка информација овде се прави забелешка од господинот претседател на Собранието дека се оддалечува од темата, а кога се чита акт, конгресни реферати за оснивачки партии тогаш има време да се чита. Тоа беше на синоќешната конференција по информацијата за состојбата, а се прочитаа реферати по 40 минути.

Зголемувањето на пензиите за боречките и другите пензии стално се зборува, а каде беа овие пратеници да речат за овие пензии земјоделците што земаат 90 динари пензија. Дали таа не се топи со инфлацијата. Дали на овој се топи од 25 илјади и нагоре. Дали само оној треба да јаде или овој нема да јаде, навистина таа е изедена.

Друго, растот на пензиите по мене треба да не растат процентуално, а тоа можеби многу ќе држи и за платниот систем и тука е голем раскоракот на пензиите оној што има 1500 до 2000 динари му се зголемува 20%, а оној што има 25 и 30 милиони му се зголомува 20%. Колку ќе земе овој, а колку оној. И зошто да го спречеме оној што рече со право недопирливи. Значи тој треба да го спречиме дека ја кажува вистината. Тој колку ќе зема зголемување на таа пензија од 25 милиони, а оној на 2000 динари колку ќе земе. Сметам дека не треба да има кога ќе се одреди стапката на пензија и наредните зголемувања од можноста на стопанството на Македонија како ќе одат ако се зголемува да се зголемува на сите подеднакво, бидејќи тој треба да јаде и тој треба да пие. Истото тоа да важи и за платниот систем 15,20% на 35 илјади динари плата и 15% на 2,5 до 3000 динари плата. Затоа самите дојдовме до овој раскорак и вака ако продолжиме ќе оди уште далеку не до недопирливи туку до кој знае каде ќе се качат овие недопирливи. Јас незнам ако толку борци имавме ние немаше никој да не нападне и сега ако ги активираме овие борци нема потреба да се плашиме ако некој не нападне. Имаме цела армија од борци. Зошто не се пријават да ја бранат земјата во овие услови туку се појавуваат само на пензиското осигурување, мали им се пензиите, им се топат. Дали само за тоа се бореа. Еве сега земјата е во хаос, сега нека се покажат хероите и борците. Пред тоа што ова не држи место ова да се дискутира затоа што сметам дека ќе следува тоа да се реши со закон и можеби прерано дојде ова за борците. Сакам да предложам дека да се изврши преиспитување на боречките и привилегираните пензии. Јас се сомневам во таа толку армија борци. Двајца потпишуваат третиот користи пензија. Да се документира тоа, да се бара колку и кој бил. Само за тоа ли се бореа тие, само за пензија?

**ЕШТРЕФ АЛИЈУ:**

Почитуван претседателе, почитуваки членови на Влада, почитувани пратеници, излегов да кажам дека на ова поле се чувствувам неспособен да дадам мој придонес, ниту за дното што се спомнува ниту за врвот. Желбата и намерата ми е да свртам внимание дека ние тука конкретно треба да го убедиме народот и во име на тие што се залагавме дека авистина сме желни да работиме, сакаме да работиме и знаеме да работиме. А кој Устав го исполнуваме со право добиваме кредибилитет да бараме од тие во чие име тука се јавуваме, исто така да работат повеќе, да ја издигнат малку на задоволителна висина работната култура, а исто така ќе се здобиеме со големо право од оваа Влада која воопшто не ја оставама на мир да работи со право да бараме од нив и да добиваме тоа што го бараме. Во конкретниот случај би се ангажирал за следното: дали постои можност и дали експертите, министерството конкретно и тие што треба да финансираат чувствуваат дека има потреба за потполна реорганизација на целиот систем на пензионирање. Ако на овој план постојат реални

потреби дека треба реорганизација, тогаш би се залагал сите три министерства, заправо клучни, со помош на науката институтот за социолошки истражувања, бездруго да се вклучи и ману, да се направи еден поширок елаборат, а до нас пратениците да се достави само екстратот. Целта ми е следната: према мои скромни сознанија во доста земји човекот кога оди во пензија е задоволен. Кај нас мене не ми е познат случајот, а зошто тоа е сосема оправдано и издржливо. Во оваа насока и во ова време јас сум сосема свесен дека тоа што го барам и посочувам дури е невозможно, но да се направат обиди да се почне и бездруго следи едно барање нивото, она најниска стапка на која работникот со полн работен стаж треба да оди во пензија по никоја цена не смее, не би требало да се дозволи да биде толку загрижувачка што тој со солзи и допрва ќе треба да размислува како ќе треба ла заживее.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Драги пријатели, почитувани пратеници, ова е многу шкакливо прашање, сиромавиот два пати плаќа цех. Во земјите каде што имаат моќ никогаш не може да се случи човекот кој работел 40 години да остане без пензија, да чека два месеци. Меѓутоа, кај нас и тоа се случува. Не сакам да повторувам систем и такви работи. Меѓутоа, мене ми се чини дека во органите кои ја водат политиката на социјално осигурување и во органите кои до сега раководеа со цел тој систем на работа, има нешто нечисто. Реков дека во светот кога човекот оди во пензи]а знае дека е сигурен во тие години што му преостанале, дека ќе ја добие таа пензија што ја заслужил. Меѓутоа кај нас тоа не е така. Не навлегувам во тие инфлации, не навлегувам во оние пореметувања што станаа во целата таа држава која постоешс досега, меѓутоа, пак ќе повторам ако тоа е така, ми се чини дека тоа е така дека некој не раководел правилно со парите, со фондовите во социјалната политика. Цехот секогаш го плаќа работникот, а не директорот, а не раководителите. Многу пари од фондовите ми се чини еве се потрошени пред време. Уште пред едно две години и повеќе. Никогаш не требаше да се стави рака на тие фондови. Значи не треба да ја бараме причината денес 1990 година. Ако е така како што јас го замислувам ќе го молам органот кој раководел, можеби не е тој денес тука, ако е така ако фондовите се трошеа и се даваа за други цели, тогаш на грев нека им лежат пензионери. Нека ги носат на душа. Мораме да имаме едно мерило на пензиите. Мораме да најдеме едно мерило такво што да не бега еден да зема 2 милијарди другиот 30 милијарди, затоа што одиме по тој пат кој не носи на крајот на исто место. Малку да се размислиме. Органот кој раководи со таа политика, министерството, надлежните министерства уште од денес од овој час треба да работат за да се реши прашањето на пензиите на таков начин што секој знам дека не можат да бидат задоволени сите, но да не се дозволи таа разлика на пензиите тој што работел 40 години и другиот што работел 40 години на некои рацете му се меки како памук, а на некој веќе му се искрешени и не може сега на старост да ги мрда, зема минимална пензија. За тоа да се види и да се работи. Значи да се задолжи Владата и со цех и луѓето од социјалната политика да го решат тоа прашање. Но сега се поставува едно друго прашање.

Автоматски го поставувам прашањето од каде средства. Никој е го постави прашањето од каде ќе најдеме пари, па да им дадеме.

Ако ние имаме пари, а не им ги даваме на пензионерите, тогаш пак на душа ги носиме, ги лажеме, ги малтретираме, сакаме побрзо да си одат каде што секој ќе оди подоцна или порано. Тоа е грев. Јас реков од почетокот дека цехот го плаќа работникот. И си велам, мајката, цел живот работи и го плаќа цехот и кога ќе остари кога треба да си оди од овој свет, за тие пет-шест или десет години што треба да проживее со бабичката или сам, пак треба да го плаќа цехот. Луѓе, носиме душа и сме исти. Никој не е вечен, никој не е повеќе отколку што сум јас или што сте вие. Сите сме луѓе и човечки треба да ги земаме работите и да ги решаваме правилно. Затоа треба да постои закон, без закон не може. Тоа е хаос, тоа е анархија. Сега да се бара чарето. За да се бара чарето, треба да се зајакне индустријата, стопанството. Да со зајакнат стопанствата при оваа положба, јас од почетокот на една седница, на втората или третата седница реков дека во празна куќа кога ти е ограбена нема што да бараш. Тука лежи зајакот - кој ќе се нафати да не извлече од таа положба. Ќе чекаме ние, нашиот народ и победно ќе почека, само да го дочека денот кога ќе биде среќен. Но тоа да ни биде обврска не на работникот и пензионерот, тоа да биде обврска на луѓето кои го создаваат законот, а законот тој што го создава не треба никогаш да го злоупотреби. Тоа е правната држава. Јас пак ќе повторам, ако Владата, ако сицијалното има резерви, има пари, дајте. Ако немате пари, тогаш нема што да читаме реферати, нема што да зборуваме, нема што да биеме во гради, бидејќи никаде не можеме да ги најдеме. Но, ако има излез, треба да се даде. Пак ќе повторам уште еднаш, да се најде чарето луѓето да се изедначат како луѓе, да не се дели човекот од човекот, тогаш ќе има излез. Јас да живеам во кошара, а други да живеат во палата, без труд, тоа е грев. Никој не може да му го земе правото на еден работник кој работи во Германија 20-30 години. Велиме дека тој е на привремена работа во странство, тој човек си изградил една куќичка, си ги исполнил обврските спрема државата, тој човок треба да биде заштитен. Но за да биде заштитен тој, не треба да заборавиме дека не треба да бидат заштитени и оние кои ја ограбуваат државата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Нека ми прости господинот Митко Анастасовски но ова последното негово залагање за егалитаризам ми заличи малку на стремежот на комунистите. Само во комунизмот сите луѓе се еднакви, таму секој ќе работи колку што може, а ќе прима колку што му треба. Видете, кога и сиромаштијата ќе зачука на врата и дома, тогаш почнуваат караниците. Веројатно и во општеството, кога ќе притисне сиромаштијата, се влечат можеби некои изнудени потези и ќе предизвикаат сосема различни импликации и рефлекси во однос на правата на некоја категорија граѓани.

Јас овде излегов повеќе мотивиран од она што го кажа господинот Котевски во својата дискусија и некако фигуративно покажа дека еве едни се од врвот, така со глава покажа и ќе се залагаат за тие права што се запишани овде и за кои некои говореа, а другите се од дното и ќе ги бранат интересите на тие од дното. Јас морам да ви кажам дека ми е малку непријато за оваа работа да говорам но за да бидам искрено сватен ќе ви кажам дека татко ми е градежен работник и е пензионер и ужива старосна пензија од нецели 6 илјади динари, а

мајка ми е домаќинка. Според тоа, ако треба да се говори за категоризацијата, нека се суди. Но излегов да кажам следново:

Сите цивилизирани општества спрема оние што ја создале државата имаат историски долг, имаат цивилизациска обврска и однос. Потоа, државите што се настанати после големи револуции како што настанаа Франција, Швајцарија, ќе ги посочам САД и оваа дигресија што ја направи докторот Стојановски овде, заштитата на мазгите од Черчил, не е ништо друго туку цивилизациски однос кон оние што ја создале англиската држава. Ако нешто не е в ред на таа релација, дајте да седнеме да разговараме да побараме елементи од Владата да ни даде дали тие прописи треба да ги измениме, но немојте да давате и на таа работа идеолошка конотација. Зашто комунистите иако стоеја на чело, први почнаа и добро што ја почнаа и организираа борбата, НОБ имаше општонароден карактер и неа ја изведоа пред се граѓаните односно луѓето кои не беа членови на ниедна политичка партија. Според тоа, овде не еднаш се спомна од оваа говорница борците, па борците. Сигурно дека има шпекулации и ова што господинот Тошев говореше, и ова што го говореше господинот Мицевски, има шпекулации и со двајца тројца сведоци да се стекне пензија.Но тоа е се во сферата на шпекулации и тоа ќе треба да се стави под лупата на критиката и да се изоцени. Јас не бегам од тоа, меѓутоа, така треба да се направи. Мислам дека тој предлог треба да се прифати. Но се работи за тоа дека овде во структурата на пензионерите, говорам за овој материјал што ни е поделен од Владата како дополнување на информацијата, стои прецизно дека 81,9% корисници на пензија примаат 6 илјади динари пензија. Тоа е просечна пензија за 145.642 корисници на пензија, а само 2,8% од вкупниот број пензионери примаат над 10.000 динари пензија. Долу стои дека 168 корисници имаат пензија 17.727 динари и само 66 корисници над ова. Ако тоа го решава вкупниот проблем на сите да се подигне нивото на пензијата, јас мислам дека нема пратеник овде кој тоа нема да го поддржи, но мислам дека доста илустративно гови дека тие корисници на пензија кои биле така да кажам привилегирани од револуцијата наваму се многу малку и јас верувам дека од ден на ден тие ќе станувaат се помалку. Не дај Боже ако почнеме некоја друга револуција што предложи овде некој дека пак може да има нови борци. Според тоа, нашиот однос кон овој проблем треба да го поставиме онака како доликува, и јас тоа го прифаќам во информацијата. Има краткорочни мерки кои до крајот на годината треба оваа тешка ситуација да ја пребродат, и има подолгорочни мерки кои иницираат поопстојна расправа, донесување на прописи, измена на статусот на корисниците на пензија кои се обезбедени со прописи итн. Според тоа, мислам дека затоа треба да се прифатат овие мерки што се предлагаат што се усогласени од повеќе комисии, за да може и краткорочните и долгорочните мерки Владата да почне да ги обработува.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Јас бев принуден да станам, меѓутоа, не го користам терминот реплика и не се користам со такви позадински и нечесни работи. Вие јасно слушнавте што кажав јас и кажав уште на самиот почеток дека станува збор за луѓе кои станаа да разговараат и бранат две категории на пензионери, кажав некои повластени и оние од дното. Меѓутоа, не употребив термин ни борци, ни овие, ни оние. Истото

онаш то јас го предложив дека ги прифаќам овие мерки од Владата, го предложи и господинот Тито Петковски. Тука нема ништо спорно. Ако некој мисли дека за таа категорија на луѓе пензионери во Република Македонија немало досега одредени повластици или ќе им се скратат, во случајот се знае кој на такви односи сака да сугерира, јас мислам дека поголем е бројот и многу поголем е бројот на обесправените, или поголем е бројот на оние кои имаат минимални ниски пензии, кои немаат ни една ламбада да си купат пред смрт. Затоа, треба малку да го поставиме прашањето така како што го поставила Владата и јас на тоа инсистирав и реков дека таа сеопшта сиромаштија во Македонија треба да ја споделиме. Тука се поставува прашањето на солидарноста и човечноста, а гоподинот Тито Петковски ни кажува дека тоа било комунистичко на поранешниот систем. Треба да разликуваме меѓу комунистичко и правичност, правичноста во распределбата и законската регулатива е една, а комунистичката идеологија е друга. Комунистичката идеологија, барем она што ние ја гледавме за овие години колку што јас знам и колку што имам години, знам врз кои принципи беше поставувана, знам и како се земаа пензија и пред пензионирањето тие моќници што беа во Република Македонија за четири-пет месеци или една година му го зголомуваат личниот доход или ќе измислеа разни клаузули во систематизацијата и во правилникот за лични доходи, за да добијат поголема стапка и за да можат пензиското осигурување да го остварат на повисок степен и со поголема пензија. Сето тоа нам ни е јасно и гласно, меѓутоа, да не се навраќаме во минатото и да не се служиме со вакви работи кои не доликуваат. Јас не сакав ниту едната ниту другата категорија да ја спомнам, меѓутоа, тоа што е факт, е факт и нека остане на времето, на оваа Влада и на овој ресорен министер да ги согледа и правично да ги реши низ законската рогулатива што треба да седи за 1992 година, а овие мерки повторно кажувам дека ги прифаќам во целина, со она што кажав дека стапката од 16-18% е дискутабилна и можеби треба да биде.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас имам само една мала интервенција во поглед на предложениот заклучок во точка 4. Бидејќи во точка 1 се утврдува дека Собранието на Република Македонија ја разгледа и усвои Информацијата за актуелната состојба и мерките за обезбедување на средства, сметам дека почетокот на точка 4 е во контрадикција со точката 1. Затоа, предлагам првите 6 реда да се избришат, а точката 4 да почне воднаш со зборвите: "Собранието укажува дека е потребно Владата на Република Македснија врз основа на Уставниот закон во покус рок", меѓутоа предлагам тој покус рок да не биде недефиниран туку да се каже "а најдоцна до 31 јануари 1992 година" заради тоа што донесувањето на новиот Републички буџет е сврзано со параметрите и висината на стапките за пензиско и инвалидско осигурување кои што треба да бидат утврдени и предложени со новите системски закони за конзистентно и целосно решавање на овој вид осигурување. Од тие причини бидејќи досега секогаш недефинирано ги утврдуваме роковите, предлагам единствено значи точката 4, првите шест реда да се бришат, да почне со зборовите "Собранието укажува дека е потребно Владата..." и да се стави рокот", а најдоцна до 31 јануари 1992 година", бидејќи предложениот Закон за извршување на ребалансот на Буџетот се предлага, да трае до почетокот на месец февруари идната година. Тоа се моите предлози во поглед на заклучоците.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Ќе кажам кратко за одредени проблеми.

Во материјалот на страница 4 во делот каде што се зборува за бројот на вработените во СИЗ-от за пензиско и инвалидско осигурување стои дека "со се преземените работници од општинската СИЗ за здравствена заштита вработени се вкупно 629 работници или 0,9% од вкупните трошоци на работењето што не претставува голем товар". Оттука произлегува и едно прашање што навистина претставува еден проблем ододделени општини, така што решенијата за пензионирање во мојата изборна единица - имам два такви случаи - не можат да ги добијат ни во рок од 6 месеци, а исто такви проблеми имало и во Куманово - сега се консултирав со моите колеги - Дебар и Кичево. Затоа, мислам дека СИЗ-от треба да биде малку поажуриран во однос на оваа проблематика.

Второ, имам конкретен предлог во заклучоците да стои во точката 4, последната алинеа - да се изготвува нов пензиски систем и таму да продолжува и на крајот завршува" по угледот на развиените земји", затоа што навистина досегашниот пензиски систем не обезбедува сигурност на пензионерите, а исто така младата генерација која денес вложува капитал за пензиско осигурување мора тој капитал кога ќе оди во пензија и да го има како соодветен.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Неколку зборови во врска со оваа информација, по мое мислење и анализа, бидејќи е многу добра и содржинска и укажува на сите моменти кои што се значајни за ова прашање. Во одредена смисла дава и други решенија. Не се согласувам само со некои работи кои се констатирани во Предлог-мерките.

Со точката 8 од Предлог мерките не се согласувам каде што се зборува да се преиспита работното ангажирање на лциа преку младинските и студентските задруги, а исто така надлежните инспекциски и други органи во општините и стручната служба на фондот треба да преземаат енергични мерки со цел да се спречи истовременот работно ангажирање на пензионерите и користење на пензија. Мое лично мислење е дека ова не треба така да стои од причина што - што претставува пензијата. По мое мислење претставува термин на минат труд кој е вложен. Ако е така тогаш тој за тоа што го вложил сега добива пензија и така треба да одговориме на прашањето, всушност да бараме одговор на прашањато каде се парите, за што нема за оние кои што треба да земат тензија, ако веќе вложиле за тоа, а јас така ја претпоставувам пензијата. Велам не се согласувам затоа што овој дополнителен труд сега што се дава, тоа пртставува дполнителен нов вложен труд и по мене тој треба да биде исплатен на сосема друг начин. Ако тој оди легално повторно, ќе ни се враќаат средствата и пензиите подобро ќе бидат исплатени отколку на овој начин што велиме дека ќе ги натераме инспекциските служби, ама крајот сепак ќе ни биде незадоволителен. Истото важи и за задругите.

Второто прашање е тоа што исплатата на личните доходи во бонови ние како општество мислам дека не сме направиле со тоа ништо.

Зашто? Ние ја знаеме оваа ситуација кога ја пишувавме Информаицијата. Во Информацијата тоа е напишано и е наведено и знаеме дека е преку бонови, па дури до проблеми до кој доаѓаат работниците кога земаат личен доход во бонови. Доаѓаат работниците. Зошто? Боновите гласат на одредено претпријатие па одат со тие бонови во тоа претпријатие да си земат роба, а во тоа претпријатие нема роба и што станува? Стануваат недозволени работи. Затоа велам дека треба да правиме напор да не дозволиме ниеден динар да се

исплатува, а мислам дека сме моќни тоа да го чиниме бидејќи е ова јавна тајна, да не се исплатува во вид на бонови. Да се исплатува по редовен пат. Доколку така постапуваме, сигурно дека ќе ни се случи друга работа. А што е тоа? Ке ни се зголемат средствата. Можеби не ќе има потреба да ја зголемиме стапката. Можеби оваа тема треба да биле предмет на посебна анализа зашто само така може да се докаже. А средствата колку се исплатени по овој основ во бонови, мислам дека лесно може СОК да ги утврди, бидејќи тие некаде се искажуваат. Не може да не се искажуваат.

И на крајот да дадам една поддршка, ова укажува и на тоа што претходниот дискутант кажа дека треба ново системско решение. По се изгледа дека вкупните давачки и оптоварувања на товар на личниот доход, мислам тоа е мое мислење дека се доволни. Меѓутоа ќе треба да се изврши нова прераспределба. Таму каде што има многу да се намалат, а ваму каде недостасуваат да се дополнат и на тој начин мислам дека ќе успееме да ги решиме овие проблеми.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, излегов само со една намера, прво со цел да се вклопам со дел од дискусиите кои се наменети за маркетинг од оваа говорница за да влезам и јас во тој хор. А кога поготово за оние говорници кој препорачуваат солидарност во однос на решавањето на проблемите од пензиско-инвалидско осигурување и мислам дека во тој случај би било чесно и аргументирано пред се да се тргне од сопствениот пример. Па во таа смисла јас би дал вака два предлози.

Прво, овие  дискутанти - пратеници, а истовремено пензионери кои истовремено примаат и пензија и пратеничка прата да се откажат од едната категорија во корист на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување со што конкретно ќе придонесат за санирање на состојбите во пензиското инвалидско осигурување, и вториот предлог е да ние сите како пратеници од овде поготово и дел од дискутанти од овие сојузни пратеници кои дискутираа овде, со обзир дека имаат многу повисоки лични доходи да се откажиме во корист на Фондот за пензиско инвалидско осигурување со обзир дека е состојбата таква каква што е па да придонесиме во однос на разрешувањето на проблемите со она што е состојба до крајот на оваа година. Тоа е тој дел, и сакам да кажам сега нешто посериозно во однос на информацијата што е овде за расправа тоа е Информација што укажува на состојбите во кои се наоѓа Фондот за пензиско и инвалидско осигурување во делот и состојбата на корисниците кои се до крајот на оваа година пред се од сите недоследности на системот кој досега бил актуелен и сите слабости кои се маркирани и во минатиот период, а највеќе во овој период кој сега постои. Јас ги прифаќам во целост дискусиите во тој дел кога одеа разрешување на тој проблем и пред се предлог-мерките во Информацијата и предлог-заклучоците што ни се доставени за крајот од расправата на ова Собрание, посебно како мој прилог консеквентен за долгорочно разрешување на овој проблем би сакал своерачно да ја потпишам дискусијата на Ештреф Алиу.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Масалковски.

**ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ:**

Јас имам еден конкретен предлог во точка 3 по следниот

став каде што се зборува барам дополнување во овие рамки потребно менување на стапката на придонесот од 16,5% на 18% измената се состои во продолжување на тој став при што дел од овој процент на зголемување на стапката да се насочи за зголемување на пензијата на корисниците на земјоделска старосна пензија и таа да изнесува најмалку 1000 динари.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, се спомна маркетинг, па и јас одамна не излегов, па и јас еден маркетинг да си направам гласачите да не помислат дека некој ми ставил фластер на уста. Ме иритираше односот на некој дискутанти, мислам добри стручњаци по оваа проблематика за пензиското осигурување. Меѓутоа, би напомнал една работа, истите тие стручњаци учествуваа во ова досега, таканареченото едноумие што многу го експлоатираме тука и на некој начин тие пензиски фондови ги снема. Каде отидоа? Па би потсетил околу таканаречените пензиски фондови ги велам таканаречени, затоа што навистина испарија дека германците кога ја окупираа Југославија на пензионерите што беа од бивша Југославија им даваа пензии. Не им ги укинаа пензиите.

Меѓутоа, како ние сега имавме 45 години една држава, имаше пензиски фондови, кои всушност не биле пензиски фондови. Значи ги немало тие пензиски фондови. Се напомна тука дека има некои повластени и дека треба да примаат повластена пензија, малку се луѓето, а треба да примаат повластена пензија. Јас би ве потсетил дека од пред извесно време со 92 гласа усвоивме нов Устав на Република Македонија, каде што тие повластени со членот 36 се изедначија со сите, без разлика дали биле комунисти, ветерени некој на ВМРО и така натаму, ги изедначивме сите борци за македонската кауза. Па мислам околу тие таканаречени повластени кои цело време се јавуваат во средствата за јавно инфор-мирање, реагирајќи дека тие своите повластици ќе ги изгубат итн. па би потсетил дека исто имаше борци во таа НОВ кои беа земјоделци, луѓе не беа научени како да си ги остварат своите боречки права, а денеска имаат пензија од 180 динари или 200 динари итн.

Тука исто така едно стручно мислење слушнавме дека уравниловка во пензиите нема никаде дека е тоа комунистичко итн. Да ги потсетам тие стручњаци дека имаме таканаречени трули капиталистички земји каде што пензиското осигурување е решено на еден поправеден начин. Начин каде што секој со одредена старосна граница, без разлика дали работел или не работел има пензија. Тука, треба да ја споменеме Данска. Ако некој знае какви се пензиите во Данска ќе види дека Данска никогаш не била комунистичка земја, меѓутоа има како кажуваат некои стручњаци има некое комунистичко решение, урамниловка итн.

Еден маркетинг се прошири тука, ете така, некои сојузни пратеници итн.,па господа би кажал дека секоја партија прави маркетинг. И тоа е добро, зашто гласачите наши не гледаат. Мора да правимо маркетинг. Утре ќе дојдат нови избори. Па 6и потсетил дека маркетинг не е маркетинг, денеска во "Република" прочитав, не знаев дека некој сиромашни пратеници тука дури и

општествени станови добиле. И тоа е маркетинг. Добро, човекот си го решил прашањето во ред е. Изгледа нема каде да живее итн. Што да правиме ние што имаме каде да живееме?

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јавува господин Минов.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, најнапред да кажам дека целосно ги поддржувам мерките што се предложени од Владата посебно во воведувањето дегресивниот начин на усогласувањето на пензиите со што сум уверен дека ќе се постигне целата на правичноста меѓу пензионерите и сакам да предложам една интервенција во заклучокот под 1 број 3, во третиот став во кој се кажува дека во овие рамки е потребно менување на стапката на придонесот од 16,5 на 18%. Ние во работата на овој Парламент и на оваа седница во заклучувањата по претходните информации заседовме став да не антици-пираме и да не прејудицираме одредени решенија кои треба да бидат конкретно содржани во одредени прописи или закони. Сметам дека истото како став би имало основа да важи и во ова решение бидејќи одлуката за стапката на придонесот ја носи фондот, како што беше до сега таа оди на согласност во Парламентот. Во таа смисла предлагам овој став 3 од Заклучокот 3 да гласи: "Заради намалување на недостигот на сред-ства и ублажување на неповолните состојби има потреба да се зголеми стапката на придонесот" која по предлог на Фондот ќе биде предмет на давање согласност од Парламентот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Мицевски.

**БЛАГ0ЈА МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, се извинувам но сосема накратко. Сметам дека предлогот од Масалковски колегата што предложи да му се наголеми стажот на земјоделците за 1000 динари не треба да се прифати заради тоа што веќе ние донесовме закон и со законот за издвојување за ПИОМ да се донесат решенија како во работен однос рековме од 1991 година. И според тоа пак така ние ќе ги осакатуваме на тој начин, еден симболичен начин. И оние што земале сега по 90 сега само треба да им се премерат решенијата од 1992 година да примаат како што е тоа речено со законот за издвојување на ПИОМ, а не да биде помош.

И едно друго појаснување, што се стекна дека се создава политички маркетинг со пензиите. Ако сака да се преуреди дури и јас се имам откажано уште од севте и не примам пензија. Второт, дури јас чекав да видам сите пратеници што ќе направат. Јас три месеци не зедов Дури можете да проверете тука во документацијата, јас почнав да земам од 1 април, а сите вие земате од 1 јануари.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Оние кои добиваат од јануари добиваат од 8, а не од 1 јануари.

Еве сега вака има еден предлог на Масалковски, друг е на Мицевски и трет е по истиот став на Панче Минов. Ке дојдеме ние низ изјаснување на Собранието до решение, зошто седум пати да

се јавуваме за исто прашање.

**ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ:**

Мојот предлог се однесуваше само на категоријата на земјоделци старосно осигурени што примаат пензија, а не на земјоделци кои по редовен пат, како другите категории ќе стекнат пензија од наредната година. Се однесува на право кое е стекнато со постојниот закон за старосно осигурување на земјоделците. И за таа категорија јас предложив измени, додека за другите земјоделци од наредната година ќе го остварат тоа свое право врз основа на законот за земјоделско осигурување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам сега да му дадеме збор на министерот, само во излагањето да ни даде одговор на прашањата што ни беа поставени и на овие предлози како да се изменат заклучоците, во точката 3 и 4 зашто има предлози тие да се изменат на разни начини и во точката 4 господинот Петров даде амандман, прецизен и вие го чувте.

**ИЛИЈАЗ САБРИУ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, мислам дека и денешнава расправа на Парламентот укажа дека проблемите се доста сложени и тешки во оваа област и затоа имаше доста дискутанти и покрај тоа што имавме доста богата и плодна расправа во телата на Парламентот, и мислам дека скоро сите дискутанти укажаа и предложија такви решенија кои веројатно, ние како надлежно Министерство и Владата ќе ги имаме предвид при изготвување на новите решенија што треба да ги предложиме во оваа област.

Ќе се обидам само накратко да дадам одговор на неколку прашања што беа поставени пред Парламентот. Пред тоа само да кажам Владата на Република Македонија оваа година неколку пати расправаше за оваа област и одлучи согласно заклучокот на Собранието една ваква расправа да отвори пред Парламентот, се со цел да дабие виза и мислења за натамошните активности на Владата во оваа област. И мислам дека тука е оправдана целта,еве денеска такво нешто и добивме според моја оценка.

Во почетокот да кажам дека просечна пензија денеска во Република Македонија изнесува 4.350 динари, или да не ве заморувам со многу бројки, тоа изнесува 77,6% од просечна плата во Република Македонија. Значи 77,6% просечна пензија во споредба со просечна плата или загарантираниот личен доход кој што се исплатува со тешки маки во Републиката и стопанството, а еден голем дел на организации и тоа не можат да го исплатуваат, во Републиката тој изнесува 94%. Значи најниска пензија и загарантиран личен доход соодносот од 94%. Од тие причини мислам дека оправдани беа и укажувањата на сите пратеници дека навистина се судруваме со тешки проблеми во оваа област.

Понатаму оваа информација и денеска за жал имаше по моја оценка некоја конотација со мали примеси на политички анализи што воопшто Анализата и Информацијата немаше за цел, ниту Владата има за цел такво нешто. Ние пристапивме кон стручно и аналитичко анализирање на состојбите со предлог-мерки до крајот на годината само до 1991 година бидејќи за 1992 година ќе кажам нешто на крај бидејќи така беше и предложено. Ние во оваа Информација пристапивме кон изнаоѓање на можни решенија за

ублажување, ако не можеме целосно решавање на проблемите за оваа година во оваа област, бидејќи се судруваме некаде со загуба, односно со недостиг на средства сега во овој момент некаде над милијарда нови динари. Тоа изнесува некаде околу една ипол пензија во Републиката за овие 180 илјади пензионери колку ние денеска ги имаме. Заклучокот на Собранието не задолжува за тоа да водиме сметка за оптоварување, односно да го растовариме стопанството, жестоки битки водевме во Владата и во комисиите на Парламентот да не дојде до тоа оптоварување на стопанството. И оваа стапка што денеска се предлага во мерката да се зголеми од 16,5 на 18, верувајте дека во добар дел ќе ги олесни овие состојби тука, ќе ги подобри, но нема да ги решава, бидејќи таа стапка само да изнесам дека 16,5% изнесува е рамно на стапката што требало да се плати во 1987 година кога во Република Македонија сме имале ни малку, ни повеќе 52 илјади пензионери помалку отколку што имаме денеска. Значи овие елементи не натераа ние да пристапиме кон едно вакво зголемување на стапката и таа стапка изнесува само за 1,5% зголемување.

Второ, бидејќи сите буџети на Републиката и на Федерацијата, бидејќи федерацијата не постои, а одамна не постоеше и не доаѓаа средства во овој фонд ние пристапивме да сите долгови што ни ги должи федерацијата и Републичкиот буџет треба да ги плати во фондот за пензиско и инвалидско осигурување за сите оние права кои на некој начин денеска беа тука спомнати, или не спомнати за кои зела обврска оваа Република и бившата федерација да се измируваат. И тие обврски не се ни малку, ни повеќе некаде околу 600 милиони нови динари само за оваа година што треба да ги измириме во тој фонд. Но, сигурно Владата неможе да пристапи само кон вакви финансиски средства да ги зголемиме стапките, или овие ставки од Буџетот, но Анализата покажа дека веројатно треба да пристапиме кон преиспитување на некои права. Тука за жал и денеска и порано и во Владата кога расправавме доста се политизира така да кажам ова преиспитување на правата дека испадна дека Владата сега има нешто против една категорија која по мене не би сакал да дадам било каква оценка, но веројатно ја создадоа една ваква држава за која ние денеска расправаме и за која ние се бориме да биде таа суверена, самостојна, независна итн. и најмала намера имаше Владата да ги преиспита правата на борците, бидејќи тука ни се борците еден дел од НОВ, една категорија многу мала околу 320, 330 носители на партизански споменици, другиот дел ни се наши борци во Републиката, значи не се носители на споменици и еден добар дел ни се борците од ДАГ и од НОД. Така што целата таа категорија е внесена тука и ние одиме на преиспитување на правата за кои ќе предложиме и конкретни закони. Не можеме ние со оваа информација да ги преиспитаме правата или да ги укинеме правата.

За сите тие работи ќе дојдат закони овде, па ќе водиме расправа, па ако одлучи Парламентот и таква одлука и таков закон ќе биде прифатен. Да ве информирам ние само одиме на преиспитување на правата на гарантираната боречка пензија која досега се мерела со југословенски просек. Јас како економист, како министер не знам колку е денес југословенскиот просек бидејќи не постои Југославија и немаме таков просек. Бидејќи

имаме резолуција и устав за самостојна и суверена Македонија ние сите права и обврски мора да ги регулираме со нашите процеси во стопанството, мораме да ја делиме судбината на ова наше стопанство кое е доста сиромашно. Значи, тоа е едно мало право кое во проценти повлекува доста некои мали намалувања сразмерно колку беше разликата порано ако се сеќавате меѓу југословенски просек и македонски просек, тоа е некаде 30 до 30%, односно 20% во оваа област.

Второ право е носителите на партизанската споменица досега беа максимумот што можеа да го земат беше со член на Претседателство на СФРЈ односно највисокиот личен доход во Југославија. Ние таква Југославија сега немаме и не признаваме. Имаме претседател на Република Македонија со највисок коефициент и тоа право го врзуваме со највисокиот процент. Така што во тој однос ѓо преиспитуваме и тоа право, односно го образуваме за наш процент.

И третото право што треба да го преиспитуваме, односно предлагаме да се укине Законот за што добивме целосна поддршка од здружението на борците од сите чинители во Републиката, тоа е Законот за посебни додатоци во 1980 година е усвоен еден закон во Собранието. Со посебен додаток на оние функционери кои имале значителни функции и задачи во Народноослободителната војна.

Ние цениме дека таа бројка од 1700 веќе е исцрпена и тој закон веќе треба да се укине бидејќи реков, добивме и целосна поддршка и од самите борци.

Овие три елементи се сегменти кои не даваат финансиски кој знае какви финансиски резултати, но мора ако излеземе со преиспитување на правата, мораме и тој систем да го рационализираме.

Сега би се задржал накратко само на прашањата, се извинувам господине претседателе, господинот Хаџиски предложи една задача, односно вчера ни го соопшти нас, а се работи по мое мислење на неусогласености на три закони. Тоа е законот за работни односи, Законот за пензиско и инвалидско осигурување и Законот за стопанисување со личен труд и средства, односно Законот за мало стопанство кој е донесен во 1989 година. Тој закон со цел за тотална либерализација и за вклучување на што поголем број на вработени во процесот на производството дава можност да и пензионер биде вработен, односно да отвора дуќан, приватен дуќан итн. И од тие причини таму овие луѓе имаат право да отвараат приватни дуќани, но по Законот за пензиско и инвалидско осигурување кој е системски закон не предвидува никакви олеснувања, односно ослободувања од едно такво право и бара ако пензионерот заснива работен однос да ја укине односно да ја прекине пензијата, односно да одлучи за што ќе се определи, кое повеќе му одговара. Ние тој закон сега го дознавме бидејќи сега почна некои решенија СИЗ-от да ги применува и ние се договоривме на колегиум и заедно со Фондот и со Министерството за финансии да ги преиспитаме овие три работи, три закони и да и предложиме на Владата соодветно решение за што веројатно ќе мора да дојдеме и до Парламентот и тоа мислам дека многу брзо ќе го спроведеме. Така што тука не би требало. Ние дотогаш ќе ги стопираме овие исплати, тие неколку милијарди што треба да ги плаќаат овие пензионери

посебно на оние категории на занаети кои се во изумирање во Република Македонија. Лично мислам дека тука треба да направиме некои отстапки, но тоа ќе биде работа на Владата. Јас предвреме не можам ништо да кажам на тој план.

Второ, тука беа кажани, односно беше оспорен господинот Благоја дека заштитен додаток нема, укинат е и нема потреба ми се чини господинот Стојановски од Законодавно-правната комисија, не е точно и другарот Благоја сега да не кажувам кој е во право, кој не. Законот за заштитен додаток и понатаму е на сила и тој заштитен додаток се исплатува. Според тоа пензионерот е должен во талонот што му пишува на задната страна да ги пријавува сите измени, не само за овој елемент, туку и за другите елементи. Пензионер користи семејна пензија. Главниот носител на пензијата починал, фамилијата е должна сите измени, деца на школување итн. да приложи документи за кои ние треба да имаме, односно фондот треба да има точни податоци. Оваа категорија на заштитен додаток го користи еден добар дел на пензионери во Република Македонија, така што не е укинат тој закон и тој е на сила.

Господинот Ештреф Алију предложи да во заклучоците кога ќе дојдеме. Каде се парите, не би сакал да се впуштам, мислам дека тоа во Информацијата ние го даваме. Само да кажам дека ние досега како Република Македонија, како Република на Југославија, со тоа и Југославија и сите републики имале тековен систем пензиски што не е случај во западните земји. И ние не можеме за 24 часа да преминеме кон еден таков нов систем. Според тоа, ние не сме имале некои кој знае какви фондови кога почнавме од 1946 година создадени од некое којзнае какво стопанство, бидејќи знаеме со што сме почнале и секој месец, односно секоја година се финансирало тековно. И по нас, по мене лично никакви некои злоупотреби, или да не употребам некој потежок збор, тие пари каде се? Тие пари се кај пензионерите. А сега каде се парите за два месеца, се во големиот број на пензионери кои ние денеска ги произведуваме околу 1350 месечно. Нашето стопанство врши страшен притисок за отпуштање на работници, за решавање на технолошкиот вишок преку пензионирање на работниците. А знаеме тоа стопанство исто така треба да го сноси најголемиот товар за оваа исплата на пензиите. Така што тоа е еден комплексен систем и не можеме така да дадеме оценка дека вака, или онака било, но ние имаме обврска за тоа не задолжувате и денеска и порано да пристапиме кон нов систем кој ќе почнеме да го применуваме од западните земји. Но, верувајте дека и тоа не ќе можеме така лесно. Ние одиме на еден пазарен систем, но за тоа треба да создадеме предуслови, еден фонд кој денеска изнесува ни малку, ни повеќе околу 12 милијарди динари, а Буџетот на Републиката со ребалансот ми се чини дека е само толку. Значи еден буџет плус имаме само за пензионерите, затоа што таа бројка е 180 илјади денеска со тенденција на нагло зголемување на бројот на пензионерите во Републиката. Доста беше расправано за дегресивната мерка. Ве молам таа мерка не ја признава пазарното стопанство и ние сме убедени во тоа и тука не би требало да се убедуваме ако расправаме како економисти. Но, бидејќи имаме вакви разлики и во јавноста е создадена кој знае каква разлика. Во новата информација што ви ја доставивме има точен број кој

колку зема и која е таа бројка. Ако е решението во тие 66 души, или 266 души, мислам дека ако преземеме било какви мерки тоа не ни ги решава проблемите, но за да не создадеме некој голем јаз во ова време на сиромаштија ние предлагаме една дегресивна мерка како времена мерка, не како трајно решение како системско решение во областа на пензиското и инвалидското осигурување.

И конечно да одиме на амандманите, незнам дали се овде опфатив, но мислам дека и меѓу себе се надополнуваа пратениците и нема потреба денеска многу да должиме.

Одиме на амандманот во точката 3. Тука имавме амандман од пратеникот Масалковски кој предлагаше од стапката од 16,5 до 18% еден дел да биде насочен за земјоделците кои денеска примаат 150 до 200 милиони стари динари. Такво нешто Владата неможе да прифатиме бидејќи таа категорија денеска изнесува 29 илјади земјоделци по една милијарда стари, односно една илјада нови динари тие се огромни средства кои треба да ги обезбеди Буџетот, не може да ги обезбеди фондот за пензиско инвалидско бидејќи таму треба солидарност, треба тие да гласаат и да се согласуваат. Ако ние сме спремни како држава да платиме, јас немам ништо против и за такво нешто. Но, ние сега во овој момент без конкретни анализи не би можеле тоа да го прифатиме. И затоа мислам дека така и треба да остане предлогот. Имавме предлог исто така на точка 3 од Собранието од господинот Минов кој предлага да биде и комплетна одлука, да имаме и одлука, бидејќи следи и одлуката за стапката за зголемување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде само да стои констатација дека е потребно да се зголеми стапката. А да се зголеми стапката со акт кој ќе дојде после.

**ИЛИЈАЗ САБРИУ:**

Тоа мислам дека е прифатливо и таков акт денеска се наоѓа на седница на Владата за на 10 да го фатиме повторно Собранието бидејќи исто така сега кон новиот закон Собранието дава согласност, односно ја донесува Собранието. Така што ние сакавме и денеска, јас нешто и со секретарот разговарав, но да не мислите дека сакаме денеска нешто да истераме набрзина, за 10 да го усвои Владата на смирен начин и после да дојде во Собранието таа одлука прифатлив е така амандманот, односно предлогот на господинот Минов.

И на амандманот на точка 4 имавме неколку укажувања од неколку пратеници. Тука е господинот Ештреф Алију, Тодор Петров и некои други. Господинот Тодор Петров предлага да утврдиме рок до 31 јануари 1992 година да предложиме нов системски закон. Владата, јас и како министер за труд и социјална политика не можеме да прифатиме еден таков рок бидејќи е доста краток рокот. Ние работиме, имаме прво работен материјал каде е вклучена и науката економски факултет и правен факултет, но за месец ипол ние не би можеле и би биле несериозни да прифатиме, а да не сме подготвени, но што побрзо ние треба да предложиме нов системски закон за решавање на проблемите во пензиското и инвалидското осигурување. Така што предлагам и молам господинот Петров да не инсистира туку ние да не утврдиме точен рок до кој ден, туку што поскоро ние да излеземе пред Собранието со еден таков закон. Но, тоа се разбира да не биде што побрзо од 31

декември 1991 година. За мене тоа е логично, но еве во првата половина на 1992 година ние да излеземе со нацрт-закон во областа на пензиското и инвалидското осигурување. Мислам дека такво нешто би можеле да прифатиме. Инаку јануари наредната година не би можеле во никој случај.

И на крајот незнам, не забележав други амандмани за точката 8 имаше доста укажувања да отпадне. Јас инсистирам да остане бидејќи ни создава исто така доста проблеми, доста средства ни се преливаат, или ни се затајуваат во приватниот сектор, а знаеме денеска трансформацијата како оди, што оди во приватниот сектор и ако таму не ја зајакнеме контролата ние ништо немаме против вработувањето. Напротив се залагаме за вработување во малото стопанство, во приватниот сектор, но тие вработени треба да ги плаќаат сите придонеси спрема државата во сите нејзини области. И затоа предлагам и таа точка да остане. И на крајот би ве молел со овие заклучоци што Собранието ги предлага денеска и со овие некои интервенции мои што можеме да ги прифатиме би ве молел уште еднаш да ја прифатиме информацијата бидејќи треба да работима на доста и голем закон и големи проблеми кои ни следат во оваа област.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и предлогот на заклучокот го ставам на гласање. Притоа колку што го сватив министерот амандманот на Минов е прифатлив и последниот став на точката 3 гласи дека Собранието констатира дека е потребно да се зголеми стапката на придонесот. И дека предлогот на господинот Петров, првите два става да отпаднат од 4-тата точка и таа да почне со "Собранието укажува дека е потребно" се прифаќа. Така сфатив. Само не се става датум. Тој го повлекува датумот. По одлуката ќе имаме расправа. Стапката ја утврдуваме со Одлуката. Овде сега се согласуваме да се зголеми стапката. Со овој заклучок ние не одлучуваме за стапката каква да биде тоа со одлуката се одлучува. Може да биде и поголема и помала. Треба да ја одбраните таа што ќе ја предложите. Еве сега точно знаеме како гласи Предлогот на заклучокот.

Го давам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (76 пратеници)

Дали има некој против? (1) -

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои Заклучокот.

Минуваме на точка 28.

Предлог на одлуки за разрешување и именување претставници на општествената заедница во органите на управување во:

Советот на Педагошката акдемија "Гоце Делчев"-Штип Советот на Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас-Скопје,

Собирот на работните луге во Заводот за згрижување воспитување и образование на деца и младинци "Ранка Милановиќ"-Скопје.

Советот на Специјалната болница за белодробна туберкулоза "Јасеново" - с. Јасеново- Т. Велес,

Советот на Економскиот институт - Скопје,

Советот на Ветеринарниот институт – Скопје

Советот на Факултетот за музичка уметност,

Советот на педагошката акдемија "Климент Охридски",

Советот на Факултетот за физичка култура - Скопје,

Советот на Инстиутот за македонски јази "Крсте Мисирков", - Скопје

Работната организација - Медицински факултет и неговите ОЗТ - Клиники и институти - Скопје,

Предлозите на одлуките Ви се доставени, односно поделени.

Отоврам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлозите на одлуките ги ставам на гласање.

Кој е за предлозите на одлуките, молам да крене рака.

69 пратеници гласаа за одлуките.

Дали е некој против? (2).

Дали некој се воздржува од гласање? (5).

Констатирам дека Собранието ги донесе одлуките за разрешување и именување претставници на општествената заедница во органите на управувањето.

Преминуваме на 29-та точка - Предлог на одлуки за именување и избор на членови на комисии за изготвување Предлог за именување индивидуални работоводни органи и тоа: за именување членови на Комисијата за изготвување Предлог за именување индивидуален работоводен орган - декан на Факултетот за ликовни уметници-Скопје; за именување членови на Комисијата за изготвување Предлог за именување индивидуален работоводен орган - декан на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид; за именување членови на Комисијата за изготвување Предлог за именување индивидуален работоводен орган на Економскиот факултет во Прилеп; за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Ансамблот за народни игри и песни "Танец" - Скопје; за именување членови на Комисијата за именување индивидуален работоводен орган на Правниот факултет во Скопје; за избор на членови на Конкурсна комисија за именување индивидуален работоводен орган на Економскиот институт во Скопје; за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Заводот за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци "Ранка Милановиќ" - Скопје; за именување членови на Посебната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Факултетот за музичка уметност - Скопје; за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Народната универзитетска библиотека "Климент Охрндски" - Скопје; за избор

на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Ветеринарниот институт "Скопје" - Скопје; за

именување членови на Посебната комисија за именување инднвидуален работоводен орган на Педагошката академија "Климент Охридски" - Скопје; за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на

Природно-научниот музеј на Македонија.

Предлозите на одлуките ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не се јавува за збор, го заклучувам претресот и предлозите на одлуките ги ставам на гласање.

Кој е за предлозите на одлуките молам да крене рака? (64).

Дали има некој против? (3).

Дали некој се воздржува од гласање? (2).

Констатирам дека Собранието ги донесе одлуките за именување и избор на членови на комисии за изготвување предлог за именување индивидуални работоводни органи.

Преминуваме на 30-та точка - Предлог на одлука за именување членови на Управниот одбор на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија.

Предлогот на одлуката и Анексот ви се доставени.

Новиот текст на Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака?(61).

Дали има некој против? (5).

Дали некој се воздржува од гласање? (4).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување членови на Управниот одбор на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија.

Преминуваме на 31-та точка - Предлог на одлука за именување членови на Советот на Републичкиот завод за вработување.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака?(63).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (9).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување членови на Советот на Републичкиот завод за вработување.

Преминуваме на 32-та точка - Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката за Советот за Институтот за национална историја за именување индивидуален работоводен орган.

Предлогот на одлуката ви е поделен. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака (67).

Дали има некој против? (1).

Дали некој се воздржува од гласање? (5).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката на Советот на Институтот за национална историја за именување индивидуален работоводен орган.

Преминуваме на 33-та точка - Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката на Советот на Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза на Република Македонија, за разрешување од должноста директор и на Одлуката за избор на индивидуален работоводен орган на Институтот.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака ?(67)

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (1).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката на Советот на Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза на Република Македонија, за разрешување од должноста директор и на Одлуката за избор на индивидуален работоводен орган на Институтот.

Преминуваме на 34-та точка - Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката за именување индивидуален работоводен орган на Основната организација на здружен труд Национален парк "Маврово" - Маврови Анови.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (68)

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за именување индивидуален работоводен орган на Основната организација на здружен труд Национален паркт "Маврово" - Маврови Анови.

Преминуваме на 35-та точка - Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката за именување на индивидуален работоводен орган на РО Музеј на Македонија - Археолошки, Етнолошки и Историски - Скопје.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката молам да крене рака? (71).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (1).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за именување индивидуален работоводен орган на РО Музеј на Македонија - Археолошки, Етнолошки и Историски - Скопје.

Преминуваме на 36-та точка - Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката на Советот на Институтот за македонски јазик "Крсте Мисирков" - Скопје за именување индивидуален работоводен орган.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор Горѓи Ефремов, член на Владата и министер за наука.

**ГОРГИ ЕФРЕМОВ:**

Почитуван господин претседател, почитувани пратеници. Министерството за наука оценува дека е неопходно да ве извести дека е во постапка трансформација на институтите од националните дисциплини во смисла на нивно присоединување со МАНУ. Заправо, од тие причини Министерството за наука достави до Владата известување во однос на именување на индивидуален работоводен орган во институтите од националните дисциплини изборот на директори или в.д. директори да биде задржан во смисла на давање согласност истите да можат да ги обавуваат функциите до завршување на трансформацијата.

Оттука, несватливо е сознанието дека комисиите при Собранието дале согласност за избор на индивидуален работоводен орган за Институтот за национална историја и македонски јазик, а претходно тие комисии немаат добиено мислење од страна на Владата.

Ве молам, оваа информација да ја имате предвид, Владата оценува дека не е неопходно за месец или два да се врши именување на индивидуален работоводен орган, ако трансформацијата на овие институти е во постапка.

Второ, ако веќе Владата треба да даде предлог, сметам дека е дезавуирање ако не се слушне нејзиното мислење.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Прво да укажам министерот за наука малку задоцни, требаше да се јави пред да се усвои Одлуката за давање согласност за директор на Институтот за национална историја. Не знам од кои побуди, но пристапува со друг критериум. Во образложението предлага за двете да се даде согласност, а за Институтот за национална историја веќе дадовме согласност, а предлага да се стопира и таа согласност. Најверојатно тоа е од негови лични побуди. Постапката за избор на директор беше завршена конкретно во Институтот за македонски јазик од поодамна и сметам дека ќе немаше потреба сите дати да ги срамнуваме, Владата еднаш даде согласност преку Секретаријатот за кадри потоа непосредно дополнително даде, па не даде согласност, еднаш даде мислење да се запре постапката и ние ја запревме. Во тие противречности Комисијата одлучуваше и предлага на Собранието да се даде согласност и за избор на директор за Институтот за македонски јазик.

Ова е од причини, прво, Институтот како правно лице си

постои, нема да пречи и во наредниот интегрален процес во рамките на МАНУ самостојно да се изјасни за корисноста, рационалноста или во смисла на потребите на науката. Сметам оправдано треба да се даде согласност. Согласноста се однесува не на научниот развој, туку дали е запазена постапката за избор на директор. Ние во рамките на Комисијата оценивме дека правилно е спроведена, првостепено, второстепено, колективот извршил избор на директор и во смисла на правилно спроведената постапка ние предлагаме на Собранието да даде согласност. Во натамошниот развој на Институтот и соработката со Академијата нека се изаноѓаат како посебни субјективитети решенија за нов развој на овие дејности што работат.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници. Со донесувањето и прогласувањето на Уставот за самостојна и суверена Република Македонија проектиравме еден сосема нов политички и економски систем. Тоа што го изградивме со Уставот како нов македонски дом за сега застана на нивото на карабина, значи тој дом е речиси целосно празен и ние во најскоро време ќе мора да го пополниме со се она што е потребно да му се вдахне душа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали може само за ова?

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Ви се молам, ќе си заминам од говорницата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, имаме конкретен проблем со Владата.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Во склопот на тоа што ќе треба да биде исполнување на тој дом сигурно е и промената на целокупната законска регулатива со која се дефинираат дејностите посебно општествените дејности и сите институции задолжени да ги исполнуваат обврските од областа на општествените дејности пред ова општество. Таа процедура колку ќе трае за сега никој не може да предвиди за сигурно може да тврдиме дека и тие дејности, па во тој склоп и националните институти ќе претрпат целосна трансформација. Меѓутоа, до нивна трансформација не може да дојде додека не ги измениме или исцело не донесеме сосема нови закони со кои ќе се регулира таа дејност. До тогаш тие...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи не сте за симнување на одлуката.

**БЛАЖЕ РИСТЕСКИ:**

Се разбира не мислам да ја бранам Академијата, туку се работи за едно процедурално прашање. Бидејќи преку Владата односно преку нејзината комисија за кадровски прашања поминуваат сите овие и слични решенија и за индивидуалните работоводни органи ние како Влада добивме писмо со кое оваа постапка беше стопирана и нашата Комисија не даде проток, затоа што немаше врз основа на што да даде проток натаму. Јас само го поставувам прашањето, ако Парламентот може и треба да решава пред оваа Владина комисија немам ништо против. Тоа ќе биде само едно олеснување за нас. Меѓутоа, ако тоа не смее да биде, а често се држите за некои процедурални работи, тогаш нека се има

предвид овој факт дека за овие две решенија, за овие два института немаше проток едно вакво решение, бидејќи таков предлог не дојде до Владата од страна на Министерството.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

На претходниот дискутант сакам да укажам. Комисијата за избори и именувања на Владата на Република Македонија нема воопшто никаква надлежност према Собранието во однос на постапката на давање на согласност. Тоа е внатрешна комисија во рамките на Влада, а согласноста на овие институции од републички карактер е во исклучива надлежност на Собранието на Македонија.

Инаку д-р Блаже Ристески е претседател на оваа паралелна комисија, на која моментално овде сум јас, но таа е чисто во затворен круг. Има надлежности на Владата. Ова е повисока надлежност што нема никаков допринос да има.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Објаснувањето е точно. Тоа е Комисија за Владата внатре. Таа нема надлежности надвор од Владата.

Има збор господинот Ештреф Алиу.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Тука се работи, ценети господа за принципиелни работи. Се работи за предвидувања во интерес на Македонија и во ничиј приватен интерес. Укажувањето на господинот министер треба да се уважи во рамки и во тежина која го заслужува тоа укажување. Говорницата не ни треба секогаш или во секоја прилика надмудрување. Ние во Парламентот треба да одлучиме, исто така за начелни прашања во интерес на оваа Република. Не велам ни на народот ни на работничката класа. Ако се работи во Министерството за програма која предвидува реконструкција и ако се укажува дека оваа работа се појавува како пречка во тоа решавање тогаш ние не треба да се повикуваме дали е постапката законска или не, затоа што за тоа исто во оваа Влада постои министерство за правосудство, кое впрочем можеби е и тука упатено. Овие дискусии дивиргентни да ги пресече.

Јас со мојот став сакам да укажам на сериозноста на проблемот. Не треба да се пресуди и расуди по пат на аналогија, ако пред месец дена нешто сме дозволиле денеска пак треба да дозволиме. Таков метод на работа треба да биде туѓ за овој Парламент и соработката почитувањето и довербата меѓусебна треба да порасне и да се зајакне и со сета сериозност од страна на парламентарците и Владата. Затоа можеби не децидно туку барам мислење конкретно од Министерството за правосудство за овој сериозен проблем.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Морам повторно да се јавам за дискусија по дискусијата на господинот Алиу.

За се она што е од интерес за Република Македонија сигурно и ќе размислуваат и ќе одлучуваат сите оние што се и надлежни и повикани, меѓутоа, правото на овој Парламент е да одлучува за тоа што е од интерес на Македонија. Не треба тоа никој да го поставува под знак на прашање.

Второ, она што го работела Комисијата за избор и именување и тоа што ние денеска треба да го сработиме по оваа точка е

втемелено на постоечките позитивни законски прописи. Ако дојде до измена на законските прописи, тогаш ќе работиме по изменитe кои што ќе уследат. Кога ќе дојде до тие измени и колку време ќе ни треба никој не може да предвиди. Според тоа, за сега нема потреба од никакво толкување од Правосудство и незнам од кого, заради тоа што нема никаква коализија со законските прописи, туку се постапува по нив за да влезе процедурата во колотечина онака како што треба да влезе.

**ГОРГИ НАУМОВ:**

Почитувани пратеници, ако се залагаме за правна држава мислам дека треба да ја почитуваме таа правна држава. Ако ние во Владата според Законот за Владата и според Деловникот за работа на Владата и комисиите кои што се предвидени оваа точка требало да мине на Комисијата за кадровски прашања при Владата на Република Македонија, ве молам..

(реагирање на пратениците)

Ве молам, ако оваа точка требало да биде предмет на Комисијата при Владата на Република Македонија, а претходно не расправала, а расправала Комисијата за кадровски прашања при Собранието на Република Македонија, нема тука кој е помал или поголем. Процедурата мора да се запази и мислам дека претходно треба да одлучува Комисијата за кадровски прашања при Владата на Република Македонија и потоа во една нормална процедура да дојде до кадровската комисија при Собранието на Република Македонија. Ако е тоа во компентенција и надлежност на Комисијата за кадровски прашања на Владата на Република Македонија.

**АВДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

Не знам господо од каде ни е склоноста од ништо да направиме нешто. Има закон за оваа работа и тој може да се прочита. Законот вели вака: "На одлуката за избор на директор на таа и таа организација или институција согласност дава Собранието на Република Македонија". Тој закон постои и важи. Тогаш кога ќе го измениме законот можеме да речеме на тие одлуки согласност ќе даде Владата, или министерството или некој трет, меѓутоа сега е вака. Постапката дошла до работно тело на Собранието, надлежно, а тоа е Комисијата за прашањата на изборите и именувањата. Таа Комисија има предлог на одлука пред ова Собрание и единствено што треба ние да правиме е да расправаме за процедурата и да гласаме. Зошто сега ги мешаме работите. Владата има кадровска комисија со прерогативи со соодветни прописи.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Го поддржувам правничкото толкување како прво, и Второ, не знам зошто ова прашање покрена толку министри од место да се произнесат за ова.

Од друга страна во Уставот во член 46 запишавме автономија на Универзитетот и не е по оваа точка и во ова прилика зошто се покренува прашањето на овие национални институти да поминат во МАНУ итн. Тоа е нешто сосема друго и немаше причина министерот од тука да појде за одлагањето на оваа точка. Најмалата причина беше тука. Сега сватете не нас. Ако е точката за потврдување на одлуката согласно постапката што ја кажа колегата Абдурахман да ја завршиме работата на тоа ниво и да не отвараме нови теми

околу преструктуирањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор?(не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (86 пратеника)

Дали има некој против?(нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за давање согласност на Одлуката на Советот на институтот за македонски јазик "Крсте Мисирков" - Скопје за именување индивидуален работовоен орган.

Минуваме на точката 37 - Предлог на одлука за давање на согласност на статутот на Републичкиот фонд за развој.

Предлогот на одлуката за давање согласност и извештаите на ЗПК и Комисијата за економска политика и развој Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (86 пратеника)

Дали има некој против?(Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(1 пратеник).

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за давање согласност на Статутот на Републичкиот фонд за развој.

Предлагам да одиме на пауза до 15,30 часот.

(пауза од 14,10 часот).

(По паузата)

Минувма на точката 38 -

Оставка на членот на Владата и министер за образование и физичка култура д-р Димитар Димитров.

Претседателот на Валдата на Република Макеоднија, писмено не извести дека членот на Владата и министер за образование, физичка култура д-р Димитар Димитров поднел соватка.

Предлогот на претседадтелот на Владата ви е доставен.

Исто така во врска со овој предлог ви се доставени и предлозите на Пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ, обраќањето на Заедницата, на организациите на предучилишно образование и воспитание и дописот на Комисијата за образование, наука и култура на Собранието.

Отворам претрес по поднесената оставка.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Бидејќи за точката што е на дневен ред господинот Димитров не е известен дека сега ке започне седницата, во името на нашата група барам пауза од 10 минити за да се повика министерот, затоа што не може во негово отсуство да се расправа за оставката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се прифака.

пауза од 15 минути)

по паузата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави господинот Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сакам да укажам на повреда на Деловникот за работа на Република Македонија. Имено, во член 450 стои дека претседателот на Владата ја претставува Владата во Собранието и неговите работни тела. Бидејќи во овој случај претседателот на Владата не е присутен, сметам дека нема никаква основа да водиме расправа по оваа точка. Не заради тоа што можеби кога би бил присутен не би ја усвоиле оставката или не би ја донеле одлуката за разрешување. Меѓутоа, во актот кој што претседателот на Владата го известува Собранието дека членот на Влатата и министер за физичка култура д-р Димитар Димитров поднел оставка на својата оставка не пишува дека било кој друг, освен претседателот на Владата ќе ја пртставува Владата по однос на ова прашање кое се наоѓа на дневен ред. Бидејќи во член 451 вели дека Владата определува свои членови како постојани претставници во Собранието, а член 452, став 1 Владата определува еден свој член да го претставува по определено прашање, бидејќи не постои никаде во овој акт на обраќање на претседателот на Владата за претставник по ова прашање во негово отсуство, сметам дека принципиелно спротивно на Деловникот не би требало да отвориме расправа по оваа точка, туку да се премине на наредната, а да ја ставиме на дневен ред кога претседателот ќе биде присутен. Од следната причина исто така што може би претседателот на Собранието ќе каже дека тука се потпретседателите на Владата. Не ги потценувам ни, меѓутоа, потпретседателите на Владата, иако Законот за Владата треба да се усогласи во рок од 1 година, веќе не се уставна функција. Во член 89 пишува дека Владата ја сочинуваат само претседателот и министрите. По овој основ сметам дека принципиелно би претставувало повреда на Деловникот за да отвори расправа ние можеме сите да бидеме сведоци на најсвирепо убиство и сите да знаеме дека тој човек ако постои смртна казна треба да му пресудиме исто така смртна казна, меѓутоа не е тоа сите да го линчуваме тој убиец на лице место. Ако сме правна држава по постапка утврдена со Закон, со правосилна судска пресуда можеби тој убиец ќе го осудат надлежните судски органи со смртна казна, меѓутоа, не со законот на улицата или линчот. Дадов една аналогија за да укажам дека оставката и одлуката за разрепување овој Парламент ќе ги прифати, меѓутоа, бидејќи прв пат Парламентот по донесувањето на Уставот отвора едно такво прашање кое за мене е принципиелно, бидејќи утре ако направиме сега преседа може да се јави друг или трет, сметам дека претседателот на Републиката мора да биде присутен бидејќи министерот ќе го нападне него, а ние нема да знаеме каков е одговорот, одбраната на оној кој што е нападнат. Се извинувам за упаѓањето и благодарам на вниманието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, сакам да укажам дека јас сум свесен за оваа деловничка слабост сега на расправата што би ја воделе, но покрај сите мои напори не бев во состојба да го обезбедам присуството на претседателот на Владата и претседателот на Републиката. И двајцата се потребни заради нивните меѓународни обврски. Ние можеме сега да го извлечеме претседателот на Владата за извесно време, но не се исполнуваат оние услови кои господинот Петров ги покрена.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Тогаш предлагам, бидејќи не се присутни, а е потребно присуството за расправа, како што правевме за други точки да ги одложиме кога ке го обезбедиме присуството да продолжиме, а да си продолжиме со точките кои се на дневен ред во постапка усвоени во овој дневен ред.

На крајот на краиштата ние сме имале и случаеви во текот на една седница да одржиме 3-4 наредни седници, додека таа истата заврши. Ништо не е изгубено.

**БЛАЖЕ РИСТЕСКИ:**

Мислам дека разговорите се при завршување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тогаш појдете и видете дали се за привршување зашто мене ми рекао дека не се призавршување. Мораме да бидеме сериозни затоа што во тек се важни меѓународни разговори, важни контакти и нас календарот ни е многу густ.

**ЕШТРЕВ АЛИУ:**

Да продолжиме со работа, иако за другите точки не се потребни ни еден од претседателите. Можеме точката за интеграција тука се министрите, тука се потптседателите на Владата и еве уште еднаш да се води расправа или за ребалансот на Буџетот, а тоа да се чека. Не може да има вечно паузи, за што веќе настана извесен вид циркус од кој се добива впечаток дека тука сепак се игра некој аматерски театар. Нема потреба за тоа, дајте да работиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас се извинувам, за што мислам овој пат господинот Петров има право. Треба да се дижиме деловнички за да биде чисто се она што го работиме. Еве во овој момент доаѓа претседателот на Владата, што значи формалната причина е исполнета.

За збор се јави господинот,

**ДИМИТАР ДИМИТРОВ:**

Почитувано Собрание, со жалење излегувам на оваа говорница да ја образложам мојата оставка на првата седница на Собранието на Република Македонија по конституирањето во суверена самостојна држава, зашто јас не сум противник на самостојна Македонија, како што може да сугерира оваа конциденција, условена веројатно со чувството на традиција на оставки кај нас. Непосредна причина, а за оваа оставка беше несогласувањето со начинот на кој се третираше предмет од мојот ресор регулиран со Уставот и со два закони. Тој предмет го претставуваше начинот на водењето на педагошката евиденција и документација во училиштата со наставен албански јазик, а можеше да го претставува и кој било друг сегмент од системот на образованието.

Едниот закон за изменување и дополнување на Законот за предучилишно и основно образование и воспитание беше донесен од претходното собрание, а другиот за изменување на Законот за насоченото образование го донесе ова Собрание. Овие закони беа утврдени со одлука и решение на Уставниот суд на Македонија, како и со одлука на Уставниот суд на Југославија. Со споменатите закони донесени по сила на амандманот 43 на Уставот на СРМ од 1989 година и со Уставен закон, член 13 се пропишува педагошката евиденција и документација да се води на македонски јазик. Наспроти тоа на дело се спроведуваше водење на евиденцијата и документацијата спротивно на Уставот и законите на албански јазик проследено со петиции, со вклучување на народот, како и со барање на коалицијата ПДН-НДП за позитивно законско санкционирање на таа пракса. Министерството за образование бранеше став дека Уставот и законите, додека постојат, мора да се почитуваат. Тој став го поддржа и Министертвото за правосудство и управа и Владината комисија за оптшествени дејности.

По однос на предлозите за измени на законите Министерството за образование сметаше дека постојниот устав не допушта такви измени, бидејќи училиштата админиситрација е само детал од службената употреба на јазикот, а оваа пак е уставно утврдена. Затоа, предлагаше кон евентуални измени да се пристапи во склопот на новиот Устав и новите системски закони. Со овој предлог на Министерството кореспондираат заклучоците на трите матични собраниски комисии. Тоа се за образование, наука и култура, за меѓунационални односи и ЗПК, кои не ги подржаа предлозите на законите за измени на законите за предучилишно и основно воспитание и образование и за насоченото образование, ако и амандманите на нив поднесени од истиот подносител од коалицијата ПДП-НДП. Сепак, законите се донесени на нерегуларен начин со формални деловнички огерешувања. Со предлозите на законите што третираат по 3 елементи  се изменети закони со 14 односно 16 елементи, 11 плус во едниот, а 13 плус во другиот кој воопшто не се спомнуваат во законите за измени на споментатите закони.

Од непотполни процедурални објаснувања на седницата на Собранието во доцните часови без материјална расправа се помина на паушално единствено гласање со 49 гласови "за" на двата пред-лози за измени на закони со предлог на закони, со амандмани на тие закони, за потоа да се констатира дека нема кворум за работа и да се прекине седницата. На тоа уследи предлог за повторно разгледување на законите поднесен од независните пратеници и до пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, како и барање за оценка на уставноста на тие закони од пратеникот Тодор Петров од Уставниот суд на Македонија, кој еве тече трет месец и уште се нема изјаснето. Опишаниот фактицитет крие во себе значајни стратешки импликации. Како функционер одговорен за образованието овој член на Владата мораше да ја спроведува политиката на ова Собрание материјализирана во Уставот и во законите да ја брани неговата чест и углед. Тоа елементарно го налага принципот на владение на правото, посебно на поделбата на власта на законодавна и извршна што ја определува мерата на правата и обврските на Владата и на одделните нејзини членови. Фактот дека овој пристап беше

оневозможен зборува за нефункционирање на правната држава, за отсуство на природна релација помеѓу Владата и Собранието. Без потпора, без основа во една партија или во меѓупартиска коалиција, Владата е во зависност од претседателот на Републиката што неговото влијание го прави поголемо од она што го допушта парламентарната демократија. Како член на Владата, таа супремација сум ја чувствувал и по други прашања пред се на војната и на темпото на осомостојуавањето на Македонија за што сум говорел на седниците на Владата и во статијата "Македонија чека на слеп колосек", во весникот "Нова Македонија", поради кое реформските сили - либерална партија побараа моја оставка на времето и тоа во август.

На излезот на тоталитаризмот кој се интериоризирал во менталитет, нам ни е неопходна афирмација на културата на правната држава како алтернатива на вон институционален притисок или на личната власт. Тоа претпоставува оделните системи да се регулираат со иманентни и афтономни принципи и дури нивната избалансирана соигра да ја дава резултантата на општата политика на општествениот систем.

Во тој склоп образованието да се води со принципите на педагошката наука и на економијата и на социологијата на образованието, а не да се инструментализира во функција на надворешни идеолошки или партиски цели.

Мојата демисисија примете ја како скромен прилог кон такво настојување.

Им благодарам на партиите и здруженијата на независните пратеници и на граѓаните што ме подржаа во мојата заложба. За документацијата на Собранието ја оставам збирката на документи што се однесува на педагошката евиденција и документација, 76 на број од уставните амандмани до рефератот за претходна расправа на Уставниот суд на Македонија. На ова ниво мислам поставениот суд се наоѓа сеуште.

Молам, да ја прифатите мојата оставка, ако сум во право, зошто сум во право, ако грешам, зошто грешам на своја штета.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (никој)

Ако никој не бара збор, го заклучаувам претресот.

Предлагам Собранието на Република Македонија со оглед на поднесената оставка на д-р Димитров Димитар да констатирам дека му престанува функцијата на член на Владата министер за образование и физичка култура.

Исто така предлагам Собранието да заклучи претседателот на Владата на една од наредните седници да поднесе предлог за избор на член на Владата и министер за образование и физичка култура Дали овој заклучок се прифака?

Молам кој е за да крене рака? (62 гласа се за).

Дали е некој против? (32)

Дали има воздржани? (3)

Констатирам дека Собранието го усвои Заклучокот.

Сега пак господинот Петров ќе биде во право кога ќе минеме на точката 39, бидејќи уште тука не е претседателот на

Републиката, а тоа е оставка на потпретседателот на претседателот на Република Македонија Љупчо Георгиевски. Не знам што да правиме, дали да причекаме или да дадеме пауза?

(претениците сакаат да продолжат со седницата).

Тогаш да минеме на точката 40 -

Оставка на потпретседателот на Собранието на Република Македонија Драги Арсов.

Оставката ви е доставена.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот Драги Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници, сакам да ве потсетам дека изборот што беше извршен на потпретседател на претседателот на Република Македонија, господин Љупчо Георгиевски и мојот избор на функцијата претседател на Собранието на Република Македонија беа предложени во пакет во согласност со договорот што се водеше меѓу партиите надвор од Парламентот. Според тој договор, требаше - така беше и договорено - кандидатот за премиер на Владата на Македонија да го даде Пратнеичката група на ВМРО-ДПМНЕ, меѓутоа во тие меѓупартиски договори уследи непочитувањето на тоа што беше договорено и според тоа нашата пратеничка група остана само со овие два кандидати што беа прифатени од тој пакет на функциите што досега ги државме.

Од тие причини сметам дека во овој момент неприфатливо е да расправаме прво за мојата оставка откако претходно не се поведе оставка за функцијата потпретседател на Република Македонија односно за оставката што ја понуди господин Љупчо Георгиевски.

Бидејќи поради отсутноста на претседателот не можеме да ја разгледаме таа понудена оставка, предлагам откако таа расправа ќе биде завршена, да поминеме на наредната точка, со која се предвидува разгледувањето на мојата оставка. Барам и тоа со полно право овој предлог да биде прифатен. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ако треба да си го кажам моето мислење. Јас мислам дека господин Арсов во основ е во право. Ние тогаш така остапивме и така избравме и ако тој ја условува својата оставка со оставката на потпретседателот, тоа е негово право. Инаку ние би го ставиле сега него порано да ја образлага оставката и би го лишиле од можноста било како на друг начин да постапи, ако прво неговата оставка ја разгледуваме пред оставката на потпретседателот.

Предлагам малку да причекаме да дојде претседателот. Господинот Блаже Ристовски ме известува дека е известен, дека наскоро ќе дојде, па потоа да продолжиме.

Не би навлегувале сега во Буџетот зошто дискусијата по него може повеќе да трае.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Програмата за реинтеграција можеме да ја разгледаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

И тоа може да трае многу.

Затоа предлагам пауза.

(Пауза)

Да продолжиме со работа.

Преминуваме на 39-та точка - Оставка на потпретседателот на претседателот на Република Македонија Љупчо Георгиевски.

Оставката Ви е доставена.

Отварам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Ључо Георгиевски.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, после една долга пауза и после еден долг период од поднесувањето на оставката имам можност како што најавив да дадам свое образложение. Како што најавив дека причините за оставката пред се лежат во моето несогласување со водењето на македонската државна политика.

Во таа смисла, веднаш на почетокот би сакал да кажам дека сигурно во образложувањето можеби ќе се најдат некои луѓе запогодени, меѓутоа, јас сепак сакам да нагласам дека тоа се мои ставови, дека тоа се мотиви со кои некои можат да се согласуваат, некои може да не се согласуваат, меѓутоа во секој случај би сакал да бидам сослушуван.

Моментите на несогласувањето лежат на две места.

Прво, односот на кој се гради до сега демократијата во Македонија, и

Второ, односот кон осамостојувањето, одбраната и вкупната состојба денес во Југославија, односно војната која денес се случува во Југославија.

Да преминам веднаш на првиот дел, а тоа е моментот на односот кон демократијата во првите десет месеци од формирањето на Македонскиот парламент. Сметам дека од моментот кога на некој начин беа суспендирани изборните резултати, а тоа беше во формирањето на првата Македонаска Влада кога повеќе од два ипол месеци се пролонгираше тој период, па до ден денес демократијата во Македонија завлегува во една сериозна криза и многу моменти навистина треба да се поставаат на дневен ред и да се запрашаме навистина што се случува со демократијата во Македонија. Веднаш да започнам.

Најпрво сметав, а и тоа веќе еднаш го изјавив дека перманентно организирано и сигурно во текот на овие 10 месеци имаме континуирано суспендирање на Македонскиот парлемент. Тоа континуирано суспендирање на Македонскиот парламент, а пред се морам да потсетам дека Македонија е Парламентарна демократија по Уставот, може да се види на повеќе пример. Да не зборуваме дека на секој начин се дезавоираа политичкото одлучување на овој парлемент, што може да се види на пример по тоа дека само Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ до сега барем едно десет до петнаесет пати има побарано да се расправа во овој Парламент за актуелната политичка криза, и покрај сите деловници и сите правилници, тоа не е овозможено. Такви настапи и барања имаше и од други, меѓутоа, очигледно едно здраво и јасно разгледување на актуелната политичка криза од страна на овој Македонски парламент до ден денес, за жал немаме.

Втората работа, тоа е работата што овој Македонски парламент се свикува - веке тоа стана пракса - на еден период на 20 до 30 дена. Јас незнам парламентарна демократија каде што парламентите работат на таков начин. Во таа смисла, доволно е да го потенцирам можеби само последниот период пред донесувањето на Уставот, кога парламентот повеке од месец дена не беше свикан, а и покрај тоа што само Парламентарната група на ВРМО ДПМНЕ три пати побара свикување на Македонскиот парламент. Незнам кои беа основите да не биде свикан тој Парламент, а кога во тоа време се донесуваа навистина доста големи одлуки и за македонскиот народ и за судбината на цела Југославија, пред се од политички карактер. Ваквото одлагање, пролонгирање и незакажување на македонскиот парламент понатаму резултира со навистина една тешка работа за самиот македонски парламент. На пример, ние секогаш сме сведоци, на секој почеток и на Парламентот по 5 часа се усогласуваат дневните редови и потоа се чудиме и некој ни е виновен зошто парламентарците толку долго го пролонгираат тој дневен ред. Нормално дека секој ќе сака да стави тоа што сака да го стави на дневен ред, кога знае дека наредната седница на Парламентот можеби ќе се закаже по месец дена, или по 40 дена. Тоа е целата причина што ние по пет часа секој пат дискутираме за дневниот ред.

Меѓутоа, тоа се само ситни работи би се рекло. Основната работа и основната причина е со тоа сукцесивно стопирање, суспендирање на Македонскиот парламент да може целата политичка власт, целата политичка волја да биде апсорбирана од една, две или три личности во Макадонија, кои ќе можат потоа да одлучуваат на кој начин ќе расправаат и што ќе расправаат. На пример нај евидентен пример беше со Хашката резолуција која беше понудена во Хаг, слушаме на телевизија некој ја прифаќа таа од Македонија резолуција, потоа се прават некои - експертни групи па дискутираат некои експертски групи за нешто, никој овој Македонски Парламент не го ни праша дали ја прифаќа таа Хашка резолуција, без разлика што таа треба да се прифати во најголема смисла со одредени забелешки, меѓутоа, самиот принцип што никој не го прашува Парламентот што никој не бара забелешки, а се решава навистина за судбината на Македонија, мислам дека е доволно јасен пример, дека навистина многу одлуки, многу ставови кои треба да ги решава токму овој собир му се одземаат од неговата надлежност и се преземаат во ингеренции на разни поединци.

Вториот момент одејќи понатаму сигурно тоа е моментот на Македонската Влада. И овој пат би сакал да потенцирам дека при формирањето на новата Македонска Влада, процес кој траеше некаде од јануари па потоа два, два ипол месеци, очигледно дека мораме да се потсетиме дека во тој момент Македонија повеќе од два ипол месеци беше потполно блокирана и јас тоа тогаш го нареков своевиден уставен пуч во Македонија, значи Македонија повеќе од два ипол месеци беше потполно блокирана, се со цел ВМРО-ДПМНЕ кој требаше да почне да предлага Влада да се исфрли од таа игра и да се стават луѓе кои навистина ќе одговараат за извршување на некоја друга политика. Образложението беше дека на Македонија и е потребна експертска Влада. И тогаш и сега ќе речам дека на Македонија не и е потребна експертска Влада, туку и е потребна партиска Влада која ке си стави експерти на сите

позиции кои ги сака. После 10 месеци моја оценка за работата на таа експертска Влада е многу јасна. Дури сега се гледаат и причините зошто е составена таа експертска Влада.

Би сакал да кажам дека, за жал, се покажува дека формирањето на експертската влада не беше за ништо други туку за да може да се манипулира и со таа експертска влада. После 10 месеци слободно може да се каже дека таа Влада воопшто нема никаков лик, нема никаква физиономија и нема никаков карактер. За жал, јас сеуште во оваа влада не можам да препознаам ниту еден момент дека се работи за Влада на Република Македонија. Повеке би рекол дека е тоа можеби некој извршен одбор на одредена личност или на било што, меѓутоа, фактот е еден дека според мене во ниту еден момент за овие 10 месеци оваа Влада не покажа било каква физиономија, при што имаше такви смешни ситуации да донесува одлуки па да ги повлекува, па да не знае што сака, а сигурно дека во таа смисла дека некој раководи и дека некој манипулира со таа Влада, најдобро сведочат работите, извршувањето на процесите,околу два моменти. Тоа е прво моментот со донесувањето односно оној познат спор со двојазичноста, законите за двојазичноста, каде што Владата донесуваше еден став, па потоа под притисок некаде одозгора го менуваше тој став. Единствениот министер кој се бореше доследно за заклучоците на овој парламент ја доживеа судбината еве пред малку да си даде оставка. Повеќе од јасно е дека некој друг го наложи целиот став да донесе своја политичка одлука за тоа прашање.

Вториот момент, тоа е моментот на донесувањето на актите на осамостојувањето. Запознаени сме дека Владата на свој начин одлучи да се донесат уставните закони и пакетот мерки уште пред 4-5 месеци. За жал веднаш после тоа нејзино донесување беше свикана од некоја погорна истанца и беше наредено веднаш да си го смени својот став. Ако Владата ниду во еден момент не можеше да покаже свој политички карактер тоа е нејзин проблем, меѓутоа, јас сметам дека тоа треба да се констатира.

Фактот дека Владата не зазела став и не дискутирала ниту за еден крупен политички момент кој се случуваше во Македонија и кој се случуваше во Југославија, за мене повеќе од доволно зборува за што се работи во оваа Влада. Дури и на самите министри им е сугерирано дека тие не треба да се занимаваат со политика, туку дека тие се експерти и не треба да донесуваат политички ставови. Јас незнам, меѓутоа би сакал само да потсетам дека според стариот устав апсолутно целата власт и целата моќ и целата одговорност за Република Македонија беше во рацете на Владата. Според новиот Устав тие ингеренции се малку намалени, меѓутоа, сепак целата концентрација на моќ, власт и одговорност на Македонија е во рацете на Владата. И јас навистина ќе ја 3 замолам Владата, ако успее да снајде снага, без некаква контрола одозгоре барем еднаш да седне и да разговара на своја седница што е тоа што се случува во Македонија и во Југославија. Јас сметам дека е тоа должна да го направи, барем ако не друго спрема своја одговорност спрема овој народ и според судбината на цела Македонија. Донесувањето на одлуки, некој што ке ги издиктира по телефон и таа Влада само треба да ги усвои, сметам дека се навистина хумористични и навистина неприфатливи во овој миг.

Во таа смисла, би сакал на крајот уште да потенцирам дека со тоа што не избравме партиска власт односно коалициона, бидејќи не може на друг начин, а се формира експертска, ние не добивме ништо друго, туку добивме една позиција на Македонија во која секој може да работи во името на Македонија, што се однесува до Владата, а никоја партија да нема одговорност за таа Влада и за она што таа го прави или она што не го прави. Резултатите од тоа се очигледни, тоа е еден хаос кој постои навистина во целиот систем на Македонија.

Во таа смисла би сакал на крајот уште да потсетам: се додека оваа влада или било која друга влада, ако се формира коалициона не се потпре на волјата и на моќта на парламентот, а се потпира на волјата на една личност и на една функција, тоа е претседателот на Републиката се дотогаш ние ќе немаме никаква карактерна влада и нема да имаме препознавање на владата во Македонија.

Резултатите од она што го нареков суспендирање на демократијата во Парламентот, суспендирање на работата на Владата се многу видливи. Доволно е да се свртиме насекаде околу нас и резултатите навистина ќе се покажат, односно можеби за некои не е така, меѓутоа јас сепак ќе ја дадам мојата оценка.

Прво, главниот резултат што денес според мене може слободно да се каже дека имаме потполно заживување на неокомунизмот во Македонија. За 10 месеци од она што се нарекуваше комунистички систем како систем или економија апсолутно ништо не е поместено од своето место. За 10 месеци, за жал, можеме да кажеме дека во сите сфери од животот, ако сакаме да почнеме од стопанството, а знаеме дека Владата ја направивме да биде пред се економска, меѓутоа, за жал и тука ми се чини дека не ги остварува своите позиции, значи за 10 месеци се уште се штити еден модел на приватизација на Анте Марковиќ кој цело време беше некој фетиш, а кој се покажува дека е пропаднат. На друга страна ако се погледне отворањето кон странство, новата политика на примамување на капитал, ќе видиме дека сеуште ништо не е направено. Меѓутоа сигурно дека една од најтрагичните состојби кога зборуваме за македонското стопанство, тоа е моментот што 10 месеци оваа Македонска влада дозволи работничката класа да биде ставена навистина на едно ниво, кое може би никогаш не го поседувала досега. Од една страна, со огромни законски овластувања на комунистичките директори, од друга страна на комунистичките синдикати, работникот во Македонија никогаш повеќе не бил доведен во една положба на мизерување да биде уценуван и да биде заплашуван со сите можни елементи што можеше да ги носи еден стар систем, против кој ние сите се боревме, а тоа беше политичкиот начин на однесување во економијата.

Понатаму, целиот систем кадровски буквално никаде за 10 месеци не се направени никакви кадровски промени. Јас не знам како можеме да одиме ние напред, ако целата номенклатура, што значи власт во Македонија до ден денес останува комунистичка. Несакам да одам понатаму, би сакал да го спомнам примерот што само министрите во Македонската Влада после 10 месеци сеуште немаат право да си назначат свои заменици. Имаме нова Влада на експерти, а некој на таа влада не и дозволува после 10 месеци

сеуште да си стави нови заменици како што ќе им одговара, па нека бидат и тие експерти. Факт е дека една цела структура, после тоа ниво на министри, останува онака како што беше досега и не е помрднато ниту едно место. Да не зборувам потоа за помошници, да не зборуваме за цели системи кои значат власт и што значи демократија. Што е демократијата ако не е промената на луѓето кои ќе одат напред, кои ќе даваат некои нови идеи. За жал, Владата на експерти не ја сваќам на тој начин. Јас навистина мислев дека тие експерти и тие луѓе кои треба да значат експерти ќе донесат една нова голема новост, меѓутоа, за жал, после 10 месеци навистина можеме да кажеме слободно дека кадровската промена, кадровската номенклатура буквално остана на мртвата точка.

Сега се поставува прашањето на кого тоа му одговара? Одговара токму на тие партии кои до вчера тие луѓе ги ставале на тие места, а кои сега, преку некои луѓе сакаат да ги блокираат тие промени.

Кога станува збор за демократијата, во таа смисла, односно еден од покарактеристичните примери би сакал да го истакнам за примерот на новинарството. Македонското новинарство посебно во она што се нарекува државно македонско новинарство, оние институции што директно се финансираат од овде и што имаат одговорност пред Македонскиот парламент и македонската Влада, најпрво ова го спомнувам овде затоа што државната структура на македонското новинарство, навистина добива не само морална поддршка за да продолжи со една таква политика, за што можевме да се увериме во неколку изјави и контакти, туку добива и финансиска помош. Сеуште се финансираат од тука. И, нормално, тука се моите заклучоци дека навистина македонското државно новинарство е ставено во функција на одредени личности и на одредени политички партии.

Најпрво, да зборуваме, зборувам за новинарството, го земам примерот на новинарството, затоа што знаеме каква е моќта на едно новинарство и за информирањето во средствата, знаеме за информирањето во секоја земја и знаеме дека навистина може да се направи расположение и атмосфера кај народот на начин како што ќе сакаат да направат истите тие средства за јавно информирање.

Во таа смисла, би сакал пред се да зборувам за системот на монополот. Сметам дека првата задача на Владата, во поглед на демократијата, на македонската Влада требаше да биде во разбивањето на монополот на средствата за јавно информирање. Ние, и ден денеска имаме случаи на таков монопол што ретко може да се најде во било која комунистичка земја каде што еден генерален директор може апсолутно да управува со сите пишувани средства за јавно информирање од "Нова Македонија" до "Росица" во забавиштата и да спроведува политика на начин што ќе му биде дадена.

Секакво појавување на нови средства за јавно ифнормирање се задушуваат на најбесмислен и на најбесмилосен начин.

Од друга страна, би сакал во оваа смисла навистина да го потенцирам моментот дека за 10 месеци новинарството во Македонија, пред се државното, уредувачката политика станаа еднопартиска и беше ставена во функција на одбрана само на една или две личности и на политиката што ја креираат партиите кои

стојат зад тие личности. Примерите нема да бидат сигурно малку за да се набројат.

Јас сметам дека навистина слободните и независните новинари во македонските средства за јавно информирање треба навистина да се запрашаат до каде е доведен нивниот статус кога се впрегнати денеска во бранењето на еден монопол. Би сакал да кажам дека само во времето на претседателот Јездимир Богдански имаше повеќе критика против државната власт отколку што сега има. Ова нека им биде мерило колку се штити една политика, колку се напаѓа друга политика и кој колку е полтрон во сите тие известувања денеска.

Понатаму, сигурно во делот за демократијата, а и како едно посебно место за мое несогласување, тоа е моментот на донесувањето на новиот устав на самостојна Македонија. Во оваа ситуација навистина не би сакал никого да убедувам колку беа моите залагања за самостојна Македонија и што значи донесувањето на тој устав за самостојна Македонија. И, како што веќе можеме да читаме во некои средства за јавно информирање дека сме биле против тој устав за суверена Македонија.

Меѓутоа, ќе си земам за право кога станува збор за начинот, принципите на дејствувањето на тој Устав, поврзано со демократијата и со тоа што преска го зборував, Парламентот, Владата, навистина да дадам неколку забелешки.

Јас сметам дека Македонија не можеше да избере покриминален начин отколку овој за да го донесе својот Устав.

Најпрво, во таа смисла би сакал да потенцирам една работа. ВМРО-ДПМНЕ беше таа партија, институција или поединец кој ја покрена иницијативата за донесување на нов македонски Устав. Околу 5 месеци ВМРО-ДПМНЕ одеше од институција до институција, да прашува кога ќе се покрене иницијативата за новиот Устав, кој треба да ја поднесе иницијативата и од кога бевме манипулирано, манипулирани, не ни остана ништо друго освен да седнеме и да ја покренеме таа иницијатива. Јас би сакал тоа навистина да остане како белег овде дека ВМРО-ДПМНЕ беше таа што ја покрена таа иницијатива. За тоа што, дури кога тоа го направивме некој се сети дека тоа не е згодно па затоа ние после се откажавме и најџентламенски ја пренесовме таа наша улога на покренувачи на иницијативата на една друга инстанца. Меѓутоа, тоа морав да го спомнам за да повторно не ме обвините дека ВМРО бил против тој Устав.

Потоа, откога беше покрената иницијативата за Уставот, ВМРО-ДПМНЕ постојано беше таа партија која покренуваше постојано иницијативи каде е Уставот, каде е Уставот, каде е Уставот? Некој го кочеше Уставот. Уставот нигде го немаше. Негде се губеше во собраниските хали се до моментот кога требаше да дојде да биде поставено на дневен ред изгласувањето на самостојна Македонија и кога, како одлагање на тоа изгласување на самостојна Македонија, ни се понуди донесување на новиот Устав на Македонија.

И покрај тоа што повторно бевме ние тие кои зборувавме дека прогласувањето на самостојна Македонија може да се направи без нов Устав, ни беше ветено дека до 30 септември ќе биде донесен нов Устав. Повторно бевме ние тие кои кажавме дека до 30 септември не може да се донесе. Меѓутоа, се прифати да се

донесе. Помина 30 сетпември, помина 30 октомври, помина и многу повеќе, Уставот, за жал никаде го немаше. При што, се наметна една атмосфера, атмосфера дека ако или Уставот или ништо. Додека не го донесеме уставот никако закон не можеме да носиме. И тоа постојано: Уставот или ништо; Уставот или ништо; Уставот или Македонија ќе пропадне. Тука повторно својата улога ја играа средствата за јавно информирање во кои, во завршна фаза, оние што беа за друг начин на донесување беа наречени дури фашисти, нормално.

Во таа смисла, што се случи? Се случи токму тоа што сметам дека се избра еден пат кој, како што знаеме расправа за Нацртот на Уставот воопшто немаше, сите предлози што беа собрани од граѓанството воопшто, скоро да не беа разгледани затоа што не видовме дека некој предолго влезе понатаму во завршната фаза. Добивме таков устав во 95% каков што некои експерти ни го наложија и ние моравме да го прифатиме тој устав бидејќи, ако не го прифатевме, ќе бевме национални предавници на Македонија.

Во таа смисла, би сакал да потенцирам дека Словенија уште нема устав. Две години расправа за Уставот, а таа веќе е на пра-гот на своето признавање. Значи, пред се, не беше потребна таа демагогија што беше сервирана на македонскиот народ, а второ, принципите, начините на присила, на уценување или така ќе биде или нема така да биде.

При што, нормално, има и голем број сериозни забелешки, меѓутоа да не зборуваме за тие забелешки овој пат.

Кога сме во близина на Уставот, јас би сакал да спомнам и еден друг момент. Тоа е моментот на односот кон прашањето на албанското малцинство во Македонија, бидејќи премногу се крева врева и затоа што ВМРО не кој го нарекува фашисти и за тоа и мене некој исто така ме нарекуваат фашист.

Ние сме свесни дека соживот со Албанците мора да има и со другите малцинства. Меѓутоа, навистина не можеме да се согласиме со некои начини и принципи на кои се прават отстапките денеска во Македонија. Пред се, се поставува прашањето кој е тој и во чие име на македонскиот народ ги прави тие отстапки. А, мораме да признаеме дека се тоа крупни отстапки. Мене не ми е јасно. Стварно не ми е јасно која е таа група на поединци во Македонија, дали се тоа еден, двајца или тројца луѓе кои седнуваат на некоја маса негде и се договараат - ние ќе ги направиме тие отстапки? Тоа е принципот. Дали се тие во ред или не се во ред, не би сакал да навлегувам. Тоа нека си оценат другите.

Меѓутоа, вториот момент, се поставува прашањето на резултатите на тие отстапки. Ако ние, постојано се прават отстапки, постојано се прават отстапки, меѓутоа од друга страна имаме неизлегување на пописот, неизлегување на референдумот, негласање на Уставот. Очигледно оној што се договара со албанското малцинство во Македонија некако многу лошо ги прави тие договори. И тоа ептен лошо тие договор. Сега ние, после цела една етапа можеме слободно да кажеме дека во поглед на напредувањето, ако да речеме и тие отстапки придонесоа да имаме сега една смирена ситуација, ќе го признаевме правото дека се во ред тие отстапки. Меѓутоа, ние сега имаме една ситуација на безброј дадени отстапки, а до другата страна немаме никаков знак.

Значи, навистина би сакал да го поставам тоа прашање на голема врата, ако веќе некој се договара, во смисла на принципиелни отстапки, тогаш барем да ги видиме резултатите. Нека се остапките, јас би ги прифатил отстапките, меѓутоа да ги видиме резултатите од другата страна. јас тие резултати до сега н еби можел да ги видам.

Би поминал во однос на војната во Југославија, самостојноста во Југославија, сувереноста на Македонија, сувереноста и независноста на Македонија.

Ние имавме Декларација за самостојност, имавме референдум, имаме Устав на Македонија. Од Декларацијата за сувереност, до референдумот не донесувме ниту еден законски акти, ниту еден чин со кој ќе покажеме дека сме суверени. Од референдумот до Уставот исто така не донесовме ниту еден законски акти. Барем едно чинче да направевме дека се спротивставуваме, дека сме суверени, малку да ја покажеме сувереноста, ќе речев - еве, ја покажавме сувереноста. Значи, од референдумот до Уставот немавме ниту еден чин, ниту еден акт.

Еве, сега од Уставот поминуваат веќе дваесетина дена. За жал, сеуште на Македонија не и се понудува ниту еден документ, ниту еден акт со што на некој начин ќе се покаже дека е таа суверена, дека е таа самостојна Македонија. Да не зборуваме дека е независна.

Значи, имаме три формални документи. Јас многу се плашам тие формални документи навистина да не останат само листови на хартија. Тоа ќе биде најголемата трагедија. Бидејќи до сега, ние, навистина имаме само три такви документи, листови на хартии што не се поткрепени со ниту едно суштинско материјализирање на тоа што таму пишува. И, најверојатно како што тргнала работата ќе чекаме изминување на оние шест месеци што се дадени според Уставниот закон, па најверојатно после да продолжиме уште некои шест месеци за да почнеме да ја материјализираме сувереноста и самостојноста на Македонија. Тоа е што се однесува до формалната страна.

Меѓутоа, кога зборуваме во поглед на самостојноста и сувереноста, безбедноста на Македонија, навистина ќе мора да се кажат некои покрупни работи. Во која смисла?

Па, во смисла што мене навистина не ми е сватливо, некои тоа го нарекуваат дека е мудра политика, разумна политика. Меѓутоа, мене не ми е сватливо, се случува војна во Словенија. Владата не седна да расправа. Ниту еден форум во Македонија не седнува да расправа и да продискутира, едноставно да продискутира што е тоа што се случува во Словенија.

Се случува повлекување на војската од Словенија. Значи, еден дел од Југославија ја напушта Југославија. Никој во Македонија не седнува да разговара за таа ситуација. Владата, пак кажувам, тоа не го поставува како прашање. Никој не го поставува. Работите си минуваат.

Се случува војната во Хрватска. Што значи таа војна? Што и кои се резултатите од таа војна по Југославија? Кои се резултатите на таа војна по Македонија? Повторно никој во Македонија не седнува како организирана држава да разговара. Ништо друго. Без никакви заклучоци да разговара што е луѓе тоа што се случува во таа Хрватска!?

Оружјето се носи од Македонија. Повторно никаде не се разговара. Се пљачка Македонија, повторно никој не седнува. Сега гледаме се најавуваат "сини шлемови" во Југославија, никој не сака да седне во оваа Македонија да разговара што значи донесувањето на "сините шлемови" во Југославија, а не пак да зборуваме да побараме "сини шлемови" и во Македонија.

Видете, меѓутоа мене навистина не ми е јасно и не го замислував функционирањето на државата на тој начин, на начин како што вие велите дека е тоа една мудра разумна политика.

Периодот на самостојноста, осамостојувањето би го поделил на два дела.

Првиот дел, од формирањето на овој Парламент до 25 јуни, ми се чини 25 јуни беше кога Словенија и Хрватска формално се прогласија за независни држави и престанаа веќе да постојат во Југославија.

Вториот дел преку тој 25 јуни, па преку оној познат Меморандум, односно мораториум што требаше да трае три месеци, преку тој мораториум до денеска.

Зошто го потенцирам тој прв момент до 25 јуни односно првото шестомесечје на новата македонска власт? Од многу едноставна причина. Затоа што во тие први шест месеци некој постојано апелираше некој постојано укажуваше она што целиот свет го кажуваше и што го знаеше дека Југославија ќе се распадне. За жал, слободно можам да констатирам дека во тие први шест месеци ниту еден форум ниту Владата ниту Парламентот сакаше ниту да речеме да седнат пет-шест политичари на македонската држава што претствуваат власт во Македонија и да го разгледаат прашањето - чекајте бе луѓе, можно ли е да се распадне Југославија? За жал, првите шест месеци Македонија не направи, како држава ниту една проценка од она што очигледно сите го гледаа, а ја чекаше Македонија.

Сега велите тоа е мудра политика. Јас не би сакал, навистина, да се согласам со еден став дека, ако некој шест месеци ја градеше политиката дека оваа Југославија нема да се распадне и дека Словенците и Хрватите само се зафркаваат со Македонија, како што некој, со останатиот дел и бараат подбори позиции, а некој му укажуваше дека тоа ќе се случи, тогаш мислам не би сакал да зборувам понатаму за тој момент. Односно, има ли подобар показател од тоа што македонската структура на власт дури 10 дена после тој 25-ти и после таа војна во Словенија седна да разгледа какви се стоковните резерви на Македонија.

Има ли поголема неодговорност кон сопствениот народ, кон сопствената држава кога гледаш дека некое распаѓање ти иде, пред тебе е, ти нигде да не сакаш да ги согледаш последиците од тоа што може да се случи по сопствениот народ и по сопствената Македонија. Јас навистина едан таква политика не ми е прифатлива и навистина и во минатото, а и за во иднина не би сакал да учествувам во водењето на една таква работа.

Во таа смисла, нормално, тука треба да се постават и суштинските прашања на една одбрана на Македонија затоа што тоа е навистина, една реална ситуација и затоа што, на пример, да речеме и стариот устав меѓутоа и новиот устав многу посилно ја наложува на Македонија. Тоа е, навистина, одбраната на Македонската република.

Не би сакал да навлегувам во тоа, меѓутоа пак би сакал да потенцирам дека мене не ми е јасно како можеше Советот за народна одбрана на Македонија прв пат да се свика дури после пет месеци од формирањето на новиот парламент и тоа само да се конституира и не ми е јасно како Советот за народна одбрана на Македонија сеуште не сака на дневен ред да ја постави точката - одбраната на Македонија. Да не зборувам за фактот дека еден совет, совет кој е уставна категорија според стариот устав, совет за заштита на уставниот поредок на Македонија кој и те како имаше голема работа и задача во овој период, за цело ова време не се свикал ниту еднаш досега. Требаше да се покрене оставката на министерот за внатрешни работи и да се сети некој дека постои совет за уставен поредок на кој не му е задача да ја разгледува оставката на министерот Мијалков. Најверојатно ако не беше покренато тоа прашање и ќе заборавеше некој во оваа Македонија дека совет за заштита на уставниот поредок кој е уставна категорија нема кој да го свика.

Во поглед на самостојноста, во поглед на одбраната не би сакал премногу да ширам, меѓутоа, навистина не ми е јасно како оваа Република Македонија сеуште нема одговор на основното прашање кое денес се поставува како основно прашање на македонскиот народ. Што ќе прави Македонија во случај ако биде нападната. Мене ако не е тоа толку трагично, би сакал да го наречам дека е хумористично. За жал до ден денес во Македонија се уште државната структура не знае што ќе се прави ако Македонија биде нападната. Нема таков став. Неколку пати инсистиравме на тоа прашање, тоа прашање го одбиваат. Меѓутоа, јас навистина би сакал Македонија и македонската влада на тоа прашање што поскоро да даде одговор, да се договориме. Ако треба на еден гандиовски начин ќе излеземе со цвеќиња и ќе ја дочекаме армијата и окупаторот. Ако треба да се браниме. Меѓутоа, дајте да имаме став.

Мене ми е многу жал што ќе морам да кажам еден пример меѓутоа, јас многу пати се крстев и велев не дај боже, кога претседателот на Републиката е некаде надвор од Македонија на армијата да и текне да направи една диверзија пред македонскиот парламент. Никој во Македонија нема да знае што треба да прави. Дали да се придружи на таа армија или да се брани. И основното прашање што уште повеќе не ми е јасно зошто се прави диверзија на основното прашање што треба денес Македонија да го има. Зошто тоа прашање се парализира. Тоа е најголемото прашање околу кое треба сите да се замислиме. Во таа смисла би сакал да потенцирам уште еден момент. Тоа е моментот до мојата оставка, можеби оваа ситуација после е изменета.

И покрај тоа што јас неколку пати лично инсистирав кога во Македонија ќе се соберат на една маса да седнат да match речеме претседателот на Републиката, членот на Претседателството, премиерот, двајца - тројца, потпретседатели на Владата, потпретседателот на Републиката, претседателот на Собранието, како еден врв на држава и да ја разгледаат ситуацијата, што се случува во Македонија. За жал тоа не се оствари ниту во еден момент. Меѓутоа, навистина не ми е јасно како можеше за 10 месеци државното раководство на Македонија ниту еднаш да седне на заедничка маса и да разговара за проблемите. Она што секоја фамилија го прави, она што во секоја кафеана денес се

разговара, каде што седат луѓето на маса и разговараат за состојбите, во Македонија 10 месеци никој од државната структура го нема направено. Мене навистина една таква работа не ми е јасно, неможам да ја замислам и не мислам дека една држава може да функционира на начин ако првите пет - шест луѓе во таа држава после 10 месеци не сакаат да седнаш на една маса и да разговараат за проблемите што се случуваат во неа. Меѓутоа, некој вели дека е тоа мудра политика. Јас ви го давам тоа право, како што јас имам, да го браните и вие.

Да одиме понатаму. Во Југославија се случува војна. Беснее војна меѓу две страни па потоа меѓу две други страни. Ние велиме и тоа највисоки раководители, ние не ја признаваме оваа војна, ние не сакаме да учествуваме во војна, дури имаше изјави ние не учествуваме во оваа војна и постојано некои изјави од тој карактер. Меѓутоа, јас би го поставил прашањето кого, господ, лажеме ние дека не учествуваме во оваа војна денеска. Кого сакаме да излажеме јас не знам. Самите себе, оние дваесет илјади фамилии што имаат војници во тие жаришта или меѓународната јавност. Јас навистина не сфаќам што е разликата од оние македонски единици кои во балканските војни се наоѓале кај Одрин, во 1945 година на Сремскиот фронт и еден контингент на македонски граѓани во тие контигенти на војници денес на кризните жаришта во Хрватска. Велиме со тоа оаза на мирот, а веднаш да потенцирам една работа, постојано македонските средства за јавно информирање шират гласови, ако беше ВМРО сега ќе беше како во пекол. Меѓутоа, сега живееме во оазата на мирот.

Јас еднаш го кажав моето мислење за оазата на мирот, сега ќе го кажам повторно.

Сметам дека паролата "Македонија е оаза на мирот" е најлицемерната фраза што можеше да ја исфрли македонското раководство као не кон друг барем кон оние четириесетина семејства кои денеска се веќе завиткани во црнина и кон оние дваесетина илјади семејства во Македонија кои секојдневно стравуваат за животот на своите најблиски војници и старешини. Полицемерна фраза не можевме да најдеме од таа. Словенија имаше 6 жртви во војната со армијата и денеска е потполно слободна и не најде таков термин, а ние имаме веќе 40 жртви и 15 - 20 илјади во овој момент потенцијални жртви таму на жариштата, немаме чепнато со еден прст кон своето осамостојување и исфрламе парола "Македонија е оаза на мирот". Мене на ништо не ми личи туку на една демагогија што треба да му се пласира на народот. Значи за разлика од многу јас сметам дека Македонија учествува во оваа војна и тоа на нискиот најможен начин, како жртвени јариња. За што се бориме. Меѓутоа, некој дозволи да отидат тие луѓе таму. Значи имаме 25 илади луѓе.

Вториот момент е морално политичкиот момент. Ако веќе имаме 20 илјади на 1 страна во таа војна, тогаш со што ние се потрудивме како македонска држава да се оградиме од она што таму се случува и постојано слушаме фрази дека таму се борат две етнички племиња, две неразумни страни итн. Зошто Македонија до ден денес го има изустено она што целиот свет го зборува дека армијата и српската политика се агресори во Хрватска. Меѓутоа, кај нас моментот за едно такво оградување е дотолку дополнително што во таа армија имаме огромен број на наши луѓе.

Морално политичкиот момент, терминолошкиот момент не е ни малку неважен посебно во една таква ситуација. Со што ние се оградивме од армијата да не зборуваме посебно за српската политика. Со ништо. И на крајот техничкиот момент. Цел свет знае и сите знаат дека Македонија ја помага Србија во војната и со техничкиот момент. Тоа е моментот на нафтата. Значи со сите три можни елементи ние учествуваме во војната, првиот најтрагичниот и се лажеме себе дека не учествуваме во војната, се тешиме дека можело да биде и полошо, а сега е добро. Јас не можам да се согласам со тој став. Нормално, тука посебно би сакал да се задржам на моментот со војниците. Сега начисто се изјавите, па ние не знаевме дека тоа може да се случи, не очекувавме дека армијата така ќе направи, од кај знаевме дека така ќе излезе. И дозволивме рековме една бројка од околу 20 илјади старешини и војници да се најде од страна на ЈНА."

Би сакал јас веднаш тука да го поставам прашањето, ако некој не знаел дека тоа ќе се случи тогаш мораме да се потсетиме дека некој знаел дека ќе се случи и дека предупредувал на тоа. Јас би сакал да потенцирам дека ВМРО-ДПМНЕ како партија најмалку 50 пати на своите предизборни митинзи на ТВ и во своите програмски цели има запишано "Македонски народе подготвувајте се, Југославија се распаѓа. Немојте да дозволите да испраќаме наши луѓе да бидеме повторно топовско месо на нечија туѓа политика". Меѓутоа, за жал тоа не сакаше некој да го слушне. Некој со многу опиплива политичка моќ и кој можеше да реагира на тоа не сакаше да го слушне. Ако се случеше во февруари кога словенците конечно престанаа да испраќаа војска во армијата и ние како Македонија да престанавме до ден денес ќе имавме можеби 1 до 2 илјади војници во таа армија. Меѓутоа, ние не само што не престанавме во февруари туку и понатаму да испраќаме војници. Се случи првата смрт, смртта на Сашко Гешовски. Имаше некои говори тука. Нова Македонија и останатите средства за ифнормирање недела дена после тоа водеа кампањи за одредени говори. Во овој параламент веднаш после митингот на народот ВМРО-ДПМНЕ предложи сопирање на идните регрути во армијата. Меѓутоа, во овој ист парламент некој стана и се залагаше за спротивното. Дури ВМРО беше наречен и оние што,се залагаа за тоа стопирање на понатамошните регрути беа наречени дури авантуристи, ако добро се сеќавам, разбивачи на ЈНА. Што направивме.

Направивме да испратиме уште два контигента на регрутни сесии, јунска и јулска сесија со 4.500 војници. Па чекајте луѓе, ако некој, тоа е демократијата, ако некој во овој парламент пред целиот македонски народ се залагал тоа да се стопира, а некој од другата страна станал и кажал дека не треба да се стопира и при гласањето уште го надгласал, тогаш ве молам, демократијата е затоа да се сносат сепак одговорности. Ние денес не можеме да кажеме дека како власт, како држава сме чисти, да си ги измиеме рацете за оние илјадници луѓе што се наоѓаат на кризните жаришта и за оние што веќе се жртви. Ќе отидеше и септемвриската сесија да не беше притисокот на ВМРО-ДПМНЕ: Септемвриската сесија требаше да се прати од 15 до 20, а македонската држава дури на 18 септември ја донесе Одлуката да не одат. Значи да не беше малку тој притисок ќе испратевме уште и септемвриската сесија која самата брои 4.500 војници.

Понатаму, тука има голем број на прашања. Еднаш, ако се сеќавам јас, македонскиот парламент донесе став дека не треба да се испраќаат македонските резервисти во армијата. Малку армијата направи притисок, веднаш ги пуштивме. Тоа беа оние познатите бунтови од Прилеп и Куманово. Што ќе се случеше ако не одеше ВМРО во Крива Паланка да ги организира луѓето да се побунат, денеска ќе имавме и резервисти во Хрватска. Потоа, повторно не нападнаа дека ВМРО си правел партиски маркетинг затоа што отишол во Крива Паланка да ги побуни луѓето да не одат во Хрватска. За жал тоа се оценките на македонските средства за јавно информирање.

Не знам, што треба да направи ВМРО-ДПМНЕ, сите иницијативи што досега ги дал и јас како личност, се оценети како партиски маркетинг. Нема став или позиција, кога се работи за најсуштествени работи веднаш да не се каже тоа е пратиски маркетинг. Значи, не бевме многу далеку од ситуацијата како она што е сега во Црна Гора да одиме како резервисти, како војници и да се радуваме што одиме да ја ослободуваме Југославија.

Понатаму, се случи војната во Хрватска. Преку две илјади Македонци беа заробени таму. И беа вратени овде во Македонија. Што се случи со тие луѓе. Тоа беа војници. Беа донесени овде и повторно беа вратени на армијата и повторно армијата си ги распореди ги врати на кризните жаришта. Никој не реагира на ништо.

Го знаеме оној случај кога беа овде се собраа мајките и кога ги праќавме на пат во Црна Гора и во непознат правец со повеќе автобуси. Тие беа собрани затоа што претходниот ден цела Македонија беше запознаена дека целиот состав од македонски граѓани е испратен на кризните жаришта. Се правдавме пред тие мајќи дека ништо не сме знаеле дека армијата не излажала, дека не сме биле запознаени. Па кого повторно лажеме. Постојано само демагогија демагогија. Целата, можам македонска влада и целото раководство претходниот ден знаеја дека тие луѓе ќе бидат испратени. Ако не знаеја јас и генералниот секретар на ВМРО-ДПМНЕ отидовме и им кажавме начин како да го спречат тоа. Меѓутоа, за жал никој не мрдна во оваа Македонија, а после другиот ден најлесно беше на мајките да им се дадат 10 автобуси па нека одат да се шетаат, во Црна Гора или таму, незнам каде. Тоа беше најлесното решение. Јас тоа постојано го велам, се додека оваа македонска власт повеќе сака да им се додвори и да знае што ќе мислат српските генерали отколку македонскиот народ, се дотогаш ние нема да имаме заштитена држава и народ.

Сега конечно да завршиме со најновиот момент. Што направивме ние за овие четири - пет месеци колку што трае војната да можеме да ги собереме сите оние војници и старешини кои дојдоа и се пријавија во Македонија. Ништо. Четири-пет месеци се врти една политика без да се донесе ни еден акт. Еве сега во најново време слушам нешто се донесува, да се заштити на било кој начин. Ве молам, Владата на Македонија излегува со соопштение кога српската воена полиција оди по куќите, ги блокира ги окупира, ги вади луѓето од внатре. Некои се тепаат како кучиња Македонската влада излегува со соопштение велејќи народе снаоѓајте се, или народе внимавајте кога некој ќе ви заѕвони на вратата. Какви се тие реагирања на една власт. Јас

незнам која власт, која власт во било која административна објаст во светот би реагирала на таков начин. Никаква мерка на заштита. Никаква мерка на одбрана во тој поглед. Велиме дека тоа е мудра и разумна политика, Меѓутоа, јас навистина сакам да дадам една констатација дека мудроста и разумноста на македонската политика можеме навистина дури и математички да ја пресметаме, а тоа е право професионално со она - колку србите и армијата ќе бараат од нас и колку што поскоро српската политика ќе си ги задоволи интерсите во Хрватска. Јас не можам да се согласам со таква одбранбена политика.

Не можам да се согласам со таква одбранбена политика, проблемот на осамостојувањето, бидејќи ги спомнав и тука исто така не можам да го сфатам и навистина оние кои сметаат дека е добро ќе ги оставам сами да продолжат во тој правец.

Кога зборувам за војната во Југославија нормално и причините и моментите тука би сакал да го потенцирам и моментот на некои ставови на членот на Претседателството од Македонија во југословенското собрание. Должен сум да кажам она што чувствувам, меѓутоа, сметам дека и тој сноси одоговорност. Зошто? Затоа што има гласано за ставот оружјето да се повлече од ТО во касарните. Ако еден политичар не може да сфати дека со тоа сите ќе изгубат, а само Србија ќе добиде, тоа е прашање или на наивност на политичка проценка. Сметам дека со неговото три, четири пати гласање на излегување на армијата на улиците и воспоставување на тие тампон зони директно придонесе армијата да се осили за поширoки и поконкретни акции во поглед на својата агресивност.

Конечно, мене до ден денеска тоа прашање еднаш го поставив пред Парламентот, не ми е јасно со кое овластување нашиот член на Претседателството на Југославија гласаше за повлекување на војската од Словенија. Ако од една страна се залагаше најпринципиелно за Југославија, јас не можам да разберам како еден човек кој се залага за Југославија не може да сфати дека со повлекувањето на таа армија односно со чинот на повлекувањето на армијата од Словенија беше последниот удар на Југославија од кој потоа опоравување таа Југославија немаше. Се до тој момент можевме да зборувавме дека нешто ќе тргне.

Меѓутоа, во моментот кога армијата се повлече од Словенија ја прекина последната нишка со Словенија тоа беше завршена состојба. Мене до ден денеска не ми е јасно дали некој во Парламентот е прашан за тоа, дали некој од македонското раководство е прашан, меѓутоа сметм дека е преголема одговорноста еден човек да гласа за таква одлука, а тоа не беше за мене ништо друго, туку чисто влегување во српската политика според која беше многу јасно треба Словенија да се отфрли,а потоа да се пресмета со сите други. Тоа е тој дел на војната од Југославија.

Конечно би сакал да поминам на делот на меѓународното претставување на Македонија. Меѓународното приспособување на Македонија со останатиот свет конечно признавањето на Македонија најпрвин веднаш да констатирам дека во првите 6 месеци од формирањето на власта па до оној прв период на прогласувањето на независноста на Словенија и Хрватска ние практично и да немавме ниту една меѓународна посета или контакт. Додека за тоа време сите други југословенски републики

буквално трчаа од земја во земја и бараа меѓународни пријатели, бараа меѓународна поддршка. Ние 6 месеци седевме вака и чекавме она што го реков дека никој претходно не ја разгледал состојбата во Македонија, чекавме односно некој што даде проценка дека Југославија сепак нема да се распадне и дека ние ќе одиме понатаму во таа Југославија. Шест месеци буквална парализа на меѓународната активност на Македонија. Отпочна процесот на раздружување на Словенија, потоа се случи од тој момемент преку референдумот ние постојано одевме во светот и не знаевме што браниме. Не знаеме за што се застапуваме. Постојано една матна политика посебно тоа е карактеристично од периодот на референдумот кога веќе се знаеше дека македонскиот народ ја избра самостојноста, значи од периодот на референдумот до моментот на Уставот. Тоа беше неколку месеци. Сите посети, односно:сите изјави што можевме да ги слушнеме беше залагање за некои суверени републики, демократски републики, за некои заедници, меѓутоа, ние практично во ниту еден новинарски извештај не можевме да прочитаме дека некој зборува за самостојна и независна македонска држава. Неколку пати тоа дури дирекно било поставувано прашањето, се давани секогаш одговори кои заобиколуваат што навистина сака Македонија. Меѓутоа, најкарактеристична работа со која не можам да се согласам и не можам да ја сфатам како беше можно по референдумот да се оди во светот и да се настапува со Платформата Глигоров - Изетбеговиќ. Во првиот момент кога беше таа донесена тоа беша моја искрена радост и победа затоа што тоа беше првата победа на ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи цело време во предизборната кампања ги уверувавме сите други да дојдат на статусот за суверени држави, сите други се смееја на таа идеа кога овде беше прифатена таа платформа тоа беше наша победа. Меѓутоа, по референдумот, јас не можам да ја сфатам суштината, која беше суштината да се застапува таа Платформа кога нема буквално никаква врска таа "Платформа со една идеа за една самостојна Македонија.

Сметам дека Македонија во своето меѓународно претставување, во своето меѓународно барање за признавање на Републиката се до Блед пред два - три дена беше на некој начин буквално парализирана. Дали беше намерно или не, меѓутоа еден факт е кој сите можете да си го потврдите дека Македонија со својата меѓународна политика за 10 месеци не дојде ни до тој статус било која држава денеска или меѓународна заедница да ја спомне со име. Тоа е еден факт кој вие можете да пуштите секогаш телевизија и секогаш тоа да го слушнете. Јас слушам Словенија и Хрватска, Словенија и Хрватска, меѓутоа, јас, за жал Македонија сеуште не можам да ја слушнам. Навистина би сакал да верувам дека некои тајни договори се прават некаде, меѓутоа од тајни договори навистина ни е до овде, навистина повеќе им верувам на јавните декларации, на јавните искажувања, на јавните признавања.

Најинтересно е 15 дена требаше да поминат од новиот македонски устав требаше Германија, Италија, Унгарија и уште неколку држави да го најават датумот кога ќе ги признаат Словенија и Хрватска и ние овде да се сепнеме, да се пресечеме и да сфатиме дека нешто не е во ред со нашата меѓународна политика. За жал, тука има премногу јавни цврсти сведоштва што ги следевме овие месеци за да може некој да ме уверува дека

мудро сме постапувале во тој поглед. Зборувам за фактички положби можете во таа фактичка положба секојдневно да се уверите. Сега сме доведени во цајтнот да правиме интензивни акции да измислуваме не знам што за да можеме да дојдеме да слушнат за нас дека и ние ја сакаме таа самостојност и да не напишат во тој список на Словенија и Хрватска. Јас еднаш во тој македонски Парламент кажав дека борбата на Словенија и Хрватска за нивното признавање не е и борба за признавање на Македонија. Секој народ, секоја држава сам треба да се бори за своето признавање. Меѓутоа, тоа го испуштивме, ние водеме некоја друга политика, резултатите се многу очигледни. Меѓутоа да се надеваме дека ќе бидеме признаени сепак.

Во целиот тој сплет на моменти сигурно би сакал да го кажам и економскиот момент, економската заштита на Македонија. Кога зборував пред овој Парламент за егоизмот на македонската економска заштита повторно ќе кажам "Нова Македонија" недела дена пишуваше хумористи за тој егоизам и што ќе сме правеле со тој егоизам, сега дојде време каде што се даваат мерки што се уште поегоистични отколку сум можел јас да ги замислам некогаш. Тие мерки да беа преземени тогаш сигурно сега немаше да преземеме такви мерки. Меѓутоа, дојдовме до таа позиција и се до завчера за да сфатиме дека мораме да се заштитуваме.

Кога станува збор за економската програма веднаш би потенцирал ја избравме Владата на експерти затоа што требаше економски да ја спаси Македонија. Констатацијата е веднаш по 10 месеци Македонија економски не мрднала никаде. Беше прифатена Платформата економската програма на Анте Марковиќ. Некој тука ја оспоруваше таа Платформа, меѓутоа, некој беше нарекуван непријател зошто ја оспорува таа платформа на Анте Марковиќ. Некој, за жал на време кажуваше дека економската политика на Анте Марковиќ ќе биде погубна за Македонија, меѓутоа, некој се смееше. Некој кажуваше дека парите што ги давате во банките ќе ви бидат украдени, некој се смееше, сега нека одат граѓаните нека си ги подигнат парите од истиот тој Анте Марковиќ и оние што овде му ја поддржуваа таа политика.

Заштита на пазарот, заштита на македонското стопанство, никаква мерка за сите овие месеци, никаква мерка за заштита. Буквална никаква. Вие тоа го велите добра, мудра, разумна економска политика. Сето тоа се правеше од политички причини, бидејќи ако со некоја економска мерка се донесеше која е спротивна на сојузниот закон, на сојузната политика, тоа ќе беше првиот чекор на покажување на сувереноста на Македонија. За жал, Македонија за овие 10 месеци ни во економијата не сакаше да ја покаже својата самостојност и сувереност, останавме упорно да не пљачкаат до крај само да покажеме дека никој ние нема да испровоцираме.

Не би сакал да одиме понатаму, би го навел само моментот на финансискиот дел односно на валутата. Кога јас предлагав македонска валута Телевизијата организираше некакви испитувања на граѓаните што мислат за валутата и од секаде ни се јавуваа дека се смеат како може Македонија да има валута дури и сега не сакат да сфатат еве јас гледам ни сега не сака да се сфати дека треба да се воведе македонска валута. Кои се последиците од тоа, многу се јасни. Словенија го собра динарот преку 20 милијарди динари ги собра можеби таа и претходно ги собирала,

меѓутоа и отпосле постојат илјада начини тие пари да се донесат во Македонија, во Босна, односно секаде онаму каде има држави односно има села без кучиња и тие пари да бидат употребени како дирекна инфлација. Армијата секој ден печати пари во Белград, печати, печати, тие пари одат секаде, влегуваат и во Македонија. Што правиме со инфлацијата со тие динари ја поддржуваме и војната ја поддржуваме и пљачката на другите и самите себе се пљачкаме. Меѓутоа, ние сме упорни нема да дозволиме македонска валута па макар инфлацијата да дојде и пет илјади посто. Добро, водете таква политика, последиците ќе ги видиме многу брзо не е многу далеку денот кога сите овие пресметки повторно ќе седнеме и ќе ги разгледуваме на маса. Меѓутоа, важно е да не се прифати предлогот на ВМРО-ДПМНЕ да се воведе македонска валута во Македонија.

На крајот би сакал да спомнам нешто за достоинството на Македонија. Јас сум навистина човек кој многу пази на тој момент, меѓутоа, сметам дека за овие 10 месеци успеавме навистина македонското достоинство да го срушиме на најниската можна гранка. Најпрвин, до последниот момент со сите сили, со се она што можеше да се стави во погон ја браневме и правевме се, да ја зачуваме Југославија една мртва творба на Југославија која секогаш била зандана за македонскиот народ и на Југославија која се распаѓа денес на крвав начин. До последен миг направивме се да ја зачуваме таа творба. Сепак на моментот на македонската самостојност гледавме со потсмев, гледавме со нереалност да не зборуваме тука за улогата што ја одиграа државните средства за јавно информирање кои до последен момент и до ден денеска меѓутоа, посебно тоа беше карактеристично во предизборната камапања потоа по предизборната кампања со сите сили со сета можна енергија направија да ја сочуваат таа СФРЈ и идеата за самостојност на македонците да ја направат минорна, да ја направат идеа на која секој треба да се смее. Цело време улогата на средствата за информирање не беше ништо друго освен да го плашат, да го застрашуваат македонскиот народ дека Македонија не може да биде самостојна не опфаќајќи го токму другиот сегмент, а што ако остане во редуцирана федерација и србославија. Тој сегмент никој не го опфати. Важно беше идеата за самостојност на Македонија да биде до темел поразена.

Кога зборуваме за тоа достоинство ќе извлечам заклучоци од она што до сега го кажав.Македонија за овие 10 месеци за жал, ниту во еден момент ни како влада ни како држава не покажа за сето тоа. За ништо немаше став однапред, секогаш мораше да се случат настаните, па потоа ние да заземеме став, меѓутоа за многу работи не се ни заземаше став. 10 месеци водиме политика на влечење, чекаме прво наста-нот да се случи па потоа да реагираме. До ден денеска е така. Сите настани можеше да не испреварат па ние како политичари кои гледаме онапред да се сетиме потоа дека настанот се случил па да реагираме како политика.

На крајот пак ќе го потенцирам momementot, меѓутоа, моментот на достоинството да излегува власта во Македонија кога неговиот народ го гонат како кучиња по улиците, го блокираат да излегува во соопштенија народе снаоѓајте се, народе затворајте ја вратата, ве молам тоа никаде го нема. Не можете вие да најдете власт која такви соопштенија може и таква заштита може

да му даде на својот народ.

Јас сметам дека оваа власт не е направена за ништо друго освен да го штити сопствениот народ и интересите на сопствената држава.

Конечно би сакал да кажам неколку збора односно неколку реченици за се она што генерално се случува. Според мене во Македонија се случува токму она што го кажавме како последна порака на Македонците во времето на изборите. Македонски народе, или ќе станеме срби или ќе направиме самостојна Македонија, ќе направиме самостојна војска, ќе направиме самостојна валута дури и македонска фудбалска репрезентација. Жалосно ќе биде токму тоа што тоа ќе ни го прават оние што за сето време се смееја на идејата за самостојна Македонија што тие за сето време кажуваа дека е теоретски проблем што за сето време не напаѓаа, ни правеа хајка некои од нив дури и убивале за тоа и што во својата глава никогаш не помислиле за самостојна Македонија што во своите програми ниту на едно место немаат поим од самостојна Македонија и што немаат ниту една визија за самостојна Македонија, а тоа ќе не чини премногу време, премногу пари и за жал сега се виде и премногу животи. Токму тоа е сегашната состојба, токму тоа што оние што се смееја на поимот на самостојна Македонија оние што правеа најжестоки хајки против оние што беа за самостојна Македонија и оние кои можеби некого прогонувале за таа идеа дојдоа да ја прават таа самостојна Македонија, а јас ви тврдам според онаа политика што до сега се води дека остварува и онаа дека немаат визии, немаат способности и не знаат како да ја прават таа самостојна Македонија.

Меѓутоа, вие велите дека сте го избрале најдобриот пат и велите дека ова е најмудрото и најразумното решение, јас ќе го задржам моето мислење и впрочем тоа е мојата главна причина за оставката што сметам дека Македонија го избра еден од најлошите патишта кон својата самостојност. Резултатите, негирањето, или потврдувањето ќе се види мишне брзо, а јас би можел да потенцирам некои од тие резултати. Резултатите на оваа политика повеќе од сигурно ќе биде економски пустош во Македонија верувајте луѓе. Економска пустош во Македонија затоа што не може друг резултат да се очекува кога една држава така безмилосно дозволува сопствениот народ, сопственото богатство да се краде. Нема друг резултат ќе ја чини стотици дирекнтни човечки жртви непотребни, духовни инвалиди и физички инвалиди.

Значи, на крајот би сакал само да потенцирам дека тоа се причините и мотивите на мојата оставка, демократијата е токму за тоа некој да се согласува со нешто, некој да не се согласува, некој да мисли на таков начин, некој да мисли на друг начин, меѓутоа, во секој случај јас пак ќе речам сметам дека не можам да се согласам со водењето на македонската политика што беше водена до сега и сметам ако веќе не можам да се согласам нема потреба ни да сметам, односно да му пречам на некого. Верувајте дека оставката е чисто од принципиелни причини и во таа смисла единствено стои  она што го реков во чинот на давањето на оставката неслагање со водењето на македонската државна политика.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Само во

кратки црти ќе гиизнесам моите ставови во однос на образложението на сега веќе бившиот потпретседател на Претседателот на Републиката.

Пред се оставката е личен и морален чин и никој нема право да се меша и да му се спротивставува. Со најголемиот дел од неговите ставови се согласувам, меѓутоа, има некои негови ставови кои треба да ги оспорам тука и тоа со аргументи.

Пред се функцијата потпреседател на Претседателот и уставно била проблематична. Како што имав прилика да читам од уставот потпретседателот требаше да го заменува претседателот кога тој е отсутен или во случај на болест. Среќа што нашиот претседател беше здрав и тој немаше прилика да го замени па во најголемиот дел бил во сенка. Сега има право и да се лути малку. Меѓутоа, нашиот потпреседател причините ги сведува на две принципиелни точки.

- односот на кој се гради демократијата и

- односот кон осамостојување на Македонија.

Во првата точка - односот на кој се градеше демократијата тој го наведува суспендирањето на изборните резултати. Во ова се согласувам со потпретседателот бидејќи во македонија навистина има суспендирани изборни резултати и тоа во наголем дел на штета на Партијата за демократски просперитет, поточно на штета на албанците. А во сите други општини каде ВМРО беше победник општинските собранија биле конституирани дури и со сила, дури и пред време. Печатот таквите случаи ги забележала и историјата може тоа прецизно да го докаже, додека како резултат на таквата добра политика на ВМРО-ДПМНЕ се до ден денес во Македонија имаме најголема тензија во меѓунационалните односи, пред се врз фактот на неконституирањето на општинските собранија во Тетово и Гостивар, а и во другите општини каде ПДП немаше толку мал број на пратеници. Тоа е факт и јас се радувам што потпретседателот ова го признава, меѓутоа, неговото признавање требаше да следи и со самокритика и самонапори кои би требало да се вложат за да овие проблеми бидат навреме разрешени.

Другиот факт од потпретседателот беше начинот на конституирањето на Владата. Сите ние знаеме и сме сведоци дека Владата така како што беше конституирана само името го имаше експертска, додека во најголемиот дел од нејзиниот состав беше ВМРО-овска. Пример министрите Димитров, Лепавцов, Наумов, тоа не треба да се докажува. Меѓутоа, јас сметам дека тоа е грешка. Најголема грешка е тоа што истата Влада носи назив експертска, а практично беше партиска влада. Сега магијата е во тоа што ВМРО имаше право да каже дека ете немаше право да ја формира Владата. Тоа е точно и не треба да се спори воопшто.

Во понатамошното излагање на потпретседателот на претседателот се изнесува некое негово несогласување со тоа дека некој во Македонија разговара, преговара со албанското малцинство, како што тој се изјасни, како што тој се изрази, а во Дебар пред референдумот се изрази како албански народ. Сега јас се прашувам дали ние сме албански народ во Дебар или албанско малцинство овде во Парламентот. Тоа е моја дилема. И дека во тие разговори и преговори се прават некакви отстапки, а прашањето беше кои има право во име на македонскиот народ да прави отстапки. Насекаде во светот се прават разговори и

преговори посебно со најврвните политичари, посебно тие кои ја креираат политиката на една земја. Тоа е и практика во парламентарната демократија. Меѓутоа, тие разговори и преговори се водени не на грб на некој народ и на штета на некој народ туку за добробит на сите народи во Македонија. Повеќе е точно дека сме воделе такви разговори со претседателот на Републиката, со премиерот, потпретседателот, претседателот на Парламентот, со членот на Претседатлството. Тие разговори сме ги воделе тука во зградата на Собранието за иднината на Македонија, меѓутоа уште поточно е и тоа сме имале разговори и преговори и со господинот потпретседател, но за разлика не во зградата на Собранието туку некаде тука во Скопје. И тоа е непобитен факт.

Дали се направени некакви отстапки. Јас не знам дали потпретседателот зборуваше за отстапки или за она да се реализира тоа што го следува секој во било кое катче на земјата, не само во Македонија, во целиот свет. Ако некој смета дека е отстапка заложбата за рамноправност на едни со други, тој тогаш е во заблуда. Ако некој сеуште живее со филозофијата дека некои има многу богатство и дека треба на некој да му дава исто така е во заблуда. Не е во заблуда само тој што сака да биде рамноправен со другиот. Тој знае дека со таквите заложби има добри заложби за својот народ. Што сме добиле од тие разговори. Ништо, да ви кажам право. Само сме добиле тоа што дијалогот бил стално отворен, а зашто не сме добиле ништо? Затоа што партијата што ги добила изборите вршела опструкција на договореното во тие места каде тоа требаше да се реализира, Ете сме разговарале за конституирањето на општинските собранија не само во Тетово и Гостивар туку во цела Македонија. Повеќе од 15 пати. Резултатот од тоа уште ден денес во Тетово и Гостивар со декрет на Владата што имаме тоталитаризам. А господинот потпретседател е против неокомунизмот и тоталитаризмот. Треба да биде против ова.

Сме разговарале за повторното отварање на паралелките на албански наставен јазик во средните училиште. Што е сторено со тоа. Само една паралелка повеќе во Зефљуш Марку и ништо друго. А тие паралелки што се отворени Владата под притисок на ВМРО ги нарекува како диви. Јас би рекол дека тие паралелки треба сега да најдеме начини како да ги озакониме и понатаму да не бидат диви како што ги велат.

Кој е резултатот на тие разговори и преговори? Точно забележи потпретседателот дека немаше резултати до сега. Не излеговме на потпис на референдум, гласавме против Уставот, меѓутоа контра прашањето е зошто гласавме против уставот и зошто не излегувавме на референдумот.

За мене и ден денес е дилемата зошто потпретстедателот на претседателот сеуште до ден денес нема јавно декларирано за тие негови изјави во весникот "Македонија" од Димитар Гоцев. Јас се сеќавам еден наслов беше "Македонија треба активно да се вклучи во разрушувањето на Југославија" Само да напоменам не ми е жал за Југославија каква што беше и зошто сеуште неговата партија нема излезено пред јавноста за теоријата на бугарската држава дека тие Македонија ја признаваат како територија, а народот не. Ова за мене е драстична појава. Затоа јас како албанец мора да гласам против уставот, бидејќи имавме и една бизарна теорија

како предлог во предлог-уставот на Македонија дека границите на Македонија можат да се менуваат со волјата на народот. Тоа за мене беше несфатливо. Ако велиме дека границите се неменливи, а некои пласира теорија дека границите можат да се менуваат со волјата на народот тоа навистина за мене е проблематично.

Не би сакал да ве задржувам, имам многу да зборувам, меѓутоа, јас сум за тоа оставката да се прифати.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, почитувано Претседателство. Оставката на потпретседателот Љупчо Георгиевски ја сваќам како израз на сопствената волја, како морален чин и образложението во целост го прифаќам. Не очекував после ова образложение да се отвора расправа, но бидејќи оваа седница се пренесува претходниот говорник господинот Халили изнесе некои работи и заради објективно информирање на јавноста би сакала да укажам на некои факти.

Имено, потпретседателот Љупчо Георгиевски откако стапи на функцијата потпретседател, не ја врши веќе функцијата претседател таа е во мирување. Имено, сите работи што се поврзани со партиската активност, а тука спаѓаат и меѓупартиските договори за конституирање на општинските собранија, не може господинот Георгиевски да сноси одговорност и за тоа може да се обратите на Извршниот комитет на ВМРО и на мене како потпретседател кој што го заменуваше во овој меѓупериод.

Што се однесува до констатацијата дека Владата е ВМРО-овска, факт дека такви подметнувања калкулираат во јавноста уште откако се формира Владата, се со цел партијата која што нема учество во Владата и која што беше изманипулирана и изиграна во преговорите за формирањето на Владата одговорноста за сето она што е пропуштено и за состојбата во кои што сега се наоѓа Македонија да се префрли на оној кој што најмалку учествувал во власт и кој што е најмалку одговорен на таков политички макетинг и на такви подметнувања нема ниту најнаивните да подлегнат. Факт е дека само еден министер е член на Партијата ВМРО-ДПМНЕ, тоа е господинот Александар Лепавцев, кој што при конституирањето на Владата нашата Партија го ослободи од партиската одговорност, иако имаше партиска одлука да не учествуваме во формирањето на Владата, откако не беше прифатен нашиот предлог за премиер. Господинот Киро Глиговор не прифати ниту еден од четирите наши предлози и според слободата на совеста му беше дозволено да одлучи дали ќе ја прифати понудата да биде министер за урбанизам или не.

Што се однесува до калкулациите и подметнувањата во врска со почитуваниот господин Димитар Димитров нашиот однос како партија кон господинот Димитров е со целиот респект за еден од водечките интелектуалци во Македонија кој што даде голем придонес за демократизацијата во Македонија и беше еден од првите жртви 70-тите години така што во таа смисла ние на сите интелектуалци на сите слободоумни луѓе како партија сме расположени и во иднина да им дадеме поддршка и да изразиме почит. Инаку јавно би сакала да кажам, тој не е член на нашата Партија, не е вклучен во никакви ни комисии, ни тела, и мислам дека треба да се почитува неговата личност и од сите калкулации и подметнувања да биде ослободен.

Исто така реагирањето на господинот Халили јас наполно го разбирам, бидејќи укажа на тоа дека зад затворени врати се правени отстапки на албанското малцинство. Јас тоа го сваќам малку поинаку, господинот Георгиевски на почетокот кажа дека неговото реагирање е всушност на начинот на работа. Не е реагирањето околу договарањето и околу ставовите туку околу начинот на работа. Демократијата не може да биде поврзана со договори зад затворени врати околу стратешки прашања. Ние како партија, како парламентарна група често пати сме давале предлози да се формира една група од страна на пратеничкиот состав во која што би биле кога станува збор за вакви прашања, вклучени и претседателот на Републиката и претседателот на Владата и сите оние политички субјекти за кои што сметаме дека би можел да придонесе за вакво договарање. Но, за жал мислам дека работата на Парламентот, беше отежната токму затоа што отсуствуваше ваков начин на договарање на работа, туку беа поединци или групи вклучувани околу вакви договори за суштествени прашања. Мислам дека секој човек што разбира што е демократија и кој што сака во Македонија да заживее таа во целост ќе се спротивстави на ваквиот начин на работа. Ние како пратеничка група сме викани на договори кога ќе дојде до некој проблеми во работата на Парламентот и кога на нашата пратеничка група треба да се изврши притисок. Имено, демократијата не значи да се договориме како што сакам јас, да се викнат претставниците на сите пратенички групи за да се убедува ВМРО да ги прифати ставовите и заклучоците кои што се однапред сугерирани или договорени. Во таа смисла беше забелешката на господинот Георгиевски.

Исто така околу изјавите во Нова Македонија, подметнувања средби со Гоцев итн., јас мислам дека ова не е некоја идеолошка комисија па сега ние партиската работа на БМРО-ДПМНЕ како дежурен виновник да ја разгледуваме и да бараме, да условуваме да се демантира ова или она. Јас мислам дека ниту еден претставник, на било која партија нема такво морално право. Ние не бараме на оваа говорница да се разгледа партиската работа на ПДП или СДС итн. Јас мислам дека вакви аргументи не би требало да има во овој момент. Не се прифатливи бидејќи станува збор за седница на Парламентот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам да одиме на пауза малку.

Да продолжиме понатаму.

Дали некој бара збор?

**ФАИК АМДИ:**

Почитувани дами и господа, многу ми е жал што слушнав овде еден ипол час, скоро два часа излагање на еден млад човек, политичар. Ако се сеќавате при неговиот избор јас кажав дека давам полна поддршка на едно младо момче, веројатно после покрај еден искусен политичар ќе стекне рутина и ќе има искуство за понатаму овој наш македонски народ да има така добар млад кадар. Гледам дека состојбата не е изменета, на проблемите се гледа онака како што изнесени. Сакам да кажам  на оваа говорница пред јавноста, пред нашиот Македонски народ како да немаме очи и уши да гледаме и слушаме, да знаеме да избереме еден критичен момент.

Економистите знаат што значи критичен момент. Пописот, завршната сметка се прави на 31.12.1991 година. Тоа е критична задача или 30.06. итн. Зарем можеме да се залетаме во тие денови за наша самостојност? Зарем ние не знаевме дека Југославија полека, полека се распаѓа, односно бурно се распаѓа. Знаевме сите. Точно е тоа дека не сакавме да го признаеме, да го кажеме за да не се случи она што се случува со Словенија, Хрватска итн. Сите ние знаеме што се случува, но еве без да имаме војна на наше тло ние ја постигнавме целта и ќе ја постигнеме целта и понатаму. Не смееме да бидеме глуви и слепи на тоа. Зарем требаше така да направиме, како што направија Словенците, да бидеме некои јуришници. Зарем малку вчера разговараме за економијата на Македонија? Зарем може сега да и кажеме, како што беше кажано, на работничката класа дека сме во некој друг систем, нема работничка класа, туку да речеме на работниците. Зарем можеме да кажеме дека оваа Влада и ова раководство е тоа што направило вие да бидете вакви, такви и онакви. Зарем не знаеме дека е војна, зарем не знаеме дека нашите капацитети се за никаде, не се в ред. Заради тоа што немаме каде да продаваме. Зарем не знаеме дека имаме стара технологија, зарем не знаеме дека имаме голема цена на чинење на нашите производи, зарем не знаеме дека нашите деца и сите ние овде ќе мора да направиме пресврт во нашето однесување во процесот на производството. Зарем не можевме да научиме нешто дека поубаво е ова што го направивме, отколку да даевме генерации и генерации да ни одат во војна. Сигурно многу ми е тешко што се уште имаме војници таму во тие жаришта. Јас мислам она што е искажано како критика на претседателот на Републиката тоа е критика на сите оние што го подржуваат претседателот, на сите партии, на сите пратеници.

Јас во овој момент во име на мојата партија давам една полна поддршка на се она што досега господинот Киро Глигоров го правеше. Мислам дека овој македонски народ овде во Република Македонија на живот треба да му запали една голема свеќа на господинот Киро Глигоров дека успеа досега тоа да го направи. Еве, пред некој ден ние прочитавме дека сме изземени од санкциите на ЕЕЗ и другите меѓународни организации зарем тоа не е ништо? Како не знаеме тоа да го цениме? Немојте, не чини така.

Еве, едно обраќање до господинот Љупчо Георгиевски кој како човек го почитувам. Тоа е негова работа што дал оставка, има свои гледишта, можеби тоа е партиска определба. Еве, слушнавме и од госпоѓицата Доста Димовска дека пратениците од ВМРО ДПМНЕ тоа целосно го подржуваат, си остануваат на својата програма. Тоа е програма, меѓутоа сепак верувам во една голема човечност, верувам дека мора да мислиме на генерациите што доаѓаат и за овие што се овде и за тие што ќе дојдат. Но верувам и во нешто друго што јас не го измислив, некој друг го кажал тоа, некој голем мудрец. Времето кое не раздели сите нас па и тие што се млади и што така мислат ќе не раздели и ќе ги раздели мислите, ќе мислиме малку поинаку ќе мораме на демократски дијалог на мирен начин да го постигнеме она што треба да го постигнеме. Не она што го прави Хрватска. Јас знам дека сите бараат мирот, но не на

овој начин. Да избереме нешто што е подобро. Мислам дека не требаше толку да го навредиме господинот претседател.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Би сакал да се надоврзам на еден пасус од излагањето на господинот Мухамед Халили и да им честитам на коалицијата ПДП НДП за успешно спроведениот став, за исклучителната неподобност на господинот Димитров да биде член на експертската Влада. Неговата демисија е овозможена со гласовите на СДС, дел од пратениците на реформските сили...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, завршивме со оставката на господинот Димитров.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ве молам, не сакам да ме прекинувате, ова е во контекст на излагањето на господинот Халили.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, зборувајте за ова што е тоа на дневен ред.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Јас ќе продолжам, тоа е мое право, немате право збор да ми одземете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Навикнете се да зборувате за тоа што е на дневен ред. Држете се за тоа.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Јас се држам до тоа, во тој контекст е излагањето мое.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Таа точка помина, господине Флоровски, не се јавивте тогаш.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Во тој контекст е моето излагање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се знае кога се зборува за господинот Димитров.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Значи, немам право да реплицирам, така испаѓа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, тоа помина.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ова е реплика на господинот Халили. Ми одзимате право на збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, можете да зборувате за оставката на господинот Љупчо Георгиевски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Во тој контекст е и оставката на господинот Љупчо Георгиевски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде, ако вие мислите дека тоа е исто. Ако мислите дека е истата работа врзана за оставките на Димитров и Георгиевски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Како можете во мое име и моите мисли да ги кажувате?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ако зборувате за оставката на господинот Георгиевски, повелете, а за оставката на господинот Димитров, заврши таа работа. Не можеме да се враќаме постојано.

Молам, кој друг бара збор?

За збор се јави потпретседателот на Владата на Република Македонија, Блаже Ристовски.

**БЛАЖЕ РИСТОВСКИ:**

Почитувани пратеници, излегувам на оваа говорница со едно морам да признам прилично болно чувство. Член сум на оваа Влада, што се смета, барем ние така сметаме, непартиска, необоена, а ми се чини и достапно загрижена за сопствената работа и за прашањата што и стојат пред неа. Таа Влада, барем мене ни се чини достапно познато, прави се она што сметаше дека треба да го направи една Влада, во околностите во кои ние се наоѓаме. За жал, ние како Влада од кога дојдовме, скоро по тие 90 дена, цело време сме на ударот од сите страни, па ако сме и непартиска Влада, ако и ја немаме подршката на одделни партии, зарем навистина треба да бидеме цело време, цело време не само непомагани туку и цело време само напаѓани. Вие знаете „Нова Македонија" преку некои свои новинари не направи бојосани и пребојосани, бугарофили, какви ли не, и око не им трепна. „Пулс" цело време не има на заб, па еве гледате и денес одново не внесуваат во некои рубрики заедно со одредени личности што се обвинети за работи што немаат апсолутно никаква врска со Владата. И одново бугарофили индиректно не прават: „Република" преку секој Стојче Наумов, Владата ја направи пиле. Еве денес за голема жал не знам зошто беше потребно дури и потпретседателот Љупчо Георгиевски истури премногу напади врз Владата, иако сите ја напаѓаат како вмро-ска.

Јас не би сакал за сето она што овде беше речено за сметка на Владата да давам каков и да е одговор. Меѓутоа, бидејќи се почувствував и лично засегнат што се однесува за сферата на одбраната, мислам дека пред вас, па ако ми дозволите и пред другите што ја гледаат оваа наша сесија да дадам одредени одговори и да укажам дека многу ми е жал што некои од констатациите на господинот потпретседателне се затемелени врз реални факти.

Прво, тука се вели дека македонската оаза на мирот е „лицемерна фраза" и обична демагогија. Навистина, водата во овој период се труди да зачува една таква оаза на мирот и дури можам да ви речам дека не сме негорди што ова парче од некогашната Југославија, оваа малечка македонска земја што единствено ни остана по сите бури на историјата, денес како никој друг во некогашната Југославија сеуште живее во некаков мир со зачувани сите материјални и други богатства. За жал, она што на другите простори веќе е растурено од една војна за која ние навистина се имаме и јасно и доволно гласно искажано. Притоа, се наведува дека сме дале 40 жртви и дека 20 илјади имаме во Армијата и денес на фронтот. Не е битно дали тоа што не се 40 жртви, но и да е една жртва таа е многу. Кога се губи еден живот, тоа е цел живот и навистина не се веќе 20 илјади, за наша среќа успеавме да извлечеме доста од нашите војници и таа бројка е нешто околу 5 илјади. Но и да е илјада и да се сто и да е еден војник, а вие знаете дека Словенија се бореше за

еден војник што беше останал во армијата, е сепак многу.

Меѓутоа, драги пратеници, дали не можеме да се спомнеме, пред неколку дена само доаѓаа мајките од Хрватска да ги бараат сопствените синови во таа армија што самата се бори против Хрватска и не можат да ги извлечат. Дали можеме, да си претставиме како се чувствуваат тие хрватски мајки и татковци, тие родители кога знаат нивните не мал број војници, нивните чеда се присилени да се борат против самата хрватска и против сопствениот народ. Да ја обвинуваме Хрватска, Хрватската влада, би било навистина некоректно. Едноставно треба да сватиме, тоа е тешко за секој родител и јас знам сега мнозина родители ги слушаат моите зборови. Јас сфаќам каква е таа болка кога нашите мајки и татковци секој ден чекаат да ја гледаат вечерната емисија и да се плашат од нејзиниот почеток. А ние, дозволете ми и јас во овој случај како вршител на должноста министер за народна одбрана покрај другото, и јас не помалку од нив се плашам со секое одење на работа, со секој звонец на телефонот, затоа што се се плашам дека ќе ме известат дека уште еден сандак ни праќаат од нашите деца. И што мислите, што можеме ние како Министерство за одбрана во овој момент да направиме и обвиненијата дека ништо не сме направиле.

Прво, вие знаете зошто беше сменет министерот за одбрана. Овде беше сменет. Токму затоа што не го правеше тоа што требаше да го направи, токму затоа што ни ги испратија децата и не само тоа туку беше дал дури и списоци и копии од списоците кои денес се користат за повикување на нашите војници и резервисти. Затоа беше сменет. Беше сменет од Владата, беше сменет од премиерот на таа Влада.

Натаму, дали не се спомнувате дека веднаш потоа, веднаш истиот ден ние ја презедовме целокупната евиденција и документација и го оневозможивме наполно регрутирањето и земањето резервисти, тоа што никаде во Југославија не се успеа. Бевме и критикувани и заплашувани и секој ден добивавме писма со закани и осуди, меѓутоа, го направивме само тоа по своја сопствена совест, чувствувајќи го долгот спрема овој народ што сметавме треба и сме должни како Влада да го направиме во околностите во кои ние дејствуваме. Вие знаете оваа влада исто така не само што ги откажа сите царински и други давачки на Сојузната администрација, на сојузот некогашен, таа го откажа и оној оргомен за наши околности принос што се даваше за армијата.

Можеби тоа сметате не е ништо. Во наши околности и тоа е нешто.

Се приговара дека не сме ги заштитиле нашите војници што се вратиле од фронтот. Мислам дека господинот потпретседател нема право. Ние, како Влада, вложивме доста усилби и ги презедовме сите расположливи мерки и средства да ги заштитиме нашите војници и офицери што ја напуштија армијата или беа заробени, па потоа префрлени во Македонија. Меѓутоа, сакам и апелирам кон сите да погледнеме на реалностите. Хрватска сеуште не може да се ослободи од армијата, иако војува против неа. Треба ли ние да сметаме дека можеме да и наредиме на армијата да си оди или да не ги врши оние активности што таа се обидува да ги врши. Вие знаете и тука Парламентот веќе се изјасни за тоа дека ние не го признаваме ова четиричлено, таканаречено претседателство. Го сметаме нелегитимно. Меѓутоа, тоа Претседателство и денеска, и денеска дава наредби што на одредени региони во некогашната Југославија се спроведуваат.

Оваа Влада тоа не само што не го почитува, напротив. Си дозволува, можеби ќе речете дрскост, но тоа го сметаме како свој долг да не ги спречува нашите луѓе да патуваат и преку границата кога треба, а треба без да бараат од воените власти документи издадени врз основа на евиденцијата и документацијата што ние ја собравме. Само кај нас е тоа. И не случајно од секаде низ Југославија доаѓаат тука да ги минуваат нашите граници. Оваа Влада е одговорна за тоа. Можеби ќе речете тоа не е многу, но за нас е тоа важно и значајно.

Бевме обвинети дека и ние учествуваме во војната. За жал, индиректно, а во смисла на учеството на војниците и директно и ние учествуваме. И еден ден, ако оваа Влада не се оградеше, еден ден кога ќе дојде Нинберг кој мора да дојде, и на кој ќе мора да положи сметка за се ова што станува во оваа земја. Македонија би се нашла во оние што би седнале на таа клупа во тој Нинберг. Иако македонската влада, меѓутоа, јасно даде на знаење дека ние не само што не ја подржуваме ние и не сакаме на каков и да е начин да учествуваме во таа туѓа завојувачка војна во Југославија што се води сеуште денес и покрај 14 потпишани примирја. Со тоа ние се дистанциравме од неа. И само ги сметаме овие наши учесници жртви, жртви што како заложници ни се држат таму. И за жал, како Хрватска што не може да ги извлече своите војници и ние не сме во состојба.

Сакате да земеме оружје? Да се спротивставиме со огин? Кои сме ние и колку сме и со што можеме и дали треба да се спротивставуваме на таков начин? Нека ни биде простено ако сметате дека не сме прави, но Владата на Република Македонија смета дека ние во вакви околности, со вооружена сила ниту сме во состојба ниту треба да бидеме во некаква функција на воружена сила што треба да се спротивстави на армијата. Напротив, со разговори и преговори сакаме да ги решиме прашањата што ни стојат и за кои не задолжува неодамна примениот Устав на оваа суверена и самостојна наша држава.

Со што се оргадивме од армијата? Со ништо, се вели. Ви се молам, зар сето оваа не е нешто. Ние не можеме да ги браниме нашите деца по улиците со оружје. Меѓутоа, ние и забранивме на нашата полиција која со некогашниот југословенски закон беше должна сите, таканаречени дезертери да ги лови по улиците и да ги праќа во армијата. Македонската Влада од почетокот даде наредба македонската полиција нема соучество во тоа. Тоа се наши деца, тоа е наш народ и ние немаме зошто да се грижиме за некакви потреби на армијата. Уште повеќе тоа да се прави со нашата крв и со нашите синови.

Што сме направиле со војници и офицерите што се вратени? Па видете, се вели не сме направиле ништо. Јас се извинувам, можеби се работи и близу е до умот и да не се знае, меѓутоа Македонската Валда има направена во наши околности онолку колку што е возможно, а прави и натаму, можеби и повеќе отколку што е возможно. Карактерот на овие работи е таков што ниту овде јас не можам за се да зборувам и вие тоа ќе го разберете. Затоа молам за мое извинување пред вас.

Ако не нападнат, со што ќе се браниме? Со Уставот е предвидена македонска армија. Но, Уставот е вчера донесен, а ние сеуште не сме во состојба и немаме можност да изградиме армија. И, што мислите, можеме ли ние против кој и да е надворешен агресор да се бориме и да се одбраниме со оружје? Но, толку колку што ни е потребно, ние и имаме и можеме. А, повеќе, во овие околности ниту ни треба, ниту е потребно да се ангажираме.

Ние, на овој блакански простор и во иднина, независно од бројот на војниците и офицерите во армијата, сепак ќе бидеме една земја прилично демилитаризирана. Ние ќе имаме веројатно една армија која ќе биде како во

Швајцарија, можеби. Која ќе служи само за нашите потреби. Затоа што ние мораме да сметаме и на спрегата што стои околу нас затоа што сите знаат она што би се случило во Македонија, тоа утре ќе биде нова балканска војна. А, нова балканска војна, тоа е веќе европска војна, а Европа сепак е светот.

Затоа, кога Владата се напаѓа дека Македонија избрала еден од најлошите патишта за својата самостојност, јас сакам, почитувани пратеници да се разбереме, нашата самостојност ја водеше оваа Влада до овој степен така, како што таа сметаше. Историјата утре ќе каже дали сме биле прави. Нашите граѓани ќе кажат дали сме биле прави. Лично мислам дека она што сме го правеле, сме го правеле со достоинство, според нашите сили, според нашите способности, но и според нашите и можности и потреби.

Затоа ве молам, јас наполно го почитувам правото на господинот потпретседател да си даде оставка, тогаш и за тоа што тој го чувствува и го смета како нужно и свој моралеn долг. Јас не би сакал во тој поглед во никаква смисла да му давам како и да е приговор. Ако е тоа негова лична волја, израз на неговото длабоко чувствување и е чин спрема кој, секој од нас, веројатно ќе се поклони, бидејќи се работи за свеста и совеста на еден човек.

Но, ве молам, ние сме сепак непартиска Влада и, ве молам, сите вас драги пратеници да имате барем толку уважение спрема таа Влада, не толку колку што таа вложува напори, но толку уважение да можете барем толерантно да се однесувате спрема нејзините изрази на таа нејзина дејност.

И ние изјавивме не еднаш дека не сакаме да дискуираме со печатот, со јавниот збор. Тоа е работа за која други се одговорни и други сносат одговорност. Има таму и редакции и дирекции и нека одговараат пред нив. Меѓутоа, за она што претставува материјална невистина, во секоја држава постојат и законски регулативи, а ние и како Влада сакаме да бидеме држава што ќе знае и за закон и за ред или вообичаено денеска речено да бидеме правна држава.

Ете, тоа само сакав да го напоменам во врска со овие обвиненија во однос на одбраната на Македонија во однос на активноста на Владата на овој фронт.

Благодарам за вниманието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сакам да укажам во ИНТЕРЕС на расправата во овој Парламент по однос на оваа точка што е ставена, со оглед на тоа што на дневен ред имаме оставка на потпретседателот на претседателот на Република Македонија, а на прашање за изразување доверба на Владата или на политиката што ја водел овој Парламент до сега.

Оставката ја сфаќам и нормално е, како морален чин на уверување, убедување на лицето носител на јавната Функција кој ја поднесува. Затоа сметам дека по истата не би требало да отвориме расправа поготово заради тоа што оставката се однесува за политички погледи, за генералната политика во Републиката и верувам дека ќе изгубиме многу време за сите да се убедуваме какви ни се различните политички погледи по однос на сите овие прашања, врз основа на што е изразена една политичка филозофија и поглед по однос на истите, за да на крајот сепак констатираме дека, бидејќи токму тоа за што расправаме не е на дневен ред и по него не можеме да донесеме било каков заклучок или одлука.

Пред се, кога на почетокот на оваа седница Парламентот утврди дека

на првата наредна седница ќе бидат разгледани прашањата за актуелната политичко-безбедносна состојба во Републиката, за што верувам дека во таа расправа ќе може да ги конфронтираме и судираме нашите различни политички погледи по сите актуелни прашања и да донесеме евентуални и конкретни заклучоци, пред се во поглед на спроведувањето на Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија каде што навистина ќе видиме кој надлежен орган до сега што направил и што ние како Парламент, како носители на законодавната власт во Република Македонија и одговорни за вкупните состојби во Републиката до сега сме спровеле и донеле како акт за да ја обезбедиме самостојноста на Република Македонија, како што тоа го инаугурираме во новиот Устав.

Оставката беше поднесена во писмена форма со образложение дека предлага да му биде овозможено неговите политички погледи за актуелната политичко-безбедносна состојба во Републиката да ги изнесе на седница Собранието. Јас верувам дека Парламентот со почит према политичките ставови, со почит према барањето за поднесување оставка секој на свој начин ќе ги коментира неговите политички погледи по однос на овие прашања. Го ставивме тоа на дневен ред и сметам дека расправата треба да ја завршиме со констатација дека настапиле условите за престанок на мандатот на господинот Љупчо Георгиевски на функцијата потпретседател на претседателот на Република Македонија. Согласно член 10, став 3 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија и членот 23 од Законот за избори и разрешување на претседател на Република Македонија и потпретседател на претседателот на Републиката да го задолжиме претседателто на Републиката да ја отпочне постапката за предлагање потпретседател на претседателот во консултација со политичките партии односно пратеничките групи на политичките партии и пратениците застапени во Парламентот.

Не навлегувам во расправа по однос на изнесените констатации за сите состојби во Републиката бидејќи ќе се вклучам тогаш ако евентуално Парламентот отвори расправа. Меѓутоа, не ја гледам целисходноста и завршницата од расправата по однос на оставката за политичките видувања за состојбите во Републиката на потпретседателот на претседателто.

Граѓаните на Република Македонија и македонскиот народ, па и сите оние граѓани кои не се припадници на македонскиот народ независно до нивната национална припадност, сметам дека во овој временски период од 10 месеци колку што работи, од конститутивната седница на овој Парламент имаа доволно време да проценат и самите да коментираат чија политика и постапки биле или не биле во согласност со интересите на избирачкото тело за генералната политика или актите што ги носел овој Парламент.

Од таа причина предлагам, во интерес на расправата и на точката што е ставена на дневен ред да предложиме заклучок да прифатиме и ја завршиме расправата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Зибери бара збор.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Јас немав намера да дискутирам, меѓута со оглед на тоа што господинот Петров предложи еден ваков заклучок, само да го потсетам дека според одредбите на Уставот што се однесуваат на претседателот

на Републиката и одредбите на Уставниот закон што се однесуваат за важноста на функцијата на потпретседател на претседателот на Републиката, со оставката на потпретседателот на претседателот се затвара таа функција и веќе нема потреба за одново отворање на постапка за избирање нов потпретседател на претседателот.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Само да одговорам во однос на исправка на она што го кажа г-динот Зибери. Не се номинира за функцијата потпрет-седател за да барам таа да продолжи и понатаму, заради тоа што со членот за изборот на претседател на Републиката тоа право ни е ускратено за кандидатура, а на ова немам ни тендениија ниту претендирање. Меѓутоа, сакам да го прочитам член 10 став 3 од Уставниот закон.

Во овој член вели: потпретседателот на претседателот на Република Македонија продолжува да ги врши функциите со права и должности утврдени со амандманот 75 на Уставот, до одржувањето на нови избори, а најдоцна до истекот на мандатот за кој е избран. Ако ние ја констатираме оставката на потпретседателот на носителот на функцијата потпретседател, не значи дека функцијата потпретседателот престанала. Ние го констатираме престанокот на мандатот на г-дин Георгиевски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Се придружувам кон предлогот на г-динот Петров, за видувањето на г-динот Георгиевски за состојбата во Македонија и како се водела политиката. Тоа е негово убедување иако отвориме расправа сега по тоа нема да ни стигнат уште 20 дена да се усогласиме. Меѓутоа, стана збор дали да продолжиме или не. Сметам дека не треба да продолжиме со расправа околу оваа работа. А по однос на толкувањето на член 10, да не е став 2 немаше да има потреба од избор на нова личност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор претседателот на Владата на Република Македонија.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Во плуралистичките општества и парламентарната демо-кратија, личното право и одлука треба до максимум да се почиту-ваат. Во тој поглед еве сега сам дошол до сознание потпретседа-телот на претседателот на Република Македони]а да си даде оставка. Се ќе се завршеше доколку желбата да се афирмира и афирмираат демократските принципи одеше по логиката на реалната афирмација на демократските настојувања кај нас, а тоа е еден процес кој постојано ќе зрее, процес во кој ќе се збогатуваат формите, процес во кој ќе се изградува и култура на односот итн. Меѓутоа, да се послужиме веднаш со атак на остра критика на некои институции, во случајов, покрај другото и на Владата на Македонија без да се реално оценуваат и валоризираат напорите и вредностите на таа Влада во овој краток период, беше преголема слобода на потпретседателот со недокажаните аргументи да ја осудува Владата. Да говореше за газење на демократските принципи решавањето на Владата, тоа можеше поинаку да се прифати. Но, да се укажува дека Владата е манипулирана од некој мошне тешка оптужба. Во Владата седат интелектуалци кои имаат свој личен профил и авторитет изграден во својот живот и тешко може некој така лесно да ги смени тие карактери и одважни личности кои седат во Владата. Оттука ако некој по природата на нашиот

парламент, на претседателот на Републиката и на Владата изградува систем на консултации, тоа не е и манипулација. Едно е да се консултираш, да изградуваш колку што можеш едно видување за подобро разрешување на проблемите, друго е слугански да си покорен. Слуганска покорност таа Влада не покажа, бидејќи таа не дошла да биде таква. Таа дојде како резултат на волјата ваша да помогне во овие тешки услови на изградување на Македонската држава иако секој ден навреди доаѓаат од овој Парламент Владата достоинствено ќе се повлече.

Тука се кажа дека не е потребна експертска влада, туку дека е потребна партиска влада. Па кој му сметаше на овој Парламент да избере партиска влада? Бевте вие тука и можеше да се договорите. Но, тоа што не дојде до експертска влада, се гласаше и добро е што немаме партиска влада. Таа партиска влада во овие наши услови ќе го заменеше едноумието што го напуштивме со едно друго едноумие. Ние таа партиска влада ја видовме во Србија и во Хрватска, видовме до каде таа го доведе народот на тие две републики. Според тоа, оваа експертска Влада никој барем од самите нас не сакаме да ја заштитуваме. Таа може да биде самата горда и достојанствена и може да врти грб на секој што сака.

Еве јас со доживување некои работи ги искажав затоа што не очекував дека толку многу жолчност ќе се искаже од устата на потпретседателот.

Се кажа дека Владата не покажала осет за политички маркетинг. Па колку пати ние дававме оценки за политичко-безбедносната ситуација во Република Македонија. Колку пати укажувавме на низа потешкотии и процеси низ кои минува Македонија. За тоа мошне добро говореше и потпретседателот на Владата. Оттука да ни се кажува се дотогаш додека не се потпре Владата на Парламентот, а служи на една личност, ние нема да имаме Влада. На кого се потпираме ние ако не на Парламентот. Сите свои програми, закони, прописи и сите други работи на кого му ги испраќаме. Ги испраќаме на парламентот. Вие одлучувате. Вие знаете и умешно понекогаш да поддржувате и неоправдано не критикувате. Ние тоа го сфаќаме како природен процес во рабоата на парламентот и мислиме дека тоа и така треба да се одвива.

Јас морам да кажам една работа. Јас не му служам на ниеден човек. Но, ако ние како Влада, јас лично како претседател со нужен респект се однесуваме кон претседателот на Републиката во некои консултации и тогаш кога се караме меѓу себе за да дојдеме до една вистина, тоа е привилегија на почитување, а не покорност слуганска, а мојот карактер е таков. Оттука да ги расчистиме тие односи. Јас укажувајќи на овој момент сакам да кажам дека е една урамнотежена разумна политика која низ оие разбранувања води на југословенското немирно поднебје се води во Македонија, дајте шанса малку, после една пауза од година две да даваме оценки за оние наши потези кои што се преземаа денес, а тоа се, ако светот на нашето опкружување почнува дури и со љубомора да гледа, оние кои се аспиранти на македонската кнезависност, тоа е знак на една уразумена политика која се води. Оттука сето тоа покажува до која степен оваа наша соработка треба да се почитува, како што патем се почитуваше и соработката со потпретседателот во низа консултации што сме ги имале и никој не ги сопираше тие процеси на разговори, на сугестии. Дека се уште постои некое неокомунистичко владеење, да фетишизираме

некои модели кои постојат во Југославија, да економски ние не ја помакнуваме состојбата во Републиката. Владата нема претензии да создава нео комунистичка власт во Република Македонија. Таа со својата горделивост јасно прозвучија нејзините зборови за самостојна суверена и независна македонска држава каде плурализмот на мислата на идејата на духот оличена од политичките партии е светиња. Тоа може само некои ситни новинарски пера да говорат дека Владата е обоена, националистичка, профашистичка итн. Ние на тоа не му даваме значење. За нас е важно, да ние не сакаме да се врати она што влезе во Музејот на старините како идеологија и систем кој се напушта. За нас е важно да изградуваме ново општество и ние се определивме во својата мандатна програма како гледаме на тоа општество во Македонија. Вие бевте сведоци, соучесници и ја гласавте таа мандатна програма.

Точно е дека тешко се кадровските померувања. Но, господинот потпретседател може тие работи да ги постави пред парламентот на оние крити што ги упатуваше од новинарството преку ТВ, пошти, електростопанство и друго директорите ги определуваат овој Парламент, а не Владата. Владата е исклучена да може да влијае врз кадровските комбинаторики. Парламентот е тој според Уставот: КОЈ постоеше, а сега ќе видиме какви промени ќе настанат, па споре;: тоа може потпретседателот да постави прашање за слабото кадровско поместување, а не Владата. Владата не смее да се меша во стопанските организации и да им наметнува директори како што им наметнуваше стариот систем кој го напуштаме ниту пак Владата имаше право да наметнува некоја кадровска политика вон стопанските дејности кои се во надлежност на Парламентот.

На нас дури сега ни претстои нова систематизација и ново ситуирање. Ќе оцениме што е она корисно да остане, што е она што треба да си оди, што треба да дојде, само како израз на стручните потреби. Ние мислевме дека критикуваните неодговорности на Владата за материјални резерви дека ќе не повали ОВОЈ Парламент, а очекувавме дека и потпретседателот будно ги следи тие работи. Жалосно, може да се констатира дека тој нема евиденција за тоа што се случува во Република Македонија.

Во овие 45 години почитуван г-дин потпретседател се смогнаа сили за 3-4 месеци со сите витални производи да се наполнат нашите резерви. Кога дојде таа влада тие беа празни.

Второ, на 5 милијарди нови динари се дадоа на земјо-делието да се откупат сите можни резерви што никогаш пред тоа не било. Според тоа, колку требало елементарни податоци да се служиме па да кажеме што работела владата.

Можно ли е да се критикува Владата дека не го заштитува економскиот интерес, таа негова синтагма. Да се покаже егоизам за заштита на македонскиот интерес. Па ние сме исцело свртени кон тоа, па дури сме критикувани што можеби тој интерес и премногу го нагласуваме. Мислам дека логиката на работата оди кон тоа основната економска обврска на Владата е да го ситуира стопанството со нужниот сервис, да се штити тој интерес, па дури може да кажеме дека и претеруваме во таа заштита на ТОЈ интерес, а тоа беа мерките кои вие ги критикувате затоа што во услови на пазарна определба за која и ние како Влада се определивме, во услови на ненормални збиднувања во Југославија, сите овие блокади неизвесности, ограничувања, кои ни се наметнуваат и заштита од другите републики, кога предлагаме ние

заштита на тој македонски интерес еве добиваме критика да многу се затвараме многу администрираме итн. Тоа е таа А,Б,Ц,Д, во оценката на економијата што е нужно секој да ја знае ако се обидува да ги критикува акциите на Владата. Во таа смисла не е точно дека ние не обезбедуваме заштита на македонскиот пазар. Можеби дури и претеруваме во таа заштита. Значи станува збор, ако ние не ги први затвориме вентилите и покажавме на Федерацијата стоп, на плаќањето на данокот на промет, на царините, на придонесот за армијата. Ние драги пратеници врз таа основа создадовме една голема сума на пари кои му ја ставивме на располагање на стопнастовото преку разнн интервентни мерки и ситуиравме некои елементарни потреби на македонската држава. Ако не беа тие средства, ако тие средства отидоа горе, дури тогаш ќе се прашавме што ќе беше со нас. Тој показател нас ни даде и друго нешто, а тоа е да извршиме една анализа да покажеме и дома и во светот дека ние можеме самостојно да живееме и не е точно дека сме ние издржавана на туѓи јасли Република, дека средствата кои ги задржавме и другите оценки на разните прелевања во системот на цените што одел порано, повеќе се одлевало од ова подрачје отколку што добивавме од Фондот за недоволно развиени. А тоа што сега се импутира да не сакаме да имаме своја македонска валута. Зошто критикуваме кога не ги познаваме работите.

**НИК0ЛА КЉУСЕВ:**

Ние имаме разработено цел модел. Се ни е јасно како Влада. Прашање е на моментот да оцени Парламентот кога тоа ќе го активираме, а тоа е веќе значајна одговорност и одлука. Сето тоа покажува да ако престанат овие крвави војни во Југославија и ако се отвори простор, за среќа нема да се оствари оценката на господинот Георгиевски дека Маекдонија ќе има економски пустош. Напротив ние како Влада ќе настојуваме многу брзо Македонија да ја претставиме со поголема амбиција и за развој и за економска експанзија и за ситуирање на состојбите во нашата Република.

Да завршам, немав намера да зборувам за ова, имав само една желба поинаку да се одвиваше настапот за едно политичко видување за една демократија од страна на потпретседателот. Тој повеќе се полакоми да укаже на една критичка конотација каде најмалку имаше право и затоа е ова наше јавување, ние не сакаме да полемизираме, напротив не треба ни да се докажуваме ние сакаме едноставно да изградиме што е можно повеќе демократски принципи за слушање на секој добри предлози од Парламентот и било кој за да ги вткајуваме во напорите за да изградиме една динамична економска политика и да ја ситуираме Македонија и овие мошне скудни ограничени услови да може да го преживее овој кризен век низ кој сега минуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор Претседателот на Републиката Киро Глигоров.

**КИРО ГЛИГОРОВ:**

Доцна е и не би сакал многу да зборувам иако излагањето на господин Георгиевски беше опширно и ги зафати највиталните области од нашиот политички и економски живот, нашето осамостојување, нашата иднина, сето тоа беше дадено во најцрни бои и перспективи и на прв поглед најдобро е тоа, бидејќи имаме разбудена јавност, секој наш граѓанин да го срамни, да го спротивстави со своите гледања на нештата во Македонија, дали имаме држава, дали сме на најниска гранка на самостојност, дали имаме или немаме мир што сме, како сме, дали е економска пустош или не, но сепак неколку збора ќе кажам заради тоа што сметам дека треба низ овие наши парламентарни

обичаи да ја градиме нашата политичка култура, нашето однесување, нашите обичаи на крајот на краиштата.

Затоа, најпрвин морам да изразам повеќе пати жалење.

Прво, жалам што за оставката на потпретседателот господин Георгиевски слушнав преку радиото, а се работи за потпретседател на претседателот. Жалам, навистина заради тој чин, бидејќи толку пати вечерва господин Георгивски рече "наша држава, самостојна Македонија, демократија, односи меѓу раководните луѓе", а не најде за потребно да ме извести за тој чин. Таква ноншаланција не смее да се дозволи од тоа место. Жалам заради тоа да не би станало обичај во нашиот Парламент, и меѓу нас. Да ми кажеше за оставката би употребил часови да го разуверам дека тоа не треба да го стори во тој миг, кога го стори тој чин. Би го советувал тоа да не го чини во време на донесувањето на Уставот оти во тоа време и внатре во земјата и надвор со тој чин направи објективна штета. И јас жалам за тоа.

Потоа отпатува во САД пак во време на донесувањето на Уставот. Верував дека надвор не може така да зборува за сопствената земја. За жал, тоа се случи. За се она што сме информирани,што го донесе печатот така ни еден државник не зборува за сопствената земја надвор.

Потоа не верував дека може да стане заложник на една организација која нашиот народ не го признава и која сака Македонија да ја направи провинција на друга држава. Сето ова е за жалење, а во секоја демократска земја би било политички осудено.

Ние не мораме да го чиниме тоа, се работи за млад човек и тој треба да има перспектива понатаму да ги искаже своите способности, своите дарби и својата политичка активност.

Кога бев избран за претседател, верувам се сеќавате, одржав една пристапна беседа, а кога беше избран господинот Георгиевски изјави дека во целост ја поддржува таа беседа и ќе ја следи. Во неа беа набележани целите и методите за постигнување на она што е најсвето за сите нас каква држава сме, за каква демократија сме и по кој пат и со кои средства ќе се бориме да ги оствариме тие цели. Се што се случуваше по тоа беше, барем од моја страна консеквентно следење на таа програма. Полн субјективитет на Македонија, сојуз со другите, ако е возможен сојуз со другите републики, мирно остварување на нашите цели, меѓународна афирмација на Македснија, Европска опција на внатрешен план како стратешка цел, добри меѓунационални односи, пазарно стопанисување, приватизација итн.

Сите тие цели, сите тие генерални линии ги следиме, јас се надевам и овој Парламент и секогаш давал поддршка за таква ориентација. Зошто господинот Георгиевски, или заборави дека ја поддржува таа програма јас не знам. Но, очигледно никако не можеше да се согласи дека секоја Република мора да ги согледа своите интереси, својата положба, да ја гради својата стратегија со своја глава, да не следи туѓи урнеци уште помалку таа стратегија да се одредува од надвор. При сето почитување на нашата дијаспора не еднаш сум рекол дека политиката на Македонија не може да се гради надвор од Македонија. Нашата дијаспора многу ја цениме, драгоцен е секој нејзин придонес, таа треба и не помага, но политиката на Македонија мора да се гради овде, а никако и уште помалку од некои задгранични организации без оглед дали им е партиската основна

организација овде. Особено оние кои се во служба на други држави и всушност се антимакедонски. Тоа е веројатно една од причините за тоа разидување.

Второ, како се доаѓа до сопствена држава, до своја држава. Со крв или со средства на добра политика и современа стратегија со оглед на времето во кое живееме. Секое време има свои средства за борба, мислам дека и тоа еднаш овде го спомнав. Резултатите на една или друга стратегија со крв или со мирни средства со оглед на времето во кое живееме се видни во Југославија, СССР и во редица Источно Европски земји каде е применета едната стратегија се виде веднаш кои се резултатите и исто така на друга страна.

Очигледно тешко можевме да се согласиме да одиме на формирање на паравоени формации на војска до која треба да дојдеме, не заради тоа што некој бега од тоа, туку заради тоа што треба да дојдеме до сопствена војска, тоа ќе биде уште долг пат. Се разбира, никогаш не можев да се согласам со големи пароли антисрпски, антиармиски, со голема доза на демагогија, предност на знамиња, а всушност пропаганден дим. Со тоа ништо не се решава. Наместо тоа, постепено градење и тоа макотрпно градење на држава што не е воопшто лесна работа, најлесно е да се донесе прокламација, акт што погромогласен, тоа подобро звучи и да не се гради преку оние методи кои сите ги осудуваме таканаречени методи кои имаат револуционерен карактер, преку ноќ да се променат работите, а животот сета атмосфера, сиот амбиент во кој живееме, тоа не го поднесува. Изгледа дека мирот во Македонија кој помалку и потсмешливо се напомнува на кој без оглед што ќе речете, но распрашајте се малку по Југославија, по сите републики на тоа ни завидуваат во сите републики. Му се бендисувало тоа на некого или не, тоа е така. Во таков амбиент за господинот Георгиевски ништо не се случувало. Треба да се сменат сите директори, сите се црвени, сите во весниците училиштата веројатно и Универзитетот, Академијата, судовите, интелигенцијата е продадена, слугинска, а неодамна сонародниците се делат на бугарофили, србофили и гркофили, а македонци нема или има некое незначително малцинство. Тоа е состојбата која е видена со тие придружници кои го информирале за тие работи.

Предавници на сите страни, а се разбира јас се предвидов, се предлагав, само не ме слушаат. На крајот на краиштата се сведува на нешто мкогу едноставно, не знам од каде му се привидува бољшевизмот, србокомунистите насекаде, нема никаква демократија, 3-4-ворица зеле власт се решаваат, а тој секој ден предлага и предлага, а никој не го слуша.

Збор, два за надворешната политика. Пак да спомнам рече "сите трчаат, а нас не нема никаде". Тоа беше рефрен првите неколку месеци, а мислам дека прво требаше да се консолидира оваа Република во се што стана во неа по повеќепартиските избори кои дадоа резултат каков дадоа да се пронајде оној пат сепак да се изгради една заедничка стратегија да дојдеме до сопствена држава при сите тие тешкотии, при сета таа политичка сцена каква беше создадена да се запази демократијата и да можеме да добиеме меѓународно признание. Да се обезбедат колку толку добри меѓунационални односи, ние тоа уште не сме постигнале, но не сме направиле ништо што би било безповратно како што е на другите простори за односот меѓу различните националности. Тоа би било трагично. Тоа за мене е

резултат.

За надворешната политика последните месеци одеднаш, ако сме објективни, ако малку слушаме што говорат тие луѓе кои се носители на таа надворешна политика и најзначајни чинители во таа светска политика, тогаш не може да се каже, како што беше речено" за Македонија никаде не се слуша, не се знае за нејзината политика". Не се знае на првите страници на весниците, бидејќи кај нас не се случил Вуковар, ни Дуброник, ни се друго што е поврзано со тоа, но за македонската политика се зборува на најодговорни места се до Хаг со најголем респект. Ние можеме тоа да го омаловажуваме, но јас мислам дека тешко ќе го увериме сопствениот народ во таква работа. Не знам зошто е тоа потребно и кому треба да му служи.

Осамостојувањето на Македонија прво треба да констатираме оти во Македонија овде се донесуваат одлуки. Осамостојувањето почнува од таму. Кој нам од било каде, од која федерација, од кои републики било што ни наредува, не тера да донесуваме такви или други одлуки? Беа обиди да го следиме секој чекор што ќе направи некоја република и ние веднаш како папагали. Но, ние си ги донесувавме овде сите одлуки онака како нас не цепеше нашата сопствена памет. Тоа е самостојност, не е самостојност ни од надвор да се добиваат директиви, ниту да се копира било кој, бидејќи ние ги немаме тие соседи, ја немаме таа внатрешна политичка сцена која постои во било која друга Република, имаме тоа што имаме и тоа треба да го проанализираме и од него да извлечеме она што треба да биде така да кажам црвена нишка која ќе не води кон осамостојување на Македонија.

Никакви средства, материјални веќе оваа република не дава за било кого надвор од Републиката. Дали тоа не е осамостојување? Сите закони на федерацијата се ставени вон сила со новиот Устав. Сега треба да изградиме сопствени. Никој нема да ни ги наметнува ниту било кој може да влијае освен нас, односно вас овде кои седите.

Надворешните односи сами ги водиме. Никој не ни ги определува чекорите на нашата надворешна политика со сите земји. Кои се тие карактеристики на самостојност ако не е тоа и една жестока битка да бидеме признаени, мегународно признаени со полн субјективитет на самостојна и независна држава. Господин Георгиевски Македонија е на најниските гранки во тој поглед.

Дали во својата самоувереност господин Георгиевски го има слушнато гласот на народот по однос на ова што е постигнато во Македонија. Што мисли тој народ? Дали мисли дека навистина во Македонија, ама баш ништо не е постигнато дека се е црно дека нема перспектива за самостојност оваа Република и дека нема демократија дека е болшевизмот на власт итн. Кого ке уверите со тие работи? За него Македонија нема ни трошка независност. Незнам зошто. МОжеби затоа што тука не се војува како што имаше еднаш речено дека без крв никој не стекнал слобода односно самостојност и независност, но нашиот пат изгледа е друг. Исто така дека на крај ке видиме што ке биде цената на нашата независност. Јас не сакам да бидам никаков пророк. Нас не чека уште многу премрежија, многу тешкотии. Може би ке дојде и до такви настани што ке претставуваат голема цена. Тоа не можеме однапред да кажеме дека такво нешто нема да се случи но ако сме чесни кон самите себе мораме да признаеме дека досега цената што ја плати Македонија е најмала по однос на сите други

Републики за ова што е постигнато. Јас тоа го тврдам и можам да го документирам со се што сакате, политички, економски и било какви други средства и аргументи.

Да повторам. Нас не чекаат тешки искушенија и предизвици Околу нас не е ни Германија ни Австрија ни Италија. Апетитите за Македонија се познати. токму заради тоа треба да продолжиме по својот пат без авантуризам и спектакуларни акции на кој се виде обично почетокот, а крајот како господ даде.

Војната и односот кон неа. Тоа не е наша војна. Кој како сака нека мисли за таа работа, тоа не е наша војна. Но, беше речено во Хрватска и Словенија се водела за нас, за нашето ослободување. Ако е тоа точно тогаш белки и нашето осамостојување и се што чиниме е во полза и на другите.

Две тешки оптужби. Сме давале регрути се до јули, а се заборава да се каже дека до јули и Хрватска даваше регрути, Словенија, тогаш почнува да ги извлекува, а Словенија лесно можеше порано да се извлече кога целата стратегија на војниот врв и на "Србија беше она да се исфрли од Југославија. И ние треба да се споредуваме со тие можности, со тие соседи, со таа стратегија применета спрема нив. Па, бидете ја стратегијата друга, применета спрем хрватска до што доаѓа. Но, откажавме да праќаме регрути и резервисти и кога вечерва овде се употребува, а не верувам да не се знае точната бројка дека ние имаме 20 илјади војници кои се горе на фронт тоа е комплетно дезинформација. Бидејќи не само да тоа не е точно може да се информирате при надлежните орган, тоа се неколку илјади 5-6 илјади луѓе, бидејќи не праќаме веќе долго време регрути. 23 илјади биле кога комплетниот состав од Македонија бил во ЈНА. Тоа е одамна минато време. Тоа не значи дека треба да се тешиме дека имаме само 5-6 илјади луге таму. Напротив, и последнот човек што ке биде таму ке треба и мора да не загрижува. Само, кажете ми на кој начин, има ли предлог било кој од вас, на кој начин да ги повлечеме од ЈНА ако не бргаат, ако не се грижиме за нив доколку се заробени и не им пружаме соодветна помош. МОжеби има некое решени треба да видиме кое е тоа е, па ако може да се реши тој проблем, веднаш да се договориме. Или, може би да отидеме таму на фронт да поведеме со нас незнам колку илјади души вооружени, или што треба да правиме за да можеме да ги земеме оттаму.

Никој, не се ослободил од армијата без договор, ни Словенија, еве сега Хрватска, а нас не чека исто тоа. Да дојдеме до договор и да дојдеме до тоа да можеме сами да ги чуваме нашите граници и да имаме сопствена војска. И тоа ќе дојде на ред.

Се заедно, значи избран е од господин Георгиевски еден од најлошите патишта за да дојдеме до самостојност. Вие цените сами како секој наш граѓанин дали е тоа така, дали е тоа добро одмерено, дали е тоа вистинска политика. Дали е тоа вистинска оценка на состојбите и што значат такви паушално изречени оценки за општата состојба. Ние и незнаеме како да ја направиме самостојна Македонија И тоа беше речено. Незнам дали затоа треба некој проект, дали треба да повикаме некои конструктори да ни кажат како или таа се прави најнапред преку изјаснување на народот, користење на неговото право на самоопределување, што ние го направивме. Морам да кажам за жал господинот Георгиевски до последниот миг се трудеше да не одиме на референдум. Ве бевте овде и слушнавте со свои уши. Значи не е тој пат. Патот не е да донесеме сопствен устав. Сега е наша грешка

штом Словенија не донела Устав зошто ние мораме да донесеме устав. Уставот кога го донесувавме не беше во земјата,меѓународната позиција што ја стекнавме, немаме никаква меѓународна позиција. Ништо не се чинело, а како некое божје чудо во Македонија е мир, трн во око на некој надвор и на ратоборните внатре, а што ќе се каже ако добиеме и меѓународно произнание. Што тогаш ке кажете? Меѓутоа, морам да кажам дека може да се случи, не е исклучено дури повеќе веројатно, заради конкретниот интерес, а и притисокот кој треба да се направи на Србија и од друга страна со оружје и економска и друга помош да се сочува Хрватска како држава може да се случи во првиот момент и во првата етапа и да не бидеме веднаш признаени. Но, Македонија ќе биде признаена. Она се самоопредели. Она гради сопствена држава. Тоа е прашање на време дали ќе бидеме веднаш сега, заедно со другите, за што се бориме од почетокот и што го постигнавме во Хаг ако останат Хашките преговори. Ако не останат Хашките преговори ке ја продолжиме битката. Ке требат ли три или 6 месеци, само да ви спомнам за тоа изградување на самосотјноста Словенија скоро две години пред нас почна. Изборите ние година дека после нив, исто така после Хрватска. Се на се имаме 10 месеци фактички од работата на овој парламент. Поради специфичните состојби и Влада не можеме веднаш да составиме инт., па во меѓувреме за тие неколку месеци ова што се направи за меѓународното признавање на Македонија човек треба да биде сосема необјективен, или да нема за да каже дека практично нас никој не не признава.

Не можам на крајот да не кажам нешто и за печатот.

Еве јас ви тврдам, бидејќи може би и по несреќа што морам сето го тоа да гледам, споредувам оехоз ден гашиот печат со печатот на сите други републики. Не се срамам од нашиот печат. Напротив нашиот печат е подобар во споредба со било која друга република, со извесна диференција кога се работи за Словенија, но и таму има авторитарна тенденција и обид да се владее со печатот. Тоа е се разбира многу далеку од едеал. А што е во нашето општество кое сега треба да го градиме на нови демокртски повеќепартиски основи идеално. Нашиот Парламент, нашата Влада, сите ние, кои состојби во општеството? Тоа е едно макотрпно, долгорочно градење на една држава. И веднаш да се донесе каков заклучок за печатот, а во другите републики веќе е воведена тотална цензура и неможеш да се информираш за настаните. И затоа настанаа такви хомогенизации и такво лудило итн. Тоа е необјективна оценка. Критика на печатот да, но во оценка не е верно. Ако ништо друго треба да знаеме дека тој печат помогна да не дојдат до израз тоталиристичките тенденции во нашето општество кои објективно во вакви услови се раѓаат на секаде. Еве имаме пример и од Шешељ, и од Парага и се можни други, да не ги набројувам, сега се накотија веќе како печурки и мислам дека во сите тие наши оценки не заради тоа дали ќе биде подобра оценката за претседателот на Републиката или за Владата или за Парламентот но, заради обврската да ја кажуваме пред народот вистината.

Господин Геогиевски иако чувме вечерва дека било слободен од партиските обврски, а тоа беше и негова обврска по уставот штом се прифати за таа должност, сето негово вечерашно излагање беше партиско и субјективно. Одамна не сум слушал во кој се јавува таква дискрапанција помеѓу тешките обвинувања и фактите во животот. Господин Георгиевски дотолку полошо по фактите, а не по оценките и

таа филозофија е позната.

Но, на крај на страна се ова што беше речено вечерва и од господин Георгиевски и од учесниците во дискусијата, па еве и од мене. Мислам дека на господин Георгиевски во духот на најдобрите парламентарни обичаи треба да му искажеме благодарност за неговата досегашна работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Господин Георгиевски повторно бара збор.

Јас сакам да му укажам дека му дадовме можност се да каже. Никако не му го ограничивме излагањето.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Се извинувам, јас немав воопшто намера да се јавам... Ќе се задржам само на оние моменти кои сметам дека не сум ги кажал, а беа овде искористени како збор. Само на тие моменти.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не можете ли да не ги кажете господине Георгиевски.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Не, бидејќи беше во смисла..., мислам не може никој да ми го забрани правото да зборувам и затоа ќе замолам да зборувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, повелете.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Навистина, ќе се задржам само на оние моменти кои јас овде не ги кажав, а беа искористени и беа речени, односно дури ми беа цитирани, јас иако не знам во кој момент ги кажав.

Прво, дека е така ќе се уверите многу брзо. Прво, и овие дискусии, посебно претставниците на Владата и господинот претседател покажа токму тоа дека ние како политичари имаме различни погледи на различни односи во Македонија и различни позиции за различни работи. Токму тука се нашите разидувања. Јас не гледам што е штетата тоа во едно демократско општество ако за една работа еден политичар е едно мислење, ако друг политичар има друго мислење ЕВЕ на пример, не знам кој претставник од Владата рече дека Владата прави се и може да се види дека Македонија ништо НЕ И фали во поглед на зачувувањето на материјалното богатство. Значи, тоа е позиција, тоа е мислење на преставник од Владата, додека моето мислење е напротив - нешто спротивно. - Дека Владата не направи досега ништо односно она што го прави го прави сега од пред 10-тина дена и многу од тоа што е во Македонија веќе е украдено или е БО ТЕК НА искрадунање. Значи, тоа се две политички оценки и јас мислам дека тие политички оценки треба така и да се разгледуваат. И ова несогласување мое со досегашнта политика нека се гледа и во тој поглед.

Овде се бранеше тезата што да правиме сега, односно прво се бранеше тезата колку имаме бројка на војници и старешини. Јас зборувам за војници и старешини. И самите потврдивте дека во почетокот тоа беше околу 23 илјади. Јас не знам колку се побегнати од војната до сега, можеби нека се 2-3 илјади, нека се 5 илјади, нека се 7 илјади, меѓутоа бројката е таа, од 15 до 20 илјади. Јас сметам дека тоа не е тешко да ми го пресмета Министерството за

сдбрана и да не извести за тоа. Се надевам дека ќе даде точна информација. Не 6и сакал да се задржувам околу тоа, меѓутоа, сметам дека навистина чинот е многу важен во тој поглед.

Што се донесува господинот премиер кажа дека Стоковните резерви сега се полни. Мене тоа ме радува. Јас изнесов една констатација дека прв пат и првата работа требаше да се случи војната да почне во Словенија, па ние да го поставиме на дневен ред да видиме...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, и житото да дозрее.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Стоковните резерви не се само жито. Значи, јас таа констатација ја изнесов. Ако сум погрешил во тоа кажете ми. Сега какви се моментите во тоа воопшто не навлегов и воопшто ништо не разговарав.

Што се однесува за некои работи, за кои сметам дека треба да ги кажам, што се однесува, бев дека нешто најцрно сум зборувал овде во претставувањето на Македонија можам да кажам дека пред нашите иселеници го зборував она што го зборував овде и она што сум го зборувал секаде. А, она што го зборував во можноста во некои контакти со политичари најдобро ќе се види ако се земе најновата информација која е пристигната дека за прв пат во Канадскиот Парламент еден од првите луѓе на новата демократска партија во Канада истакнува и зборува за Македонија. Тоа се резултатите. Ако е тоа лошо или добро, тоа е друга работа. Значи, јас апсолутно можам да кажам дека пред никој странски дипломат не сум зборувал ништо лошо, единствено сум ја бранел тезата за полна самостојност и независност.

Господинот претседател изнесе теза дека сум бил заложник на некоја организација таму. Јас во некои информации сега што се овие денови, утре ќе дадам едно писмо и сите аргументи таму ќе се видат. Меѓутоа, сметам дека во оваа прилика треба да истакнам и доста работа.

Господинот претседател го задолжи господинот Џон Битов со еден негов секретар и со една друга група да формира македонско лоби во Америка и во Канада. Јас сметам ако сака нешто конкретно да знае за таа организација можете слободно да го прашање тој господин. Ве уверувам дека тој многу работи знае за таа организација. И доста е близок, и дури се изненадувам какви се овде контакти сега во тој поглед што настапуваат од највисоко државно ниво. Мигутоа, не би сакал да навлегувам во тоа.

Е сега, повторно беше изнесена тезата дека крв или мир, Значи војна или мир. Јас тоа веќе еднаш го зборував тука. Се оди на тоа дека ние, јас сме или за војна, а не ние сме за војна некој друг е за мир. Па, немојте зошто така се сечат работите? Зошто не се погледне суштината на она што ние го бараме? Јас не знам дали јас се залагам за војна, дали сакам да отворам војна на некого ако барем некој во Македонија да седне и да разговара што значат "сините шлемови", ако барам некој во Македонија да седне и да разговара што значи тоа кога армијата се повлекува од Словенија, ако барам од некого во Македонија како држава, бидејќи сме држава ние, јас така ја сфаќам работата, да седне некој во Македонија како институција, како држава и да разговара за она што е тоа што се случува после

војната во Хрватска, што е тоа што сега се случува. Тоа се моите барања. Од кого сум барал јас војна некаде? Тоа се надоврзува во многу голема близина со војниците и повторно се поставува прашањето, имаме 20 илјади сега и сега што да правиме. Истото тоа јас го реков пред малку дека сега е многу тешко да го поставиме прашањето што да правиме сега. Меѓутоа, ЈАС спомнав дека некој многу одамна се борел за нешто спротивно. Јас незнам од каде таа констатација дека Словенците почнале да ги повлекуваат своите регрути од војската дури после 25-ти. Меѓутоа, ја знам една друга констатација, дека тоа повлекување е дури од февруари, а уште стариот комунистички систем што беше таму на Словенија почна со малку, со одредена пропорција од 25, па 30, па 40% да го крева процентот на своите војници. Јас спомнав дека после смртта на Сашко Гешовски некој оде бараше да се спречи натамошното испраќање на регрутите во армијата. Од тогаш се испратени 4,5 илјади војници. Значи, што е тоа што јас во таа смисла - се поставува прашањето - или сте за војна или сте за мир? Јас во ниту еден момент не сум погледнал, не сум зборувал за таков момент. Единствено сум зборувал за подготовки, подготовки, подготовки и сега зборувам за подготовки, затоа што сеуште ги нема тие подготовки. Друга една работа, бев цитиран во некои работи што не сум ги кажал. Бев цитиран дека сум рекол овде дека треба да се менуваат директорите во фабриките, училиштата. Јас се извинувам меѓутоа можат да се погледнат стенографските белешки, јас тоа не го реков, јас реков дека македонските работници никогаш не биле на поголема мелница отколку сега, од една страна на огромни овластувања на комунистичките директори и од друга страна на комунистичките синдикати. Тоа го реков јас и на тоа стојат. Ако некој директор се препознава како комунист нека се јави, меѓутоа, јас сметам дека има доста такви. Никогаш македонскиот работник не бил повеќе уценуван како технолошки вишок дека ќе го исфрлат. Можеме ли ние тоа само да го оставиме на стопанството? Има ли некоја одговорност и оваа држава кога гледа какви односи има во стопанството. Не можеме да се ослободиме од одговорноста господа. Ако не друго, дајте да ги распуштиме комунистичките синдикати. Тоа е она што го кажав, ништо друго.

Одам понатаму јас зборувам дека има работи за кои од една страна има една позиција, а од друга страна има друга позиција. И дека едноставно не се согласуваме. Еве на пример за тоа ЈАС не гледам зошто тоа во еден парламентарен систем да се прават некои поголеми скандали. Едноставно, разликата е разлика и мислам дека е чесно ако се разделиме, ако се чувствуваме различно.

Господинот претседател изнесе, исто така за жал за мене дека јас сум се борел против референдумот. Јас молам тие стенограми овде што постојат од тој референдум да бидат изнесени затоа што истото тоа во едно десетина коментари во одредени средства за јавно информирање е коментирано дека јас сум бил против референдумот. ВМРО-ДПМНЕ исто така била против референдумот. Извинете, господа, меѓутоа, јас само ќе ве потсетам на една работа. Јас кога излегов тука за референдумот, го барав ставот прво да се донесе Уставниот закон за самостојност и пакет мерките што одат со тоа, а потоа да се оди на референдум. Тоа е она што го барав јас и јас сметам дека тоа може многу добро да се види. Некој рече тука дека тоа ќе значеше војна, нели?

**КИРО ГЛИГОРОВ:**

Тоа не е самоопределување, тоа е грешката.

ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Јас се извинувам јас тоа го бранев како став. Меѓутоа, ќе ви кажам и нешто друго, ако одиме до толку. Непосредно пред тоа и Македонската Влада заседаваше и тоа беше една од првите политички одлуки што ги донесе Македонската Влада и Македонската Влада како политички став донесе одлука, истото тоа што јас го барав уставните закони да се донесат. Меѓутоа, што се' случи? Владата направи пауза од два-три часа и потоа дојдоа луѓето и на министрите им кажаа дека не било тоа добро и дека треба одлуката да се смени. Значи, ако јас сум барал војна, тогаш и Владата барала војна. Меѓутоа хипокризијата да биде уште поголема, што е тоа што го барав јас во тој момент е референдумот? Го барав првиот став на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија. Јас мислам дека тука има доста сведоци да кажат дека референдумот кога го предложи СЛС го предложија на начин како што јас го барав. Јас тоа што го барав го видов од нив и се консултирав дека тоа е најдобриот начин. Исто таму пишуваше прво да се донесе одлука, па потоа да се оди на референдум. Меѓутоа, некои од СДС на паузата пак ги викна некаде, ги посоветува и тие го сменија, го донесоа вториот амандман . И сега она јас за што се борев, за нивниот прв став испадна дека не требало да се борат за нивниот став.Меѓутоа, јас сметав дека имаме искуство, неколку пати се случува така (во салата настана негодување на пратениците). Неколку пати со случувз тоа, СДС да предложи еден предлог, па кога да го повлече. Јас не знам зошто е таква таа политика, меѓутоа, истиот став беше и со роферендумот. Тоа се многу цврсти работи кои може да се проверат, луѓе.

И коночно, кои се забелешките што јас тогаш ги дадов во тој момент. Јас тогаш реков дека сум сомничав спрема референдумот затоа што дотогаш средствата за Јавно информирање во Македонија немаа ниту една статија за самостојна Македонија и тоа може многу лесно да се провери. Кажав како може да одиме ние на референдум во кој сите средства за Јавно информирање во Македонија бранат став за Федеративна Република Југославија. Можеме тоа да го провериме дека било така, можеме да направиме анализа на текстовите и на "Нова Македонија" и на Радио и на Телевизија и ќе видите дека е така.

Која е е втората работа што тогаш ја поставив како прашање? За тоа дека може да се случи на пример албанското малцинство да не уценува поради тој референдум и дека е подобро односно бидејќи референдумот се спојуваше со Уставот, да не уценува со Уставот. И тоа се исполни. Ако тогаш се донесеше, сите ќе гласавме за тие уставки закони и ќе беше изгласана едногласно.

Третиот момент кој го кажав, го кажав дека како можеме ние да правиме референдум кога оставаме во Куманово пет пати повеќе да ни работи српската држава отколку ние што работиме таму. И таму се случи. Видете ги резултатите во Куманово, ќе видите дека и таа проценка испадна точна.

Сега, за што ме обвинувате? Сите проценки што ви ги дадов тогаш испаднаа точни. Се борев за ставот што го предложи СДС и сега сум бил против референдумот! Мислам дека една таква кампања што ја водат средствата за јавно информирање и што беше вечерва изнесена овде навистина не можам да ја прифатам и тоа може многу лесно да се провери, затоа што постојат документи, затоа што постојат стенографски белешки.

Последната работа, пак ќе речам, се гледа дека ние имаме различни политички ставови. Тоа најдобро се гледа на пример во

поглед на печатот. На пример, еве, овде се изнесе став дека печатот е одличен во Македонија односно средствата за Јавно информирање. Јас со тој став не можам да се согласам. Напротив, јас веќе изреков една консултација дека средствата за јавно информирање, посебно државните, се ставени во спрега на политички извршители на одредени партии и на одредени политички личности. Значи, некој има друг став, а некој друг има пак сосема спротивен став. За тоа не сакам да дискутирам. Ја сметам дека средствата за јавно информирање ужасно лошо го инфор-мираат македонскиот народ. Веќе го кажав примерот дека за сето време ниедно средства за јавно информирање не се залагаше за идејата за самостојна Македонија. И ден денес ако ги погледнеме тие средства за јавно информирање можеме да го ставиме знакот на прашање на многу. Извинете,ама јас не можам да ги слушам и да ги прифатам како многу реални секојвечерните информации кои ни ги дава телевизија, каде што Часлав Вујотиќ не известува од Дубровник - сабајле хрватските усташи отворија војна на армијата и армијата после цел ден го бомбардираше Дубровник. Таквите известувања, ве молам, навистина не можам да ги оценам ни за доволни, а не за одлични. Меѓутоа, тука е разликата. Некој смета дека тоа е така, некој смета дека нешто се работи на друг начин. Јас само изнесов политички проценки и политички ставови.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани граѓани излегов да кажам дека ме радува тоа - еднаш кажав овде дека азбуката на демократијата ја учиме - денес стигнавме до буквата Г) Добро е. Само ќе напомнам излегов затоа што бев учесник во преговорите околу референдумот, дали да се оди на референдум или не. А господинот Зоран Крстевски или Лазар Китановски од СДС многу фино знаат дека како три партии се договоривме дека треба да излеземе на референдум. Лично бев кај господинот Георгиевски да го прашам за тоа. Ми кажа - да, тоа е нормално, тоа е демократска процедура на еден народ на референдум да се изјасни за што е. Меѓутоа, што испадна? Ова морам да го кажам сега. Испадна дека договорот не беше до крај почитуван, затоа што другиот ден требаше истите три партии да се состанат, се состанаа две партии. И што дадоа? Тие две партии, заеднички, СДС и Реформските сили - Либерална партија поднесоа акт за референдум, базиран и врз основа на уставниот амндман 74. Тоа е факт. ВО архивата стои тоа, може секој да го провери. Истиот ден и ВМРО-ДПМНЕ поднесе, на друг начин, меѓутоа, крајната цел исто така беше референдум. Госпоѓата Ратка Димитрова и овој дотичен господин тука го поддржа предлогот на овие две партии, ако се сеќавате и многу се сеќаваат од вас за тоа што стана? Како што кажа господинот Георгиевски, на пауза или таму тоа се смени, се појави втора верзија, а отидовне на референдум со трета верзија и тоа треба граѓаните да го знаат, а инпутациите, можеби и утре ќе слушаме во средствата за јавно информирање - ете, ВМРО беше против референдум, ВМРО не му мисли добро на македонскиот народ, ВМРО се вакви, ВМРО се такви. Еднаш треба да престанеме во името на демократијата, како што рече претседателот. Секој треба да го почитува мислењето на секого. Јас го почитувам мислењето на господинот претседател и во многу нешта се согласувам со него. Меѓутоа, се согласувам и со мојот претседател во некои размислувам. Таков сум. Не се согласувам во целина со господинот претседател, ниту со господинот Љупчо Георгеивски. Тоа е демократија. Кога ќе се научиме кога ќе тргнеме од буквата Д) од денес натаму, тогаш во Македонија ќе има демократија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, да не ги шириме темите, ова нема крај. Молам, кој друг бара збор?

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа, да кажам само две реченици околу референдумот. Многу е неблагодарно сега да се толкува како било, што било. Впрочем, нашите седници беа цело време јавни и се знае како беше целата процедура. Станав да кажам само во однос на тоа што го кажа господинот Стојков дека стануваше збор само за два концепти, два различни концепта кон приодот. Едниот беше да се оди преку уставен закон за раздружу-вање, а тој уставен закон за раздружување - што е точно ова што го кажа господинот Георгиевски, да се потврди потоа на референдум, а другиот беше да се донесе устав заради тоа што и ден денес држи оценката која што е илјада пати после тоа повторена дека уставниот закон за раздружуваље, пакетот на мерки за кои што зборуваше господин Георгеивски итн. и ден денес имаат третман на еднострани акти, што си носи свои тешки последици, а дека Уставот кој што го донесовме се смета за најубоитото мирнодобско средство со кое што се проектира држава по сите теркови на оние држави кон кои што сакаме да се придружиме и да не признаат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тие стари работи стие ги знаат. Што ќе ги повторуваме сега овде?

Дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Со оглед на поднесената оставка констатирам дека на Љупчо Георгиевски му престанува функцијата потпретседател на прет-седателот на Република Македонија по негово барање.

Согласно член 10, став 3 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија, функцијата потпретседател на претседателот на Републиката се врши до одржувањето на нови избори.

Имајќи го ова предвид, предлагам Собранието да заклучи да се покрене постапка за избор на потпретседател на претседателот на Ропублика Македонија.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака?

За предлогот гласаше 81 пратеник.

Дали има некој против? (еден пратеник)

Дали некој се воздржуаа од гласање? (тројца пратеници)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Преминуваме на 40-тата точка - Оставка на потпретседателот на Собранието на Република Македонија Драги Арсов. Оставката ви е доставена. Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, пратеници, тешко е нешто повеќе да се рече по опширното и исцрпно образложение што го даде господинот Љупчо Георгеивски по повод својата оставка како и по концизното излагање што го имаше министерот, господин Димитар Димитровски, а исто така и по дискусиите овде што уследија по тој повод. Но, овде морам да кажам дека јас и натаму останувам на тој став дека ние овде треба да ги почитуваме разликите во мислењето, во политичкото верување, затоа што само како остварување на тоа право го разбирам и правото на демократијата и работата на овој повеќепартиски

Парламент.Во оваа прилика можам да речам дека целосно ги подржувам изречените и наведените ставови и причини, оценки и образложенија што ги наведоа како мотиви во својата оставка господинот Лупчо Георгиевски и министерот господин Димитар Димитров. Но сепак иако треба нешто накратко повеќе да речам за моите мотиви, за оставката, тогаш дозволете ми да ве потсетам на една мисла, што во една прилика ја изрече еден познат писател Макс Фриш, имено кога го прашале новинарите зошто се повторува, тој им одговорил се повторувам затоа што сметам дека не сум доволно разбран.

Во тој контекст сакам да бидам сватен, ако веќе некој работи што беа веќе речени овде ќе ги повторам, но овој пат како мои погледи за актуелната политичка состојба во каја се наоѓаме и за која ние баравме да се води расправа по повод нашите оставки, како и за некои мои забележувања во однос на водењето на политиката во Македонија, од нејзиниот државен врв, а посебно за начинот на работењето во Македонскиот парламент.

Сметам дека не сме далеку од вистината, ако речам дека со работата на Собранието очигледно се манипулира пред целокупната македонска јавност, во која голем удел има, не само актуелниот - претседател на Собранието, туку и така наречениот лев блок со нео-комунистичко обележје кој го обезбеди мнозинството гласови и на кој начин ја наметна контролата на македонската државна власт и нејзината политика.

Во овој момент со жалење можам да констатирам дека во Република Македонија е извршен пуч, како што тоа го рече и госпо-дин Љупчо Георгиевски врз македонската демократија и тоа во оној момент кога од страна на претседателот на Република Макеоднија не беше прифатен кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ за премиер на Македонската Влада и практично со тоа не се создадоа потребните услови партијата ВМРО-ДПМНЕ, односно оној дел од Македонскиот народ со поинакво политичко уверување да биде ставен во рамноправна положба да учествува во власта и развојот на демоктските процеси на Македонија.

Со ваквата позиција со која ВМРО-ДПМНЕ се исклучи од рамномерното учество во највисоката државна власт од страна на партиите од нео-комунистичкиот блок и силите што стојат зад него, практично тие насилно го присвоија правото за формирање на таканаречена експертска влада, која според мене не е ништо друго туку марионетска и обезбедија монопол над власта и сметам дека на тој начин, а тоа е и моето длабоко уверување дека уште во самиот став, по првите повеќепартиски избори во Македоиија се изврши суспензија на штотуку започнатата демократизација што впрочем го покажа и досегашната практика.

Имено, сите веќе знаеме дека Македонија моментално е тотално блокирана во сите свери во животот, со опустошено стопанство кое се наоѓа пред колапс, со затворени граници, ограбени девизни штедни влогови, со туѓа и окупациска војска итн. и што е најтешко за македонскиот човек, тоа е опаѓањето на неговиот животен стандард, бедата и сиромаштијата и згора на сето тоа крајно загрижувачки впечаток остава што претставниците на актуелниот државно политички врв на Македонија и натаму не ги согледува причините кај себе, туку и натаму вината ја бара на друго место, измислува некакви надворешни причини и внатрешни дежурни виновници, што е очнгледна потврда на одамна познатите Сталинистички рецепти.

Во прилог на ваквите мои видувања, сакам да потсетам дека во една ваква ситуација повеќе за мене неприфативо е да остане дури ни на маргините на постојната државна власт, посебно што припаѓам на партијата со најмногу усвоени пратенички места во овој Парламент и го исклучувам моето соучество во крајно ане-мичната политика, контролирана од партиите што ја имаат таквата позиција, па затоа ниту сакам да ја споделувам одговорноста од катастрофалннте последнци што веќе се на повидок.

Во основа во тие рамки се сместени и мотивите на оставката што ја поднесувам. Но сепак, сакам уште нешто да додадам и да потсетам како неоспорен факт во однос на ставовите на ВМРО-ДПНЕ по одделни актуелни политички прашања во земјата и разврската на Југословенската криза. Лично мислам дека никогаш немало битни промени, нивната исправност секогаш се потврдувала низ практиката почнувајќи од нашето залагање дека Југославија треба да се распадне, што сега тоа е непобитна стварност, потоа дека е нереално одржувањето на некаков минимум заеднички функции на ниво на федерацијата, зошто секогаш се залагавме дека ваквите и слични тврдења водат кон повампирување на унитаризмот и велико српскиот хегемонизам, наспроти она што ние го баравме целосно признавање на темелните права на секоја држава, а пред се правото на самоопределување до отцепување и здружување со други држави.

Од тие причини секогаш сме се залагале дека легитимното право на секоја држава од сега веќе бившата СФРЈ е самостојно да ги донесува и усвојува своите државно правни акти за прогласување на сопствената сувереност, самостојност и независнот и тоа овде го баравме за да ги разгледавме и префатиме и длабоко бевме уверени час побрзо тоа да го стори Македонија што сека сакала или не тоа мора да го прави. Но за жал наместо по тој пат да се вгради Македонската држава неокомунистички сили, со контролата преку врвовите на македонската државна политика, тоа упорно го спречуваа, налагајќи ја својата волја токму во овој Парламент во кој пратеничката гурпа на ВМРО-ДПМНЕ и беше присилена да го напушти во еден момент бидејќи за нејзе не прифатлив беше методот на надгласување и наметнување на една таква апсурдна политика, со која се сакаше да се прифатат дури и такви заклучоци на Собранието според кој државно правните акти за суверености и независноста на Словенија и Хрватска се нарекуваа еднострани акти, а чинот на прогласувањето на самостојноста што сега истото и Република Македонија го бара сакаше да се прикаже како едностранен чин со кој се урива единството на Југославија.

Ние не сакаме да ја сносиме одговорноста за таквата политика која за жал овде упорно се поддржуваше и која како што на сите добро ни е познато ја охрабри Југо-армијата која се стави во служба на велико српската политика за потоа најотворено да си го покаже своето агресивно лице со инвазијата што ја изврши токму врз тие Републики што претходно се обвинуваа дека наводно усвоиле еднострани акти за својата сувереност и самостојност и како такви се прогласија за виновници и разбивачи на единството на Југославија. Потоа знаеме ги снајде она што го шокира целиот свет, стравичните разурнувања и жртвите добро ни се познати. И по сето ова ако треба да се запрашам зошто оставка? Оставка затоа што не се согласувам при една ваква ситуација актуелната македонска државна политика која на очиглед на целата македонска јавност и натаму премолчува како што тоа го рече и господин Љупчо Георгиевски дека со околу нека бидат 5, 6 илјади

војници, нека не бидат 20 илјади војници од Македонија, фактички учествуваат во оваа крвава и валкана војна во Ховатска, а пред тоа и во Словенија со сето оружје што одовде го однесе југо- армијата заедно со воздухопловните ескадрили и сиот воен арсенал од аеродоромот во Петровец, со нафата од резервите од Македонија, за најпосле по сето ова, актуелниот државен врв како да не најде за потребо со ништо да се огради, ниту пак да иницира било каков собраниски акт со кој ќе се обезакони таквото учество.

Ќе спомнам само дека попусто беа предлозите од ВМРО-ДПМНЕ законските акти од областа на одбраната и безбедноста да бидат усвоени час побрзо и на тој начин Македонија да даде до знаење дека за оваа Република се ништавни и укинати сите уставни законски основи, дека се раскинати сите државно-правни акти со СФРЈ со кои за жал сеуште југо-армијата и сојузното редуцирано претседателство манипулира и ја оправдува својата агресија.

Наместо тоа, сведоци сме со силата на монополот за средствата за информирање кој и натаму е под строга контрола на спомнатата политика на Македонија, секојдневно врши перење на мозоци на граѓаните во Македонија, дека наводно Републиката со ништо не придонела за оваа валкана војна и дека е за мирно решавање на југо-кризата и дека тука е некаква оаза на мирот, иако сите знаеме за мртовечките сандаци на бројните и небројните жртви што ги однесе таа војна кои жртви како што го слушнавме господинот Љупчо Георгиевски што го потенцира се многу поголеми од оние кои Словенија ги даде за извојување на својата сувереност.

Понатаму за мене неприфатлива е манипулацијата што се врши со работата на Македонскиот парламент, како и со веќе на очиглед на целата македонска јавност, изигрувањата што се вршат со парламентарната демократија. Досега речиси никогаш парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ и покрај бројните иницијативи што ги поднесуваше неуспех ниедна од нив да постави на дневен ред што очигледно покажуваше дека работата на македонскиот парламент се одвива преку некој однапред режирано сценарио во Парламентот. Ние сите сме сведоци на таквите сценарија што е сосема оправдано, но и со крајна немоќ пратениците од ВМРО-ДПМНЕ не еднаш укажуваа дека се манипулира со работата на Собранието и со водењето на собраниските седници, но попусто. Тоа беше само глас во пустиња. Зошто? Затоа што поинаку не можевме да објасниме како можеше во почетокот по конституирањето на власта толку долго да се чека на иницијативата за донесување на новиот устав на Македонија, се додека блокадата најпосле не попушти под притисокот на македонската јавност и пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, чии предлог текст во иницијативата на уставот во последен момент не беше одфрлена, за потоа да се прифати изрежираната постапка за донесувањето на Уставот, се разбира по иницијативата на претседателот на Републиката онака како што однапред мораше да биде, според возниот ред што важеше само за актуелниот претседател на Собранието, бидејќи според овој возен ред за никакви рокови воопшто не можеше да се зборува, ниту пак за некаков друг начин ва работење од оној што беше наметнат со принципот на надгласување. Добро е што тоа го виде и сета македонска јавност. Добро е и тоа што според волјата на поединци се отиде дотаму што еден веќе усвоен амандман, кој стана амандман на Собранието и составен дел на новиот Устав на Македонија, повторно се прегласи што верувам ваков преседан не е направен во ниту еден парламент во светот. Но добро е и тоа што се

случи ќе речам, бидејќи не ќе можеше јавноста дека една ваква политика која ја контролира власта во Македонија не бира никакви начини и средства за да ги оствари своите цели. Коментар мислам дека не е потребен, бидејќи според сето ова што го прави оваа политика, олицетворена е и преку ликот на претседателот на Собранието, не е ништо друго туку продолжување на еден веќе постојан континунтет од поранешниот систем и во тој стил се наметнува инертноста во толкувањето на Собраниската процедура со присвоеното апсолутно лучно право во однос на толкувањето на Деловникот за работата на Собранието закажувањето и откажувањето на собраниските седници и одредувањето на дневните редови, па се до коментарите што следат од претседателскиот микрофон по секоја дискусија на одделни пратеници итн. итн.

Од ваквите методи и стил на работењето на Собранието се разбира, се оградував колку можев, го изземав своето гласање при одлуките што ги донесуваше таканареченото претседателство на Собранието чин состав не случајно е со 4 потпретседатели, со што крајно се девалвира оваа функција, бидејќи толкав број пот-претседатели нема речиси ниеден парламент, а целите се сосема јасни, со надгласување да се спречи се она што ќе се предложеше и што ќе го предложев, ако тоа не и одговараше на актуелната полнтика во Македонија.

Никогаш досега како потпретседател не можев на дневен ред да поставам на дневен ред ниту една точка, посебно ако таа беше иницирана од ВМРО-ДПМНЕ. Според тоа, пред сета Македонска јавност сметам дека само заради блокираната положба во која што се најдов како потпретседател во Претседателството на Собранието беше доволна причина за оставката  без да наведувам какви други причини.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Со оглед ва поднесената оставката молам Собранието да констатира дека на Драги Арсов му престанува функцијата потпретседател на Собранието,според негово барање.

Предлагам Собранието да ја задолжи Комисијата за прашања на изборите и именувањата да покрене постапка за избор на потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (72)

Кое е против (1)

Кој е воздржан (2)

Констатирам дека овој предлог е усвоен.

Седницата да ја продолжиме на 10 декември (вторник) во 10,00 часот.

Седницата заврши во (24,10 часот.)